**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 463

**ГОДИНА XXXX, Битола, 01.11.2019 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Гордана Трајкоска, проректор
Економски факултет-Прилеп

Проф. д-р Љупче Кочоски, проректор
Факултет за биотехнички науки – Битола

Проф. д-р Игор Неделковски, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Марјан Ѓуровски, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
„Св. Климент Охридски" – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
Упатство за студентска анкета на Универзитетот и единиците

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-ПРИЛЕП**

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа:
Друго/Менаџмент ........................................................................................................ 1
Извештај за оценка на докторската дисертација поднесена од кандидатот
м-р Маринела Тодоровска ........................................................................................ 17
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Елена Тоне ......................................................................................... 30

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД**

Реферат за избор на наставник од научните области 50326 Финансии и 50329 Друго ............ 31
Реферат за избор на наставник од научните области: Деловно право 50824, Царински систем и
царинска политика 50833 и Друго 50835 ............................................................ 38

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ- СКОПЈЕ**

Рецензија на учебникот „Социјална патологија“ од авторите проф. д-р Саше Герасимоски,
проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски ........................................ 46
Рецензија на „Меѓународно јавно право“ (практикум)
од авторот д-р Марија Миленковска ........................................................................ 60
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд и определување ментор
на кандидатот Јулија Поповска Александровска ..................................................... 65

**ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ-БИТОЛА**

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Благоја Ристески ............................................................................... 66

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**

Рецензија на учебникот „Критичка писменост“ од авторот
вонр. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска ...................................................... 67

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ- БИТОЛА

Реферат за избор на наставник од областите: 50602- Менаџмент системи, 50623- Претприемништво и 50624 – Друго (Организациско претприемништво, иновациски менаџмент)........................................................................................................................ 70
Реферат за избор на доцент од научната област 64004 - Англистика .................................. 84
Рецензија на учебникот „Интелектуален капитал и конкурентност”
од авторот вонр. проф. д-р Божидар Миленковски ................................................................ 94

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО

Реферат за на наставник во сите наставно-научни звања во научните области
Општа криминалистичка теорија (51600) и Друго - Безбедносни науки (51610) .................... 98
Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања
во научната област „Казнено право“ (50804) .......................................................................... 118
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Стефан Стојанов .............................................................................................. 128
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Стефан Јошевски ............................................................................................. 129
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Хадиса Малиќи ................................................................................................ 130
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Кети Штерјоска ............................................................................................... 131
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Емилија Димитријеска .....................................................................................132
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Наталија Василевска ....................................................................................... 133
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Александар Маринковски ............................................................................... 134

## ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Благој Илиевски ............................................................................................... 135
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд
на кандидатот Димитар Тутковски ......................................................................................... 136

**Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола**

# УПАТСТВО ЗА СТУДЕНТСКА АНКЕТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДИНИЦИТЕ




**Битола, 2019 година**




**СОДРЖИНА**

| | | |
|---|---|---|
| **I.** | **Студентско анкетирање преку iKnow системот – значење, предмет и цел** | **2** |
| **II.** | **Видови и содржина на анкетните прашалници..............................................** | **2** |
| **III.** | **Анкетна сесија ........................................................................................** | **4** |
| **IV.** | **Начин на спроведување на студентското анкетирање..................................** | **4** |
| **V.** | **Начин на пополнување на анкетните прашалници........................................** | **4** |
| | **ПРЕПОРАКИ ДО СТУДЕНТИТЕ.........................................................................** | **13** |



Врз основа на член 94 точка 43, во врска со член 55 став 5 од Законот за високото образование, член 193 и член 283 точка 21 од Статутот на Универзитетот, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 174-та седница одржана на ден 30.10.2019 година, го донесе следното

# УПАТСТВО ЗА СТУДЕНТСКА АНКЕТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ЕДИНИЦИТЕ

## УПАТСТВО ЗА СТУДЕНТИ ЗА СТУДЕНТСКО АНКЕТИРАЊЕ ПРЕКУ IKNOW СИСТЕМОТ

### I. Студентско анкетирање преку iKnow системот – значење, предмет и цел

Системот за обезбедување квалитет овозможува континуирано следење на квалитетот во работењето на Универзитетот и негово обезбедување, преку:

- Самоевалуација
- Студентска анкета
- Рангирање
- Примена на ISO 9001:2015 стандардот
- Други постапки и процедури.

Студентите се клучните чинители за практичната реализација на дејноста на Универзитетот и според тоа, резултатите од студентското анкетирање имаат особено значење за одржувањето и подигнувањето на квалитетот во универзитетското работење.

Студентското анкетирање е задолжителна законска активност преку којашто студентите, со употреба на стандардизирани анкетни прашалници, го оценуваат квалитетот на студиските програми и наставно-научниот и соработничкиот кадар.

Преку студентското анкетирање, односно реалните и објективни одговори на анкетните прашалници, студентите го обезбедуваат активното учество во процесите на подобрување на условите за студирање и целокупната дејност на Универзитетот, а со тоа и остварување на крајната цел – зголемување на нивото на квалитет.

Студентската анкета на единиците се спроведува пред запишувањето на секој семестар (со исклучок на првиот семестар).

Студентското анкетирање е задолжително за сите студенти од сите академски години, на сите три циклуси.

Студентското анкетирање се спроведува по електронски пат, преку посебен модул во рамките на iKnow студентскиот сервис.

Доколку се појават објективни потешкотии, студентското анкетирање може да се спроведе и преку пополнување хартиени анкетни прашалници, и мануелна обработка на собраните податоци.

Студентското анкетирање е анонимно, без разлика на начинот на којшто тоа се спроведува.

## II. Видови и содржина на анкетните прашалници

Студентското анкетирање се реализира со пополнување на електронски анкетни прашалници кои се разликуваат за одделни циклуси на студирање.

Студентите на прв циклус студии пополнуваат три вида анкетни прашалници, и тоа:

- Анкетен прашалник за оценување на наставно-образовната дејност на наставникот,
- Анкетен прашалник за оценување на наставно-образовната дејност на соработникот, и
- Анкетен прашалник за оценување на студиска програма.

Студентите на втор и трет циклус студии пополнуваат еден вид на анкетен прашалник:

- Анкетен прашалник за оценување на квалитетот на студиските програми и наставно-образовната дејност на академскиот кадар на втор и трет циклус студии.

Содржината на анкетниот прашалник за оценување на наставно-образовната дејност на наставникот вклучува оценување на:

I. квалитетот на наставата
II. односот на наставникот кон студентите
III. оценувањето на студентите

Содржината на анкетниот прашалник за оценување на наставно-образовната дејност на соработникот вклучува оценување на:

I. квалитетот на педагошката работа
II. односот на соработникот кон студентите

Содржината на анкетниот прашалник за оценување на студиската програма вклучува оценување на:

I. квалитетот на студиската програма
II. организацијата и реализацијата на студиската програма
III. условите за студирање на факултетот/високата школа.

Содржината на анкетниот прашалник за оценување на квалитетот на студиските програми и наставно-образовната дејност на академскиот кадар на втор и трет циклус студии вклучува оценување на:

А) Квалитетот на студиската програма на втор, односно трет циклус:

I. квалитетот на содржината на студиската програма

II. организација и реализација на студиската програма

III. условите за студирање на факултетот/високата школа

Б) Квалитетот на наставниците:

IV. квалитетот на наставата

V. односот кон студентите

VI. оценувањето на студентите.

## III. Анкетна сесија

Студентската анкета на единиците се спроведува во рамки на активна анкетна сесија, и тоа пред запишувањето на секој семестар (со исклучок на првиот семестар).

Студентот добива известување за отворањето на анкетната сесија на својата електронска адреса со домен *@uklo.edu.mk*.

Анкетната сесија е активна само во одреден период за сите единици на Универзитетот, којшто, во зависност од потребите, пред секој семестар, се определува од страна на Универзитетската комисија за самоевалуација.

## IV. Начин на спроведување на студентското анкетирање

При одбирање на определена анкета за одговарање, на студентот му се презентираат прашањата од анкетата на кои може да се одговори со оценка од 1 до 5. Пополнувањето на секое прашање се прави со кликнување врз опцијата што кореспондира на едно од полињата на скала од 1 до 5, за секој од наведените искази.

Значењето на одделните оценки на скалата е следново:

1 = незадоволително/не, воопшто не се согласувам

2 = главно не се согласувам

3 = ниту се согласувам, ниту не се согласувам

4 = главно се согласувам

5 = одлично/да, во целост се согласувам

Одредени прашања нема да се покажуваат доколку студентот не исполнува даден услов (на пример: присуство на предавања, полагање на колоквиум/испит).

Анкетните прашалници за наставниците/соработниците се однесуваат само за оние наставници/соработници чии предмети студентот ги запишал (слушал) во претходниот семестар.

Наставникот/соработникот на кој се однесува анкетниот прашалник нема пристап до одговорите на поставените прашања.

## V. Начин на пополнување на анкетните прашалници

Студентот се најавува на iKnow системот со својата e-mail адреса и лозинка на следниот линк: [https://iknow.uklo.edu.mk/Account/Login.aspx](https://iknow.uklo.edu.mk/Account/Login.aspx)

Анкетирањето е целосно анонимно, со тоа што при одговарање на прашањата се зачувуваат само одговорите, а не и податоците за студентот кој одговарал. Сервисот за анкетирање е наменет за студентите на прв, втор и трет циклус студии и анкетните прашалници се пополнуваат задолжително при уписот на семестар, за предметите од претходниот семестар, и тоа: при упис на зимски семестар (септември) се пополнуваат анкетни прашалници за изминатиот летен семестар, а при уписот на летен семестар (февруари) се пополнуваат анкетни прашалници за изминатиот зимски семестар.

Студентот, оние прашања за коишто не е сигурен во одговорот, може да ги остави празни (неодговорени) и да премине на следно прашање со притискање на копчето „**Следно**“, а може и да го промени одговорот на некое прашање со притискање на копчето за навигација „**Назад**“. На крајот на секој анкетен прашалник се притиска на копчето „**Зачувај**“, со што одговорот за тој предмет/наставник/соработник е конечен. Со истата постапка се продолжува и за сите предмети/наставници/соработници.

По успешното најавување во iKnow системот, студентот треба да кликне на „Анкети“:




Потоа се појавуваат анкети за сите предмети што студентот ги слушал во изминатиот семестар, како и анкета за студиската програма. Се појавува порака за анонимноста на анкетата и бројот на анкети што треба да се одговорат:



За оценување на академскиот кадар и на соработниците, се притиска на прозорецот со името на соодветниот предмет.

Доколку некој предмет го предаваат повеќе наставници или, пак, вежбите ги одржуваат повеќе соработници, од паѓачката листа се избира наставникот/соработникот кај кој студентот посетувал настава/вежби по дадениот предмет. Потоа се притиска на копчето „**Започни**“, како што е прикажано на наредните слики:









На крајот од секој анкетен прашалник се појавува т.н. отворено прашање наменето за впишување коментари, дополнително мислење, забелешки, сугестии и сл., како што е прикажано на следната слика:




По завршување на сите прашања од секој прашалник, се притиска на копчето **„Зачувај“**:



По завршување со анкетниот прашалник за наставниот кадар се пополнуваат анкетните прашалници за соработниците, за оние предмети по кои се ангажирани соработници. Чекорите за одговарање се прикажани на следните слики:












На крајот на прашалникот се притиска на копчето „**Зачувај**“:




Покрај пополнување на претходно наведените анкетни прашалници, студентот пополнува анкетен прашалник за студиската програма на којашто студира, со притискање на копчето „**Започни**“:


Анкетен прашалник
за студиска
програма


Анкетен прашалник за студиска програма
Број на прашања: 20
Започни »


страна: 1/10
Анкетен прашалник за студиска програма
Програмата е современа и атрактивна
1 2 3 4 5
Програмата овозможува стекнување соодветни знаења и вештини, во согласност со стручниот профил
1 2 3 4 5
« Назад
Следно »
1 - Не / Воопшто не се согласувам
2 - Главно не се согласувам
3 - Ниту се согласувам, ниту не се согласувам
4 - Главно се согласувам
5 - Да / Во целост се согласувам




По завршување со последното прашање од овој прашалник, студентот може да напише коментари, сугестии и забелешки:



По завршување на сите прашања и од овој прашалник, студентот притиска на копчето **„Зачувај“**:




Доколку при пополнување на електронските студентски анкети студентот се соочи со каков било проблем од техничка природа, тој треба да се обрати до лицето задолжено за одржување на iKnow системот на единицата.

Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Вонр.проф. д-р Светлана Вељановска с.р.

Претседател на Сенат

## ПРЕПОРАКИ ДО СТУДЕНТИТЕ

- Пополнувањето на анкетните прашалници треба да биде непристрасно и објективно.

- Пополнувањето на анкетните прашалници правете го во мирна, пријатна средина.

- Ве молиме посветете доволно време за пополнување на анкетните прашалници, бидејќи вообичаено би требало да пополните околу 8 (осум) анкетни прашалници за ислушани 5 (пет) предмети.

- При пополнување на анкетните прашалници, препорачливо е да не бидете во присуство на Ваши колеги студенти, наставници/соработници или други лица кои, од кои било причини, можат да влијаат врз Вашето објективно расудување.

- За дополнително објаснување во врска со начинот на пополнување на анкетните прашалници, консултирајте се со студент кој веќе успешно ги пополнил истите.



# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА: ДРУГО/МЕНАЏМЕНТ
## НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП
## ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ − БИТОЛА

Врз основа на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа: друго/менаџмент, на Економскиот факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, објавен на 6 септември 2019 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп со одлука бр. 02-798/2 од 18.09.2019 формира рецензентска комисија во состав:

- д-р Марјан Ангелески - вонреден професор на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ − Битола
- д-р Снежана Мојсовска Саламовска - редовен професор на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ − Битола
- д-р Маргарита Јанеска - редовен професор на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ − Битола

Врз основа на член 173 став 8 од Законот за високото образование, како и чл. 31 и чл. 32 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и по разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа: друго/менаџмент, објавен од страна на Економскиот факултет – Прилеп во дневните весници „Лајм“ и „Нова Македонија“ од 6 септември 2019 година, се пријави само кандидатката доц. д-р Моника Ангелоска-Дичовска.

Врз основа на поднесената пријава, како и другите расположливи документи, комисијата ги изнесува следниве констатации:

## 1. Биографски податоци

Кандидатката д-р Моника Ангелоска-Дичовска е родена на 31.5.1979 година во Битола. Средно економско училиште завршила во Битола, а дипломирала во 2003 година на Економски факултет - Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ − Битола. Постдипломските студии ги продолжила на истиот факултет, каде што на 10 ноември 2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Трговските бариери во земјоделството и реформите на меѓународниот трговски систем“ и се стекнала со звање магистер по меѓународна економија и бизнис. Докторската дисертација ја пријавила на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во 2011 година, на

тема „Однесување на интернет потрошувачите и стратегискиот пристап во електронскиот бизнис“, и успешно ја одбранила на 11 ноември 2014 година, при што се стекнала со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик, располага со организациски вештини и способности, а од компјутерските вештини има одлични познавања од пакетот Microsoft Office.

## 2. Резултати и искуство во наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Моника Ангелоска-Дичовска првите почетоци во наставно-образовната дејност ги започнува во академската 1999/2000 година, кога за време на нејзините додипломски студии како **демонстратор** ги изведувала практичните вежби по предметот информациона техника и технологија на Економски факултет – Прилеп.

Активната академска кариера ја започнува во септември 2007 година како **помлад асистент** на група предмети од областа на бизнисот и менаџментот на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ − Битола. Во 2010 година на истиот факултет е избрана во соработничко звање **асистент** и во 2012 година реизбрана во истото соработничко звање на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи, каде што работи до септември 2014 година.

Од септември 2014 година нејзината работа во наставно-образовната дејност продолжува како асистент на Економскиот факултет − Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ − Битола до април 2015 година, кога е избрана за наставник во звање **доцент** од областа друго/менаџмент.

Во периодот од 14 до 18 декември 2015 година реализирала **студиски престој** преку Еразмус+ мобилност на наставници на Економскиот факултет во Стара Загора, Тракиски универзитет, Бугарија.

Во наставно-образовниот процес д-р Моника Ангелоска-Дичовска од изборот на доцент до денес ги реализира предавањата, вежбите и испитите на Економскиот факултет – Прилеп на следниве наставни дисциплини:

- **Наставни предмети на прв циклус студии:**
  - Иновациски менаџмент
  - Бизнис планирање
  - Вовед во бизнис

- **Наставни предмети на втор циклус студии:**
  - Стратегиски менаџмент – напредно ниво

- **Наставни предмети на трет циклус студии:**
  - Корпорациски иновации и меѓународен бизнис
  - Стратегиски менаџмент

Кандидатката Ангеловска-Дичовска исто така реализирала предавања и испити по предметот бизнис планирање на англиски јазик на прв циклус студии на Економскиот факултет − Прилеп за студенти од странство преку Еразмус+ програмата.

Била ментор и член во комисии за изработка и одбрана на дипломски трудови, како и дел од комисии за подобност, оценка или одбрана на магистерски трудови, а подготвувала и мислења по авторезиме на докторски дисертации. Рецензирала повеќе научно-истражувачки и стручни трудови во земјата и странство.

Кандидатката д-р Моника Ангелоска-Дичовска континуирано и активно ги ангажира и ги менторира студентите. Имено, реализирала повеќе студентски менторства во реализација на проектни активности со бизнис-заедницата и факултетот, учествувала како ментор на студенти во изработка на бизнис-планови за натпревар, а ги координирала и ги подготвувала студентите за учество на ораторски натпревари.

Успешноста во реализацијата на наставно-образовната дејност се потврдува со добиените резултати од студентските анкети за самоевалуација во периодот на ангажираност на кандидатката во наставно-образовниот процес на Економскиот факултет − Прилеп. Од објавените извештаи за самоевалуација на факултетската анкета, за сите академски години има добиено просечна оценка повисока од 4.80. Со ова се потврдува високиот квалитет во реализацијата на наставно-образовната дејност на кандидатката, како и професионалниот и коректен однос со студентите.

## 3. Резултати од научно-истражувачката дејност

Кандидатката д-р Моника Ангелоска-Дичовска има постигнато значајни резултати и во научно-истражувачката дејност преку објавување, самостојно или во коавторство на научни и стручни трудови, учество на меѓународни конференции и сл. Имено, кандидатката е автор и/или коавтор на погилем број рецензирани научни трудови објавени во референтни меѓународни списанија, меѓународни научни публикации или презентирани на конференции во земјата и странство.

Дел од трудовите се објавени на Google Scholar, Research Gate и/или ePrints. Од објавените трудови на овие платформи се нотирани повеќе цитирања на кандидатката во периодот од 2014 до 2018 година. Од последниот избор во доцент до денес автор е на 12 научни трудови објавени во референтни публикации, како и автор на други стручни/ професионални статии во домашни или странски публикации.
https://scholar.google.com/citations?user=0uKRl1QAAAAJ&hl=en
https://www.researchgate.net/profile/Monika_Angeloska
http://eprints.uklo.edu.mk/view/creators/Angeloska-Dichovska=3AMonika=3A=3A.html

**Објавени трудови во периодот од изборот во доцент до денес**

1. Petrevska Nechoska R., **Angeloska-Dichovska M**.: „Multi Creation“ – participatory learning approach for business – academia collaboration, *3nd International Scientific Conference »Teaching Methods for Economics and Business Sciences*, Faculty of Economics and Business of the University of Maribor, Slovenia, 13 - 17 May 2019, Maribor (http://press.um.si/index.php/ump/catalog/view/408/403/682-5)
2. Tosheva, E. & **Angeloska - Dichovska M**.: „Exploring Entrepreneurial Motivations and Barriers: A Study of Women Business Owners in the Republic of Macedonia“ *Annals of 'Constantin Brancusi' University of Targu-Jiu. UCB Annals No.6/2018 Economy Series*. ISSN 2344-3685, ISSN-L 1844-7007. (*индексиран во EBSCO и други*)

http://www.utgjiu.ro/revista/ec/pdf/2018-06/03_Tosheva.pdf?fbclid=IwAR1d6JtBh21HU-ENj5SLPwInjmjv7eCrdZW-ccY9qx53X4F2XGYekazaVUI

3. **Angeloska-Dichovska M.** & Boskoska M.: Innovation and Financial Support in Function of Improving the Competitiveness of SMEs, *Horizons-International Scientific Journal, Year XII, Volume 22, November 2018*, Bitola:117-131 http://uklo.edu.mk/filemanager/HORIZONTI%202018/Serija%20A/konecen%20trud%20p10.pdf?fbclid=IwAR1xg_vp5qfpsYX0jQMDl0-B3URCXI18i8KubiXhOX3S8L1ofB6Sokl1q3I
4. **Ангелоска – Дичовска М.:** Водич за развој на политики за граѓански организации 2018, како дел од *проектот* „Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика“ *(WE-Contribute),* финансиран од Европската Унија, спроведуван од Фондација за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружение на бизнис жени и ГТФ Иницијативата за одржлив раст од Хрватска. (https://wecontribute.mk/wp-content/uploads/2018/12/GuideWeContributeV3-1.pdf)
5. **Ангелоска-Дичовска М.**: Три економски анализи за женско претприемништво јуни, 2018, септември 2018, декември 2018, како дел од „WE-Contribute“, финансиран од Европската Унија, спроведуван од Фондација за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружение на бизнис жени и ГТФ Иницијативата за одржлив раст од Хрватска. (https://wecontribute.mk/wp-content/uploads/2018/10/1.-Ekonomska-analiza-za-zensko-pretpriemnistvo-Juni-2018.pdf; https://wecontribute.mk/wp-content/uploads/2018/10/Ekonomska-analiza_-2-ZP-Septemvri-2018-2.pdf; https://wecontribute.mk/wp-content/uploads/2018/12/Ekonomska-analiza-za-zensko-pretpriemnistvo-Dekemvri-2018.pdf)
6. **Ангелоска-Дичовска М**.: Две кратки политики за женско претприемништво 2018 (Policy Brief for Women Entrepreneurship 2018), како дел од проект „WE-Contribute“, финансиран од Европската Унија, спроведуван од Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружение на бизнис жени и ГТФ Иницијативата за одржлив раст од Хрватска. (https://wecontribute.mk/wp-content/uploads/2018/10/1.-Policy-brief-Juni-2018.pdf; https://wecontribute.mk/wp-content/uploads/2018/10/Policy-brief-Septemvri-2018-1.pdf)
7. Trajkova – Najdovska N, **Angeloska-Dichovska M.**: Stylized Economic Facts of Transition, *Annals of the“ Constantin Brâncuşi“ University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 6/2017* (http://www.utgjiu.ro/revista/ec/pdf/2017-06/01_Trajkova.pdf) (*индексиран во EBSCO и други.*)
8. **Angeloska-Dichovska M.**, Jankulovski N.: Application of Balanced Scorecard Method in the Evaluation of e-Business Strategy, *Horizons-International Scientific Journal, Year XI, Volume 21, December 2017*, Bitola: 145-157 (http://uklo.edu.mk/filemanager/HORIZONTI%202017/Serija%20A%20br%2021/12.pdf)
9. **Angeloska-Dichovska M.,** Petkovska Mircevska T.: Challenges of the Company in the New Economy and Development of E-business Strategy, *International Journal of Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management, University of Novi Sad, Faculty of Economics in Subotica, Vol. 22, No. 2, 2017*, pp. 27-35, ISSN 1821-3448, UDC 005.21, ISSN 2334-6191 (online),

http://www.ef.uns.ac.rs/sm/archive/SM2017_2.pdf *(индексиран во Emerging Sources Citation Index, Index Copernicus, SCIndeks)*

10. **Angeloska-Dichovska M.,** Siljanoska J., Bojkovska K, Managing of Integrated Marketing Communication as a Key Factor in Creating Competitive International Tourist Offer: Case of Macedonia, *International Balkan and Near Eastern Social Science Conference Series (IBANESS), University of Agribusiness and Rural Development/Bulgaria, University "St. Kliment Ohridski" Faculty of Economics/Macedonia. March 04-05, 2017 Edirne, Turkey*.
11. Bojkovska K., Prodanovska Poposka V., Dojchinovski T., Jankulovski N., Mihajlovski G., **Angeloska-Dichovska M**., Najdovski B.: „Sustainable development and organic production as determinants of contemporary agro-industrial production", *XII International Symposium: Biodiversity and Sustainable Economic Development, December 21, 2016, Tirana, Albania*
12. **Angeloska-Dichovska M**., Bojkovska K., Siljanovska J.: Consumer Behavior and Challenges in the Strategic Planning of the Enterprises in the Digital Environment: Case of Republic of Macedonia, *International Balkan and Near Eastern Social Science Conference Series (IBANESS), Faculty of Economics Prilep, Macedonia, 29-30 October, 2016*
13. **Angeloska-Dichovska M.**, Petkovska Mirchevska T.: The Strategic Importance of the Business Environment for Development of e-Business in the Republic of Macedonia, Economic Development, *Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year. 18, No 1-2/2016* (ISSN 1857-7741 online) UDK-338, pp.25-39 (http://www.ek-inst.ukim.edu.mk/docs/Economic-Development-Year-18-no-1-2-2016.pdf) *(индексиран во EBSCO)*
14. Bojkovska K., **Angeloska-Dichovska M.**, Petkovska Mirchevska T., Jankulovski N., Petkovska T., Joshevska E. : Consumer behavior towards organic dairy products: case of Macedonia, *International Journal of Scientific and Engineering Research, IJSER, Volume 7, Issues 4, April 2016,* ISSN 2229-5518: 1264-1270, pp. 1264-1270 (http://www.ijser.org/onlineResearchPaperViewer.aspx?Consumer-behavior-towars-organic-dairy-products-case-of-Macedonia.pdf) *(индексиран во EBSCO, Thomson reuters и др.)*
15. Janevski Z., Bojnec S., Godnov U., Petkovska Mirchevska T., Angelova B., **Angeloska-Dichovska M**.,: Improvement of business competitiveness through developing G2B e-services in Slovenia and Macedonia, *Horizonts-International Scientific Journal, Year XI, Volume 17, September 2015*:33-43 (http://uklo.edu.mk/filemanager/Horizonti/HORIZONS%20vol.XVII%20Series%20A.pdf)

**Објавени трудови пред изборот во звање доцент**

1. Jankulovski N., Bojkovska K., **Angeloska Dichovska M.**: Capacity for Acceptance and Use of Pre-Accession Funds of the Republic of Macedonia, TEM Journal-Vol3/Number4/2014: 343-349 (http://www.tem-journal.com/archives/vol3no4.html)
2. Janevski Z., Bojnec S., Godnov U., Petkovska Mirchevska T., Angelova B., **Angeloska-Dichovska M.**: Business Benefits from e-Government Services: Case of Slovenia and Macedonia, Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year.16 No.3/2014:13-24
3. Blazekovic M. Stojkovska V., **Angeloska-Dichovska M.:** The use of m-banking in the Republic of Macedonia, Information systems & GRID Technologies, Eighth International Conference, 30-31 May 2014, Sofia, Bulgaria, ISGT'2014 Proceedings

4. Janevski Z., Bojnec S., Gondov U., Petkovska-Mircevska T., Angelova B., **Angeloska-Dichovska M.**: Some Aspects of the User Satisfaction from E-government Services in Macedonia and Slovenia, MIC 2013(Management International Conference): Industry, Science and Policy Makers for Sustainable Future, Book of Abstracts, University of Primorska, Faculty of Management, Koper, Slovenia, 21-23 November, 2013
5. Jankulovski N., Bojkovska K., **Angeloska-Dichovska M.:** Capacity for Acceptance and Use of Pre-Accession Funds of the Republic of Macedonia, REDETE Conference (Researching Economic Development and Entrepreneurship in Transitional Economies), Faculty of Economics, University of Banja Luka, RS-BiH, October, 25-27, 2012, pp:249-258, ISBN 978-99938-46-54-3
6. Petkovska-Mircevska T., Janevski Z., **Angeloska-Dichovska M.:** Importance of the Social Media and their Integration in the Internet Marketing Strategies of the Companies, Journal „E-Society Research and application" Vol.3, No.2, 2012": 43-49. (http://www.tfzr.rs/esociety/issues/eSocietyVol3No2.pdf)
7. Petkovska-Mircevska T., Janevski Z., **Angeloska-Dichovska M**.: Importance of the Social Media and their Integration in the Internet Marketing Strategies of the Companies, International Conference on Applied Internet and Information Technologies (ICAIIT 2012), Technical faculty „Mihajlo Pupin" Zrenjanin, University of Novi Sad, Sebia, Octomber 26th, 2012, Proceedings: 141- 144
8. Patoska A., Dimeski B., **Angeloska-Dichovska M.:** Business-oriented administrative reform in Macedonia and European countries: a comparative analysis, The 20th NISPAcee conference, University „St. Kliment Ohridski" Bitola, Ohrid , May 23-26, 2012
9. Bojkovska K., **Angeloska-Dichovska M.,** Jankulovski N.: "Iztrazivacko-razvojne aktivnosti u kontekstu strategijskog menadzmenta savremenih organizacija", XVII Internacionalni naucni skup SM 2012, Strategiski menadzment i sistemi podrske odlucivanju u strategiskom menadzmenta, Univerzitet u Novom Sadu, Ekonomski fakultet Subotica, Palic, 20 april, 2012 godina
10. **Ангелоска М.,** Маневски А., Котевска М.: Студии на случај од македонското претприемаштво, Македонски успешни приказни во бизнисот, Издание 1, БАС, 2011, Скопје, Збирка на студии: 41-43, 95-96, 113-116
11. **Angeloska-Dichovska M.:** „Liberalizacija u međunarodnoj poljoprivrednoj trgovini i smanjivanje siromaštva", XVI Savetovanje o Biotehnologiji sa međunarodnim učeščem, Univerzitet u Kraguevcu, Agronomski Fakultet- Čačak, 4-5 mart, 2011, Zbornik radova Vol.16.(18):631-634
12. **Angeloska-Dichovska M**., Jankulovski N.: „Klučni akteri i njihov uticaj u međunarodnoj poljoprivrednoj politici",XVI Savetovanje o Biotehnologiji sa međunarodnim učeščem, Univerzitet u Kraguevcu, Agronomski Fakultet- Čačak, 4-5 mart, 2011, Zbornik radova Vol.16.(18):645-649
13. Jankulovski N., **Angeloska M.**, Bojkoska K.: „Strateske politike jedinicama lokalne samouprave u pravcu stvaranja uslova za lokalni ekonomski razvoj", XII Međunarondni simpozijum Fakulteta organizacionih nauka, Symorg 2010, Zlatibor, 9-12 juni,2010 godina, str.144-145

14. **Angeloska M.** i Siljanoska J.: „Doha runda pregovora i poljoprivreda", XV Savetovanje o Biotehnologiji, Univerzitet u Kraguevcu, Agronomski Fakultet u Čačku, Čačak, 26-27 mart, 2010 godina, Zbornik radova Vol.15.(17):677-681
15. **Ангелоска М.** : „Светската трговска организација (СТО) и земјите во развој погледнати низ призмата на Доха рунадата на преговори", Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи – Битола, 2009, Зборник на трудови Година II бр.2:122-130
16. Siljanoska J., **Angeloska M**., Marinoski N.: „Standards for optimizations of Macedonian companies financial structure", X International Conference on: Firms Financial management- Theory and practice", Wroclaw University of Economics-Poland, 18- 20 may 2009, pp:343-350
17. Siljanoska J., Matinoski N., **Angeloska M.**, Ristovska M.: „Integreted marketing communications (IMC)- important factor for development of tourism in Republic of Macedonia", International Scientific Meeting, Department of Geography, Tourism and Hotel Management, University of Novi Sad, Faculty of Sciences Novi Sad, Serbia, 8- 12 October 2009, Зборник апстракта:40
18. Siljanoska J., Marinoski N., **Angeloska M.**: „IFRS- an imperative tool for decision makers at International Level in the Era of Economic Globalization", EBES 2009 CONFERENCE, Istanbul Turkey, 1-2 june 2009
19. Siljanoska J., **Angeloska M**., Marinovski N.: „Internet as strategic marketing tool of the commerce", 5- th International Conference, Faculty of economy- Tirana, Albania, 21-22 May 2009
20. **Angeloska M.**, Siljanoska J., Jankulovski N.: „Poljoprivredna trgovska politika i zemlje u razvoju", XIV Savetovanje o Biotehnologiji sa međunarodnim učeščem, Univerzitet u Kraguevcu, Agronomski Fakultet- Čačak, 27-28 mart, 2009, Zbornik radova Vol.14.(15):513-517
21. Патоска А., **Ангелоска М**.: „Скратувањето на административните процедури и трошоци значаен фактор во подобрување на бизнис климата во Република Македонија", Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, Факултет за администрација и менаџмент на инфомациски системи – Битола, 2008, Зборник на трудови Година I бр.1:79-87
22. Petkovska K., Jankulovski N., Arapceska M., **Angeloska M**., Gjorgievski B.: „Uloga marketing istraživanja u razvoju stočarstva"(The role of the marketing research in development of the animal husbandry), Symposium sa medjunarodnim učeščem, Universitet u Novi Sad, Poljoprivredni fakultet, Herceg Novi, 22-29.jun, 2008, Proceedings abstracts: 9
23. Силjаноска Ј., **Ангелоска М.**: „Промоцијата и програмата за истражување на туристичкиот производ", Меѓународен симпозиум на тема „Туризмот во 21- от век", Факултет за туризам-Скопје, 26-27 Септември 2008, Зборник на трудови:321-327
24. **Angeloska M.**, Siljanoska J.: „Foreign direct investment(FDI) in the global economy", International conference on business and economy, Spiru Haret University, Faculty of accounting and financial management Constantza Romania, 6-8 Nov 2008, Conference proceedings: 474-480

25. Patoska A., **Angeloska M.**, Siljanoska J.: „Insotrane direktne investicije i tranzicione ekonomije u novoj paradigmi“, Naučni skup sa međunarodnim učeščem , Univerzitet u Kraguevcu, Ekonomski Fakultet-Kraguevac, 30 maj, 2008, Zbornik radova: 244-253
26. Jankulovski N., Siljanoska J., **Angeloska M.**, Petkovska K.: „TQM u poljoprivrednim organizacijama s posebnim akcentom duvanske industrije u novoj paradigmi“, XIII Savetovanje o Biotehnologiji sa međunarodnim učeščem, Univerzitet u Kraguevcu, Agronomski Fakultet - Čačak, 28-29 mart, 2008, Zbornik radova Vol.13(14):513-519

**Учество на конференции и симпозиуми во земјата и странство**

- 3nd International Scientific Conference »Teaching Methods for Economics and Business Sciences, Faculty of Economics and Business of the University of Maribor, Slovenia, 13 - 17 May 2019, Maribor, Slovenia
- Завршна конференција „Учењето - пат кон успешен бизнис“ во рамките на проектот „Преториемничко учење за млади“, Цефе Македонија, 7-8 декември 2018, Битола, Македонија
- Универзитетска интерна конференција УКЛО 21-УИК, 29-30 септември 2018, Крушево, Македонија
- International Balkan and Near Eastern Social Science Conference Series (IBANESS), University of Agribusiness and Rural Development/Bulgaria, University "St. Kliment Ohridski" Faculty of Economics/Macedonia. March 04-05, 2017 Edirne, Turkey
- XII International Symposium: Biodiversity and Sustainable Economic Development, December 21, 2016, Tirana, Albania
- International Balkan and Near Eastern Social Science Conference Series (IBANESS), Faculty of Economics Prilep, Macedonia, 29-30 October, 2016
- 21st International Scientific Conference SM 2016, Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management, Faculty of Economics, Subotica, University of Novi Sad , Subotica - Palić, May 19, 2016
- -The 20th NISPAcee conference, University „St. Kliment Ohridski“ Bitola, Ohrid , May 23-26, 2012,
- Прва меѓународна балканска конференција – Жените и бизнисот, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола и Универзитет Тракија, Едрине, Р Турција, Битола, 30 септември 2011.
- Меѓународна конференција на тема: „Поттикнување на претприемачкото размислување“ (Entrepreneurship Education - Fostering Entrepreneurial Mindsets), во организација на БСЦ Битола, Охрид 2-4 јуни, 2008 година.

## 4. Стручно-апликативна дејност и проектни активности

Кандидатката доц. д-р Моника Ангелоска-Дичовска реализирала многубројни работилници, обуки, предавања и учествувала во повеќе проектни активности во земјата и странство.

**Учество во реализација на проектни активности:**

1. Проектен координатор на проектот „**HEI Student Internship in NGOs - towards a functional bridge across WB**“, септември 2019 – јули 2020, Center for Educational

and Development Initiatives INNOVA LAB Bitola и Belgrade Open School, WeB4YES project – Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support. Во овој проект директни корисници се студентите на УКЛО.

2. Финансиски координатор на проектот **„Од млади за млади“**, јули 2019 – декември 2019, во имплементација на ИНОВА ЛАБ Битола со Младински совет Прилеп, како регрант во рамките на програмата „Национален ресурсен центар за граѓански организации“ спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип. Програмата е финансирана од ЕУ .
3. Евалуатор - жири-комисија на бизнис-планови во **Програмата награда за социјално претприемништво 2019** (Social Impact Awards – SIA) https://macedonia.socialimpactaward.net/jury/
4. Кокоординатор на проектот **„Академски креативен предизвик“ 2018 година** во реализација на ИНОВА ЛАБ Битола со поддршка на Општина Битола и УКЛО КРЕДО центар. Во овој проект директни корисници се студентите на УКЛО.
5. Надворешен експерт (стручно лице) за изготвување документи за политики, економски анализи и водич за политики за граѓански организации 2018 за потребите на проектот **„Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика - WE-Contribute“**, финансиран од Европската Унија.
6. Учесник во организацијата на мултидисциплинарниот проект **„УКЛО за заедницата**“ во реализација на Економски факултет − Прилеп, Технички факултет − Битола, ОУ„Елпида Караманди“ − Битола и ОУ„Кире Гаврилоски-Јане“, летен семестар 2018/2019.
7. Кокооринатор и ментор на проектот **„Бизнис анализа и иновативни стратегии и тактики за бизнис развој“**, Економски факултет - Прилеп и InterWorks Битола, (зимски семестар, 2018).
8. Ментор на млади студенти Роми за личен и професионален р**азвој** во периодот од јануари 2018 до мај 2018, во рамките на **проектот „Ромаверзитас со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“**, проектот е финансиран од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта.
9. Ментор на самохрани мајки и други жени за самовработување, 2017 во рамките на **Програмата за (само)вработување на самохрани мајки**. Проектот е финансиран од Европската Унија, спроведуван од Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување во партнерство со Здружението на бизнис жени и ГТФ Иницијативата за одржлив раст од Хрватска.
10. Координатор и ментор на проектната задача **„Бизнис анализа и развој на нова услуга“**, ЦРДР „Бонбончиња“ Битола и Економски факултет - Прилеп (летен семестар, 2017).
11. Помлад истражувач во Меѓународниот **проект „Евалуација на задоволството на корисниците и влијанието од услугите на е-Влада во Македонија и Словенија**“, 2013 (Evaluation of the User Satisfaction and Impact from eGovernment Service in Macedonia and Slovenia), Економски институт Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Факултетот за менаџмент при Универзитетот на Приморска од Копер, Република Словенија (http://www.ek-

inst.ukim.edu.mk/images/docs/evaluacija-na-zadovolstvo.pdf).

12. Координатор и ментор на проектната задача **„Бизнис анализа и развој на нов производ/услуга**“, SETTE Media Monitoring Bitola и ФАМИС Битола, 2012 година
13. **Подготовка на едукативна програма за промоција и маркетинг на ЗОО Битола**, 2011, Биосфера - центар за едукација, заштита на животната средина и природата, Битола. Програмата е дел од проектот „**Изработка на комплетна техничка документација за реконструкција на ЗОО Битола“ на Пелагонискиот плански регион.**

**Реализација на работилници, обуки, семинари и сл.:**

**- Обучувач во работилница за креативно размислување во јануари 2019 година** во рамките на проектот "Академски креативен предизвик", а во реализација на ИНОВА ЛАБ - Битола со поддршка на Општина Битола и УКЛО КРЕДО центарот.

**- Обучувач во сесијата за Креативност и иновации – „Ајде да бидеме креативни“ во април 2018 година во рамките на проектот "Академски креативен предизвик"**, а во реализација на ИНОВА ЛАБ - Битола со поддршка на Општина Битола и УКЛО КРЕДО центарот а по повод одбележувањето на денот на иновативноста.

- **Обучувач на работилницата „Преземи акција - разбуди го својот потенцијал**“ во декември 2018 година за млади од Општина Новаци, за воведување иновативен модел на младински банки во Македонија.

- **Предавач на тркалезна маса на тема Едукација-линк со претприемништвото** во октомври 2018, Скопје, која беше организирана во рамките на проектот Јакнење на придонесот и ефикасноста на граѓанските организации од женското претприемништво кон ЕУ интегративните реформи во областа на економската политика - WE-Contribute“, финансиран од Европска Унија.

- **Обучувач на работилницата „Неформалното образование на млади и градење компетенции“** во март 2018, Битола во рамките на проектот YOU CREATE! Coaching, Empowering and Activating (TC January 2018, Soria-Spain)

- **Предавач на сесијата за иновации: „Зајакнување на иновативниот потенцијал на младите лидери – претприемачи“,** мај 2017, Битола, LEAP in конференција Битола во рамките на Самитот на LEAP во Загреб.

- **Предавач за деловно и персонално стратегиско планирање на Школата за лидерство и кариерен развој ПОЛИТЕА**, Центар за европски интеграции и развој, Битола во периодот од 2014 до 2017 година.

- **Предавач на одбележувањето на Денот на Фридман**, Centre for European Development and Integration (CEDI) Bitola, Friedman Legacy Day 2016.

- **Предавач на сесија за концепт на корпоративна општествена одговорност и општествено одговорни практики**, мај 2016, Битола, во рамките на Проектот за општествено одговорни организации – О3, Центар за европски развој и интеграција (ЦЕДИ) Битола.

- **Предавач на сесијата за креативност и иновации во рамките на семинарот Leadership Inspiration Seminar**, април 2015, во организација на AIESEC, Економски факултет - Прилеп.

Пред 2015 година има одржувано многубројни обуки и работилници за студенти и средношколци за нивно дебатирање и подготовка за дебатни натпревари во земјата и

странство во рамките на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи. Исто така има организирано многубројни семинари за менаџмент и бизнис како дел од менаџерскиот тим на АИЕСЕК при Економски факултет - Прилеп.

**Учество во работилници, обуки, семинари и сл.:**

- Обука за претприемништво и социјално претприемништво од инвеститорски аспект, во рамките на проектот „УКЛО за заедницата“, 8 јуни 2019, Економски факултет - Прилеп.
- Обука за младински работници - проект за мобилност на учење „YOU CREATE: Coaching, Empowering and Activating“, од 19.01.2018 до 25.01. 2018 во San Esteban de Gormez, Spain, Erazmus + во рамките на Mobility of youth workers/
- Обука „Hot to get money for your idea in 7 days or less?“, 18 јуни 2016, Битола, Цефе Македонија.
- Тренинг-конференција „За иновативна компанија - како да ја искористите креативноста на вработените и клиентите“, април 2015, Скопје, Стопанска комора на Македонија.
- Соработка меѓу деловната заедница и универзитетите, март 2016, Битола, УКЛО Битола и AMCHAM Macedonia.

Кандидатката пред 2015 година зела учество во поголем број обуки и работилници за лично и стручно усовршување и многубројни семинари поврзани со бизнис и менаџмент. Во 2007 година на проектот за најдобар бизнис-план на Business Start-Up Centre Bitola, добила награда во „ Натпреварот за најдобар бизнис-план 2007 – Бизнис-концепт“.

Покрај учеството во претходно наведените проектни активности, обуки, работилници и слично, кандидатката, д-р Моника Ангелоска-Дичовска, ги имала следниве **ангажмани и членства:**

1. Член на организацискиот одбор за меѓународна научна конференција на тема: „Digital Transformation of the Economy and Society: Shaping the Future“ (19-20 октомври 2019).
2. Член на комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет Прилеп од 1.4.2019 година.
3. Член и научен рецензент на научниот одбор за Journal of Research and Innovation for Sustainable Society 2019 (http://jriss.4ader.ro/index.php?page=scientific)
4. Секретар на Катедрата за менаџмент, маркетинг и бизнис на Економскиот факултет во Прилеп (2018- тековно)
5. Член на Комисијата за изработка на елаборат за трет циклус студии за студиската програма „Менаџмент" (2018) при Економскиот факултет − Прилеп
6. Член на Комисијата за натпревар во ораторство УКЛО ТРИВИУМ при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (2018)
7. Член на Комисијата за натпревар во ораторство УКЛО ТРИВИУМ при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (2017)
8. Член на Комисијата за натпревар во ораторство УКЛО ТРИВИУМ при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (2016)
9. Член на Комисијата за оценка на истражувачки трудови при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (2016).

10. Основач и потпретседател на Центарот за образовни и развојни иницијативи ИНОВА ЛАБ Битола од 2017 година.
11. Член на Управниот одбор на Младинската асоцијација ИМКА Битола од 2018 година.
12. Член на Алумни асоцијација на Македонија АИЕСЕК од 2015 година.
13. Член на Македонското научно друштво од 2011 година.
14. Координатор на Дебатниот клуб на ФАМИС 2008-2013.

## 5. Преглед на исполнетоста на посебните услови за избор во наставно-научни звања

Покрај тоа што ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високо образование, кандидатката доц. д-р Моника Ангелоска-Дичовска исто така ги исполнува посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Имено, кандидатката исполнува вкупно 25 услови од дадените критериуми во Анекс 1. Условите коишто ги исполнува кандидатката, во табелите се означени со “X”.

ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА
(Анекс 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола)

| **ПРВ КРИТЕРИУМ<br>Резултати од научно – истражувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предавач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | X |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/) | X |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | X |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |

| | |
|---|---|
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | X |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | X |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | X |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | X |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од пошироката научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство) | |
| **Вкупно исполнети услови од прв критериум** | **7** |

| **ВТОР КРИТЕРИУМ<br>Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | X |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | X |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | X |

| | |
|---|---|
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | X |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | X |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | X |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | X |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | X |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | X |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | X |
| **Вкупно исполнети услови од втор критериум** | **10** |

| **ТРЕТ КРИТЕРИУМ**<br>**Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | X |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | X |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | X |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | X |

| | |
|---|---|
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или пошироката област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | X |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| **Вкупно исполнети услови од трет критериум** | **8** |

| | |
|---|---|
| ***ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМ*** | **25** |

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на целокупната доставена документација и податоците за резултатите од научно-истражувачката, наставната и стручно-применувачката дејност на кандидатката, рецензентската комисија ги донесе следниве констатации:

Од анализата на доставената документација за научно-истражувачките активности на кандидатката, комисијата констатира дека таа има забележителен број научни трудови објавени во референтни меѓународни публикации, а дел од трудовите се цитирани од домашни или странски автори.

Во однос на наставно-образовните активности на кандидатката Ангелоска-Дичовска, покрај високооценетиот позитивен однос кон студентите, забележителен е и нејзиниот напор за осовременување на наставно-образовниот процес и пренесување на знаењето на студентите на разбирлив, лесен и систематичен начин.

Покрај научно-истражувачките и наставно-образовните активности, кандидатката д-р Моника Ангелоска-Дичовска континуирано партиципира во своето професионално и стручно усовршување и надградување преку посета и учество во голем број обуки, семинари, работилници и сл., но и во реализација на дополнителни вонаставни стручно-применувачки активности како од формалното, така и од областа на неформалното образование.

Врз основа на изнесените и аргументирани констатации во извештајот, а имајќи ја предвид претходно презентираната содржина, рецензентската комисија заклучи дека кандидатката доц. д-р Моника Ангелоска-Дичовска ги исполнува општите услови за избор во наставно-научни звања пропишани со Законот за високото образование за избор за

наставник во звање вонреден професор, како и посебните услови што ги предвидува Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработники звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Според тоа, комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп да ја избере д-р Моника Ангелоска-Дичовска за ***наставник во звање вонреден професор*** од областа ***друго/менаџмент***.

**Рецензентска комисија:**

1. д-р Марјан Ангелески - вонреден професор на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, с.р.

2. д-р Снежана Мојсовска Саламовска - редовен професор на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, с.р.

3. д-р Маргарита Јанеска - редовен професор на Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, с.р.

До
Наставно-научниот совет на
Економски факултет – Прилеп

**Предмет**: **Извештај за оценка на докторска дисертација**

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, на седницата одржана на ден 17.07.2019 год., со одлука број 02-696/5, формира Комисија за оценка на докторската дисертација на тема **"Моделирање на меѓузависноста на маркетинг, бренд перформансите и севкупните организациски перформанси"** од кандидатот **м-р Маринела Тодоровска**, во состав:

- проф. д-р Коста Сотироски, Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Северна Македонија,
- проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска, Економски факултет - Прилеп, „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Северна Македонија,
- проф. д-р Катерина Ангелевска Најдеска, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Северна Македонија,
- проф. д-р Каролина Илиеска, Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Северна Македонија,
- проф. д-р Снежана Обедниковска, Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Северна Македонија.

По разгледувањето на докторската дисертација, а врз основа на член 56, став 3 од Правилникот за единствените основи за организирање последипломски и докторски студии и стекнување со докторат на науки на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

## Биографски податоци за кандидатот

Маринела Тодоровска е родена на 04.12.1988 година во Битола. Основното и средното образование го завршила во Битола.

Во 2007 година се запишала на Економскиот факултет - Прилеп, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, на насоката Маркетинг менаџмент. Студиите ги завршила во 2011 година со просечна оценка 10.00 како студент со највисок просечен успех во генерацијата.

Во 2011 година се запишала на магистерски студии на Економскиот факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, на насоката Маркетинг

менаџмент. Студиите ги завршува на 29.04.2013 со просечен успех 10.00 со одбраната на магистерскиот труд со наслов: "Имплементација на метрички системи за мерење и оценка на маркетинг перформансите на компаниите" под менторство на проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска.

Во 2013 се запишува на докторски студии на Економскиот факултет - Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, на насоката Маркетинг. За време на студиите добива стипендија од програмата Базилеус на Европската Унија за мобилност во рамките на докторските студии на Универзитетот „Ница Софија Антиполис" во Ница, Франција. Мобилноста ја реализира во перодот од ноември 2014 до мај 2015 година.

Во периодот од септември 2011 до октомври 2014 работи на Економскиот факултет - Прилеп како демонстратор и администратор на катедрата за Меѓународна економија и менаџмент на предметите: Менаџмент на човечки ресурси, Деловно комуницирање, Социологија, Меѓународен менаџмент и Мултинационални корпорации и стратегиски алијанси.

Во 2015 година работи за француска компанија за маркетинг истражувања, а од ноември 2015 година работи во компанијата Кромберг и Шуберт Македонија, Битола, во секторот за Логистика како Специјалист за планирање на производството.

Во периодот од 2015 до 2018 работи во рамките на Глобалниот тим за Планирање на производство. Посетува обуки во Германија, Јужна Африка и Боцвана а работи на стартувањето и сетирањето на планирањето на производство во фабриките во Мароко и Мексико. Од 2018 година работи во локалниот тим на компанијата Кромберг и Шуберт како Планер на производство на проектот Мерцедес Спринтер.

Во 2017 година учествува во подготовка и реализација на работилницата за Маркетинг истражување во рамките на проектот "Women win – Жените победуваат", организиран од Get Innovation Bitola, проект финансиран од Амбасада на САД во Македонија.

Во 2018 година го положи DELF испитот за ниво B2 – испит за познавање на француски јазик од Министерство за образование на Република Франција. Во истата оваа година, како експерт истражувач за Економски факултет Прилеп, Универзитет " Св. Климент Охридски" – Битола, учествува во рамките на проектот " A knowledge alliance in eco-innovation entrepreneurship to boost SMEs competitiveness" финансиран од Interreg Balkan Med Programme.

Има учествувано во повеќе меѓународни проекти, семинари и научни конференции и има објавено научни трудови од областа на маркетингот и брендирањето. Активно зборува англиски, француски и шпански. Исто така, активно ги користи следните компјутерски пакети: Microsoft Office, Microsoft Access, Microfit, SPSS и SAP системи.

## Научно-истражувачка дејност

Во рамките на своето едукативно надоградување и нучноистражувачка дејност, кандидатот зема акивно учество на повеќе меѓународни научни конференции и симпозиуми.

Како резултат на научноистражувачката дејност на м-р Маринела Тодоровска, произлегуваат следниве *објавени трудови:*

- Salmovska Mojsovska Snezana, Todorovska Marinela, (2018), Strategic approaches in financial marketing management – a key to realistic marketing accountability, 23rd International Scientific Conference Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management , April 26.-27, 2018, Subotica, Republic of Serbia.
- Dajovska Ana, Momirovska Biljana, Todorovska Marinela, (2017), Design thinking in your company - the case of Macedonia, ISBN 978-608-245-250-0; https://issuu.com/getinnovation/docs/design_think_final_29_10.
- Salamovska Mojsovska Snezana, Todorovska Marinela, (2016), Brand Valuation and Marketing Assets Assessment – Theoretical Background vs. Contemporary Managerial Issues, Strategic Management - International Journal of Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management (Volume 21, No. 4) pp.37-44.
- Salamovska Mojsovska Snezana, Todorovska Marinela, (2015), Application of non-financial indicators for measuring marketing performance in companies in the Republic of Macedonia, 20th International Scientific Conference SM2015 Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management, Conference Proceedings, pp. 266-271.
- Srdjan Redzepagic, Marinela Todorovska, (2015), Western Balkans on the Road to the EU: Perspectives vs. Facts, Western Balkans integrating the EU: Challenges, Policies, Issues, CEMAFI International, Association, pp.13-31.
- Todorovska Marinela, (2014) Strategic Methods for measuring marketing performance of companies in Republic of Macedonia, Strategic Management - International Journal of Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management (Volume 19, No. 4.).
- Odzaklieska Dragica, Sotiroski Kosta, Todorovska Marinela, (2013) Development Perspectives of Investment Funds in Republic of Macedonia, TEM Journal, 2(4), pp. 341-349.
- Todorovska Marinela, (2013) E-mail marketing as an alternative way of conducting a marketing campaign,Third Scientific Conference with International Participation, ECONOMY OF INTEGRATIONS (ICEI), Using Knowledge to Move from Recession to Prosperity.
- Todorovska Marinela, (2012) Multinational corporations as drivers of the processes of globalization and economic growth, International conference: Globalization, Development, Public Policy& Management: A business development perspective, Prishtina, Kosovo, 29 September 2012.
- Todorovska Marinela, (2012), The role of corporate social responsibility in the decision making process, International Conference – Contemporary management challenges and the organizational sciences, Business Academy Smilevski, 21-22 June 2012.

## Анализа и коментар на докторската дисертација

Сите учесници на пазарот: компаниите, менаџерите и потрошувачите, делуваат во едно окружување во кое има многубројни опции, но во исто време, постои императивот на брз начин да бидат донесени сите одлуки и избори. Во едни такви услови, доаѓа до израз задачата и целта на маркетинг активностите и брендирањето кои треба да го поедностават одлучувањето на сите пазарни учесници, да го намалат ризикот на донесените одлуки и да ги зголемат очекувањата. Долго време, за лицата

кои се задолжени за маркетинг во компаниите, постоеше мислењето дека се лица кои сакаат да трошат средства на компанијата, но не сакаат да ги оценат резултатите од направените трошења. Подоцна, кога вложувањата во маркетингот станаа значителни, се зголеми интересот на менаџментот и истражувачите, за областа на мерење на маркетинг перформансите. Исто така, истражувачите работеа на изнаоѓање начин за мерење на придонесот на маркетингот за организациските перформанси. Дополнително мерењето на маркетинг перформансите стана дел од клучните приоритети на Маркетинг научниот институт од 1998 година па наваму, а во исто време и истражувачите беа стимулирани да ги интензивираат истражувањата од оваа област.

Брендовите имаат огромно значење за компаниите и за нивната борба за привлекување на потрошувачи, при што, врската меѓу брендот и потрошувачот може да биде сфатена како пакт во кој потрошувачите очекуваат конзистентна изведба, а за возврат ја нудат својата лојалност и постојани набавки. Компаниите реализираат маркетинг активности за да влијаат на чувствата, мислењата, знаењето и однесувањето на потрошувачите, а најдобар начин да се направи тоа е преку развој и позиционирање на брендирани производи и услуги на пазарот кои лесно ќе може да се диференцираат од тие на конкуренцијата. Улогата на брендот се зголеми со појавата на концептот на бренд капитал, кој дава објаснување зошто се добиваат различни исходи од маркетингот на брендиран производ и услуга, споредено со небрендиран производ или услуга.

Исто така, маркетинг активностите значително влијаат на организациските перформанси кои различно се толкувани во текот на времето, од тоа, дека го покажуваат нивото на остварување на целите; дека евалуацијата на перформансите се вршеше преку работата, луѓето и организациската структура; дека ја демонстрираат способноста на компанијата да ја експлоатира околината и да ги користи лимитираните ресурси; па до тоа дека организациските перформанси се остварување на целите (ефективност) со примена на минимални ресурси (ефикасност). Организациските перформанси денес претставуваат сет од финансиски и нефинансиски индикатори кои нудат информации за степенот на остварување на целите и резултатите.

За да може маркетингот да има значајна позиција во организациското одлучување за вложување на средства, мора да обезбеди начин на кој ќе се воспостави врска меѓу реализираните маркетинг и бренд стратегиски активности и оствареното ниво на организациски перформанси. Исто така, можна е констатацијата дека и покрај значењето кое го имаат, пристапите за мерење на маркетинг перформансите и од страна на практичарите и од страна на истражувачите беа критикувани поради нивната слаба дијагностичка способност и нивниот фокус на краткорочните резултати. Тоа е така, бидејќи од маркетингот се бараат брзи резултати пред се изразени во повисоко ниво на продажба на производите и услугите, а не се мерат долгорочните ефекти од реализираните маркетинг активности кои се пред се изразени во развојот на силни брендови кои низа години ќе овозможуваат наплаќање на повисоки цени и поголеми профити за компанијата. Во досегашната пракса, мерките кои се користат за мерење на маркетинг перформансите, не одговараа на потребите на менаџментот и сега е потребно да се издигнат на едно повисоко ниво, каде јасно ќе се гледа дека премиумот во цена или удел ќе биде претворен во паричен прилив а лојалноста кон брендот во повисок износ на паричниот прилив, што во крајна линија доведува до подобрување на севкупните организациски перформанси.

Досегашните студии од областа на маркетинг, бренд и организациските перформанси ја елаборираа врската на маркетинг и организациските перформанси или бренд и организациските перформанси, а не постојат студии во кои се испитува меѓузависноста и меѓусебното влијание на овие три видови перформанси. Во таа смисла, во оваа докторска дисертација се опфатени овие три видови перформанси, нивните индивидуални карактеристики, процеси, модели, индикатори и алатки за поединечно мерење и оценување, и е изработен модел во кој се претставени овие три видови перформанси заедно и се прикажани нивните меѓусебни врски и нивната меѓузависност. Всушност, во тоа се согледува оргиналноста на овај труд.

Истражувањето од областа на мерењето на маркетинг перформансите, како оценка на врската меѓу маркетинг активностите и организациските (бизнис) перформанси, може да биде поделено на три правци: мерење на маркетинг продуктивноста, идентификување на метриките (индикаторите) и мерење на бренд капиталот. При тоа, потребно е сите овие насоки заедно со останатите индикатори за бренд перформансите и организациските перформанси, да се обединат во еден модел кој ќе праќа јасни сигнали до раководните лица за ефектите од реализираните маркетинг активности (краткорочните маркетинг резултати) и ефектите од поседувањето на брендирани производи и услуги (долгорочните маркетинг резултати) врз севкупните организациски перформанси.

Информирањето за производите и услугите, нивниот квалитет, карактеристики, супериорност во однос на понудата на конкуренцијата се задачи на маркетингот и брендот а бенефитите од поседувањето на познат производ или услуга со изграден бренд капитал се многубројни и доведуваат до подобра перцепција од страна на потрошувачите, лојалност и можност за наплата на повисока цена, поголема ефикасност на маркетинг комуникацијата која дополнително ја зацврстува лидерската позиција на производот или услугата и ја намалува ранливоста во случај на интензивирање на маркетинг активноста на конкурентите.

Поради ова, маркетингот и брендирањето се есенцијален и неизоставен дел во работењето на секоја компанија независно од нејзината големина, пазарот на кој настапува и конкуренцијата со која се соочува. Производите и услугите кои се проследени со адекватна маркетинг и бренд стратегија остваруваат подобар пазарен настап што преведено во јазикот на компанијата значи повисок обем на продажба и подобри организациски перформанси. Компанијата во тој случај ќе поседува повеќе слободни финансиски средства за унапредување на своите стратегии, развој на нови понуди, развој на своите вработени, унапредување на применетите технологии но и средства за реализирање на општествено одговорната улога.

Проблемот на истражување во оваа докторска дисертација се состои од изнаоѓање на начин за подобрување на организациските перформанси на компаниите преку маркетинг и бренд перформансите. Решавањето на овој проблем е возможно само доколку биде направена темелна анализа на карактеристиките на секој од посебните видови перформанси и бидат согледани нивните релации и меѓузависности. При тоа, се согледува улогата на маркетинг и бренд перформансите во остварувањето на повисоко или пониско ниво на организациски перформанси. Во таа смисла е креиран и развиен модел што ја покажува меѓузависноста и синергетскиот ефект кој го имаат овие три видови перформанси, како добра основа за понатамошни истражувања и креирање и развој на едноставни софтверски алатки кои ќе овозможуваат полесно и континуирано следење на оствареното.

Од овој аспект, оваа докторска дисертација е од големо значење што им овозможува на компаниите да стекнат информации  и знаење за актуелната состојба и практики кои се однесуваат на процесите, пристапите, индикаторите и алатките за мерење на маркетинг, бренд и организациските перформанси, како и  за можностите за промени како предуслов за остварување на поголеми маркетинг и бренд перформанси кои ќе доведат и до поголеми организациски перформанси.

Докторската дисертација е претставена во шест глави, коишто методолошки се концепирани и меѓусебно логички и научно компонирани. Првите четири глави спаѓаат во доменот наменет за теоретски приказ на истражувањето, односно се однесуваат на дефинирање на методолошката и хипотетска рамка на истражувањето, маркетинг перформансите и нивното мерење и менаџирање во функција на подобрување на севкупната изведба на компаниите, бренд перформансите како индикатор за успешноста на реализираните маркетинг напори и организациските перформанси на компаниите како основен индикатор за успешноста во работењето на компаниите. Петтата глава, се однесуваат на апликативното истражување, анализа на резултатите, заклучоците и препораките, а во шестата глава, е реализирано моделирање на меѓузависноста на маркетингот, бренд перформансите и севкупните организациски перформанси.

Во воведниот дел, докторантката ни ги презентира досегашните сознанија од областа на мерењето на маркетинг перформансите, мерењето на придонесот на маркетингот за организациските перформанси, брендовите, како и влијанието на маркетинг активностите врз подобрување на севкупните организациските перформанси.

Во првата глава, докторантката методолошки ги дефинира причините, проблемите и значењето на своето истражување и тоа преку согледување на оправданоста на ова истражување, во коешто го дефинира и предизвикот и придобивките на истражувањето. При тоа, многу прецизно и јасно го дефинира проблемот и предметот на истражувањето, како и пристапот и начините на решавање на специфичните проблеми на кои ќе биде фокусирано истражувањето. Исто така, ја образложува методологијата на истражување при што наведува определени научни методи кои ќе ги користи при реализацијата на експлораторното и дескриптивното истражување со соодветна примена на статистичките пакети SPSS и AMOS. Докторантката, исто така, концизно ја дефинира главната цел на истражувањето. Имено, главна цел е истражување на меѓузависноста на маркетинг, бренд и организациските перформанси на компаниите. Во тој контекст, јасно дефинира и повеќе посебни цели на истражувањето кои се однесуваат на идентификација, дијагностицирање, преглед и добивање сознанија за примената на маркетинг и бренд стратегиите, применетите индикатори, остварените мерења на перформансите и др.  На крајот од оваа глава, егзактно се дефинирани работните хипотези, и тоа: една генерална хипотеза, три посебни хипотези со соодветен сет на подхипотези на истражувањето во зависност од проблемот (маркетинг и бренд перформанси, организациски перформанси и меѓузависност на маркетинг и бренд перформаси со севкупните организациски перформанси).

Во втората глава, акцентот  е ставен на маркетинг перформансите и нивното мерење и менаџирање во функција на подобрување на севкупната изведба на компаниите. При тоа, објаснето е детерминирањето и мерењето на маркетинг

перформансите, позиционирањето на маркетиг перформасите во севкупните перформанси на организациското работење, како и процесот, методологиите и рамките на мерење на маркетинг перформансите. Понатаму, во овоа глава, кандидатката ги анализира теоретските пристапи кои се применуваат во мерењето на маркетинг перформансите, индикаторите за мерење на маркетинг перформанисте, а посебно се задржува на елаборирање на финасиските и нефинасиските индикатори за мерење на маркетинг перформансите. Финасиските индикатори за мерење на маркетинг перформансите ги претставува преку: пазарниот удел како индикатор за мерење на маркетинг перформансите; повраток на инвестициите; повраток на маркетинг инвестициите; повраток на продажбата како индикатори за мерење на маркетинг перформансите и бруто, нето и економски профит како индикатори за мерење на маркетинг перформансите. Нефинсиските индикатори за мерење на маркетинг перформансите, пак, ги претставува преку: задоволството на потрошувачите и нивната подготвеност за препорака за производите и услугите; задржување и лојалност на потрошувачите и животна вредност на потрошувачите. На крајот на оваа глава, кандидатката ги презентира унапредувањата на маркетинг перформансите преку маркетинг аналитика со соодветен избор на валидни индикатори за остварените резултати и го образложува системот за известување на постигнатите маркетинг перформанси во функција на донесување на квалитетна деловна одлука.

Третата глава се однесува на бред перформансите како индикатор за успешноста на реализираните маркетинг напори. На почетокот на оваа глава, докторантката го објаснува детерминирањето на бренд перформанисте, презентирајќи го процесот на стратегиски бренд менаџмент и при тоа, дава опсежна анализа на теоретските пристапи кои се применуваат во мерењето на бренд перформансите. Понатаму е претставена систематизацијата на најзначајните индикатори (метрики) за мерење на бренд перформансите преку финансиските, перцепциските, перформансните метрики како и пристапите и моделите за мерење и оценка на бренд перформансите. Од финасиските метрики за мерење на бренд перформансите, докторантката ги претставува и објаснува: вредноста на брендот и бренд капиталот, повратокот на бренд инвестициите како и други финснсиски метрики за мерењње на бренд перформансите. Од перцепциските метрики се претставени: метриките за свесноста за брендот и метриките за блискост и разгледување, а од перформансните метрики се елаборирани перформансните метрики за мерење на одлуката за купување и лојалноста на брендот. Што се однесува до пристапите и моделите за мерење и оценка на бренд перформансите, докторантката ни ги презентира тие пристапи од аспект на потрошувачите (динамика на брендот, моделот на бренд капиталот базиран на потрошувачите и оценувачот на средствата на брендот), од аспект на интерната перспектива на организациите каде за пресметката на вредноста на брендот се користи процес во следниве фази: сегментација, финансиска анализа, аналзиа на побарувачката, анализа на јачината на брендот и пресметка на вредноста на брендот. На крајот од оваа глава, прецизно е објаснета суштината, карактеристиките, креирањето, примената и значењето на алатките за мерење на бренд перформансите, и тоа: Marketing Dashboards, Brand Scorecard и Brand report card.

На почетокот на четвртата глава, која се однесува на организациските перформанси на компаниите како основен индикатор за успешноста во работењето на компаниите, се претставени детерминантите на организациските перформанси и нивното разграничување со организациската ефективност, како и преглед на основните

детерминанти на организациските перформанси. При тоа, докторанката ја објаснува опфатноста и мултидимензионалноста на организациските перформанси и го образложува институционалниот и организациски модел за оценка на организациските перформанси. Понатаму, во оваа глава, докторанката ги елаборира пристапите за мерење и оценка на организациските перформанси и индикаторите за мерење на организациските перформанси. Имено, таа прецизно ги дефинира карактеристиките, нивната заснованост, основните недостатоци како и најчесто користената традиционална алатка за мерење и оценка на организациските перформанси: пирамидата на сметководствени (финансиски) показатели. Потоа, ги презентира најзначајните модели на современите пристапи за мерење и оценка на организациските перформанси, и тоа: матрица за мерење на перформансите; рамка на резултати и детерминати; пирамида на перформансите; Balanced Scorecard; интегрирани системи за мерење на перформансите и европска фондација за менаџирање со квалитетот и призма на перформанси, при што, за секој модел ги опишува нивните карактеристики, применливост, значење, корисност и недостатоци. Исто така, доста успешно ги презентира различните модалитети на индикатори за мерење на организациските перформанси, и тоа: финансиските и процесните индикатори, како и индикаторите за мерење на организациските перформанси од перспектива на потрошувачите и од перспектива на вработените. Во таа смисла, докторантката ги презентира следниве категории на финасиски индикатори: профитни мерки, соодноси на профитабилност, стапки на пазарот на капитал, мерки на парични приливи, соодноси на солвентност и соодноси на ликвидност. Од индикаторите за мерење на организациските перформанси, од перспектива на потрошувашите, се анализирани следниве индикатори: нето резултат на промовирање, стапка на задржување на потрошувачите, индекс на задоволство на потрошувачите, профитабилност на потрошувачите, животна вредност на потрошувачите, стапка на обрт на потрошувачите, ангажирање на потрошувачите и поплаки на потрошувачите. При тоа, се објаснети начините на собирање на податоци, начинот на нивното пресметување и користење. Од индикаторите за мерење на организациските перформанси, од перспектива на вработените, докторанката ги елаборира следните: додадена вредност од човечкиот капитал, индекс на задоволство на вработените, стапка на ангажираност на вработените, фактор на отсуство и однос на компетитивноста на платите. При тоа, се објаснети начините на пристап и собирање на податоците за пресметка на овие индикатори како и начинот на нивното пресметување, времената мерливост, толкување и применливост. Исто така, објаснети се и процесните индикатори за мерење и оценка на организациските перформанси преку моделите на бизнис подобрување со најкористените: алатка мапирање на процесите и benchmerking на процесите на компанијата. Со примена на овие модели се овозможува системски пристап во селекцијата и снимање на перформансите на компаниско, секторско или на ниво на активност, како и пронаоѓање на најдобри практики, развој и имплементација на пробни измени и континуирано подобрување на практиките и процесите. Понатаму, докторантката дава целосна анализа на најзначајните алатки за мерење на организациските перформанси, и тоа на: примената на Balanced Scorecard алатката за мерење и менаџирање со организациските перформанси, апликацијата на Benchmerking на најдобрите практични достигнувања на конкурентите или внатре во компанијата, информациската контрола како предуслов за подобри информациски перформанси и примената на мерки и финансиски показатели за финансиска контрола на изведбата на компанијата. При тоа, се наведени нивните основни карактеристики, видови, фазите на

изводливост, применливост, состав, имплементација и корисност. Во овој контекст, посебно место и значење имаат најразличните модалитети на менаџмент информациските системи, и тоа: системи за процесирање на трансакциите, системи за менаџирање со синџири на снабдување, системи за менаџирање на односите со потрошувачите, системи на бизнис интелигенција, системи за поддршка на одлучување, експертските системи и географските информациски систем. Исто така, значајни се традиционалните мерки на финасиска контрола: анализа на соодноси, анализа на буџетот и паричните приливи; алатките на финансиска контрола: буџетска контрола, контрола на финасиските извештаи, анализа на соодноси и финансиска ревизија. На крајот од оваа глава, докторантката ги презаентира алтернативните стратегии и пристапи за подобрување на организациските перформанси, при што ги објаснува четирите опции: зголемување на целосната побарувачка, зголемување на пазарниот удел, намалување на трошоците и заштита на пазарниот удел преку воведување на дефанзивни и офанзивни тактики. При тоа, изборот на соодветна стратегија зависи од карактеристиките, способностите, стратешките определби и расположливите потенцијали на компаниите.

Главата пет се однесува на апликативното истражување, анализа на резултатите, заклучоци и препораки, при што, е дефинирана методологијата на апликативното истражување, реализиацијата на истражувањето, анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето како и заклучните согледувања и препораки врз основа на направената анализа на податоците од истражувањето. Имено, докторанката при реализација на апликативното истражување применува соодветна методологија на екплицитно и дескриптивно истражување, при што, применува соодветна квалитативна метода на длабинско интервју и техника на анкета со цел добивање на објективни сознанија за меѓузависноста на органзиациските, маркетинг и бренд перформанси во компаниите на Република Северна Македонија. Собраните податоци се обработени со статистичкиот пакет SPSS а соодветното моделирање е извршено со примена на статистичкиот пакет AMOS. Апликативното истражување е реализирано во период од декември 2018 до март 2019 година со собрани одговори од 170 компании во Република Северна Македонија. При тоа, беше користен структуриран анкетен прашалник конципиран во пет дела (општи податоци за компанијата и анкетираното лице, маркетинг перформансите и нивното мерење, бренд перформансите и нивното мерење, организациските перформанси и нивното мерење и меѓузависноста на маркетинг, бренд и органзиациските перформанси) кои кореспондираа со предметот и целите на истражување на оваа доктоирска дисертација. Докторантката дава целосна анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето. При тоа, таа презентира анализа на резултатите од квалитативното истражување, анализа на резултатите од квантитативното истражување и тестирање на хипотези на истражувањето. Во квалитативното истражување ја користи методата на длабинско интервју на примерок од 20 компании (микро компании со 1 до 9 вработени и мали компании со 10 до 49 вработени) изведено со помош на структуриран потпомогнат прашалник. При тоа, добива значајни информации за ставовите околу следењето, оценката и мерењето на маркетинг, бренд и организациските перформанси. Анализата на резултатите од квалитативното истражување се состои од дескриптивна статистика од добиените резултати и анализа на резултатите со примена на вкрстени табели. Со дескриптивна статистика од добиените резултати се добиваат информации за: локацијата на компаниите, половата, возрасната и образовната структура наресподентите,

позицијата на испитаниците во компанијата, основната економска дејност на компанијата, учеството на анкетираните спрема бројот на вработените во компанијата каде работат, староста на анкетираните компании, постоењето на маркетинг одел во органзиационата структура на компаниите, модалитетот на лицето задолжен за маркетинг активности, постоење на маркетинг стратегија, процентуален износот на трошоците/инвестиции во маркетингот,  постоење на маркетинг буџет, мерење на маркетинг перформансите, фрекфренција на мерење на маркетинг перформансите, примена на информациите од мерењето за подобрување на маркетингот, користење на методи и алатки за мерење на маркетинг перформансите, користење на финасиски индикатори за мерење на маркетинг перформансите, користење на нефинасиски индикатори за мерење на маркетинг перформансите, примена на бренд стратегија, модалитет на лицето задолжено за бренд активности, процентуалниот износ на трошоците/ инвестициите за бренд активности, мерење на бренд перформансите, фреквенција на мерење на бренд перформансите, примена на информациите за развој на нови бренд активности, методи и алатки за мерење на бренд активностите, финансиски, перцепциски и перформансни индикатори за мерење на бренд перформансите, мерење на организациски перформанси, лице задолжено за организациските перформанси, фреквенција на мерење на организациските перформанси, примена на информациите добиени од мерењето на органзоациските перформанси, методи и алатки за мерење на органзизациските перформанси, индикатори за мерење на организациските перформанси, маркетинг стратегии на компаниите, позицијата на компанијата на пазарот, клучни маркетинг способности на компанијата, нивоа на перформанси на компаниите, споредба на компанијата со најблиските конкуренти, фактори кои се важни за остварување на високи органзиациски перформанси и поврзаноста на маркетинг, бренд и организациските перформанси. Со анализата на резултатите со примена на вкрстени табели се добиваат информации за: примената на маркетинг и бренд стратегии спрема различните економски дејности, големината и староста на компаниите; мерење на маркетинг, бренд и организациски перформанси спрема различните сектори, големината и староста на компаниите; примената на информациите од мерењето на перформансите спрема економската дејност, големината и староста на компаниите; нивото на остварен маркетинг, бренд и организациски перформанси спрема основната економска дејност, големината и староста на компанијата; трошоци/инвестиции за маркетинг и бренд активности спрема основната економската дејност, големината и староста на компаниите. Во рамките на тестирање на хипотезите на истражување, се тестираат хипотези поврзани со маркетинг и бренд перформансите, хипотези поврзани со организациските перформанси и хипотези поврзани со меѓузависноста на маркетинг, бренд и организациските перформанси. При тоа, докторантката во процесот на тестирање на ови хипотези користи статистички показатели: релативни фреквенции, мерки на централна тенденција, Pearson Corellation и F. Исто така, во овој контекст користи и соодветни статистички методи: дескриптивна статистика, корелациона и регресиона анализа како и параметарскиоот тест ANOVA. Врз основа на обработените податоци, со примена на соодветни софтверски решенија, кандидатката носи соодветни и значајни статистички заклучоци врз основа на поставените хипотези. Овде, исто така е значајно да се напомене дека, докторантката креира регресиони модели односно равенки на предвидување на нивото на организациските перформанси врз основа на нивото на маркетинг и бренд перформансите. На крајот од оваа глава,

докторантката, врз основа на направената анализа на податоците на истражувањето ги презентира заклучните согледувања и дава соодветни препораки.

Во глава шест, докторантката, ни го презентира моделирањето на меѓузависноста на маркетинг, бренд перформансите и севкупните организациски перформанси. При тоа, ни дава преглед и анализа на постоечките модели за мерење и оценка на маркетинг, бренд и организациските перформанси (Marketing value metrics model и концептуална рамка за поврзување на маркетинг и организациските перформанси на Нил Морган) и ни презентира детерминирање на основните варијабли во предлог модел, нивната причинско-последична зависност и чекорите на изградба на моделот. Имено, докторантката, врз основа на реализираното квалитативно и квантитативно истражување на маркетинг, бренд и организациските перформанси на примеорок од компании од Република Северна Македонија изработи модел за нивната причинско последична зависност (именуван како VORAB). Целта на моделот е да ја покаже меѓузависноста на маркетинг, бренд перформансите (независни променливи) и севкупните организациски перформанси (зависна променлива). Во градењето на овој модел е искористена методата на Structural Equation Modeling (SEM) со реализиација на експлораторна и потврдувачка факторска анализа. Врз основа на овој модел ќе се добијат информации за тоа како маркетинг и бренд перформансите влијаат врз нивото на остварените организациски перформанси но и дополнително ќе овозможи идентификување на клучни фактори кои го детерминираат постигнатоитот ниво на маркетинг и бренд перформанси кои влијаат на оствареното ниво на организиациски перформанси. Со ова, се добива една значајна софтверска алатка со која ќе се следат клучните фактори и нивните вредности како сознанија за моменталната состојба на перформансите но и генерирање способност за предвидување на вредностите на перформансите во наредни состојби и ситуации. Во таа смиса, докторантката ни ја дава концептуалната рамка на моделот, ни ја презентира постапката за дизајнирање на моделот во која дефинира соодветна хипотетичка рамка, применува корелациона анализа на маркетинг, бренд и организациските перформанси, корелациона анализа на маркетинг перформансите и маркетинг и бренд факторите и ни предлага соодветен модел (VORAB) како концептуален модел за меѓузависноста на макетинг, бренд и органзициските перформанси. Понатаму, доктораантката реалзира факторска анализа со цел одвојување на клучните маркетинг и бренд фактори кои влијаат врз остварените органзиациски перформанси. За таа цел, користи експлораторна факторска анализа со примена на методот на главни компоненти при што се издвојуваат два фактори и за нив се презентирани соодветно нивните равенки. На крајот од оваа глава, докторантката ни дава преглед на применливоста на моделот во мали, средни и големи компании, при што, можи да се заклучи дека моделот е применлив во сите компании независно од големината и дека со него се утврдуваат клучните индикатори кои влијаат врз остварените перформанси релевантни за нашите компании. Исто така, со негово користење може да се изработи соодветна и едноставна Marketing Dashboard алатка, која е доста корисна посебно за малите и средни компании, со што значително би се подобрил процесот на одлучување и посебно процесот на алокација на лимитираните ресурси со цел подобрување на севкупното работење и перформанси. Во оваа глава, како и петходната, петтата, се воочува апликативниот придонес на оваа докторска дисертација. Начинот на пишување е разбирлив и научната елаборација е присутна како во теоретскиот така и во апликативниот дел на трудот. Помеѓу деловите

на трудот постои силна конзистентност кои даваат прецизна и целосна слика за целината.

## Констатација и предлог

Врз основа на претходно дадената анализа и коментари на докторската дисертација се констатира дека кандидатката, **м-р Маринела Тодоровска**, реализирала студиозно и темелно истражување на маркетинг, бренд и органзиациските перформанси како и нивната меѓузависност, што резултира со низа констатации за бенефитот, можностите, резервите, потенцијалите и перспективите од креираниот модел на меѓузависност, а придонесува за зголемување на организационата продуктивност и конкурентската предност на компаниите. Тоа всушност беа и поставените цели за истражување во докторската дисертација, на тема: **"Моделирање на меѓузависноста на маркетинг, бренд перформансите и севкупните организациски перформанси",** со што се дава соодветен научен придонес во истражувачкиот домен.

Поаѓајќи од наведените констатации и мислења, Комисијата позитивно ја оцени докторската дисертација на кандидатката, **м-р Маринела Тодоровска**, на тема **"Моделирање на меѓузависноста на маркетинг, бренд перформансите и севкупните организациски перформанси"** и едногласно, односно со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп да ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

- се прифаќа Извештајот за позитивна оценка на докторската дисертација на кандидатката, **м-р Маринела Тодоровска**, на тема: **"Моделирање на меѓузависноста на маркетинг, бренд перформансите и севкупните организациски перформанси"**;
- се определува Комисија за одбрана на докторската дисертација, којашто ќе ја закаже и организира јавната одбрана.

Прилеп, 19.09.2019 година.

Комисија за оценка на докторска дисертација,

- проф.д-р Коста Сотироски, Економски факултет-Прилеп,Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Република Северна Македонија, с.р.
- проф.д-р Снежана Мојсовска Саламовска, Економски факултет-Прилеп, „Св. Климент Охридски“ – Битола, Република Северна Македонија, с.р.
- проф.д-р Катерина Ангелевска Најдеска, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Република Северна Македонија, с.р.
- проф.д-р Каролина Илиеска, Економски факултет-Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Република Северна Македонија, с.р.
- проф.д-р Снежана Обедниковска, Економски факултет-Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Република Северна Македонија, с.р.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола
Економски факултет – Прилеп
Бр. 02 – 928/24
10.10.2019 год.
П р и л е п

Врз основа на чл. 110 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018) и чл. 59 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 10.10.2019 год. ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

Член 1

Се прифаќа Извештајот од Комисијата за подобност на кандидатот **Елена Тоне** и темата: **"Анализа на квалитетот на услугите на електронското банкарство"** за изработка на магистерски труд, изготвен од Комисијата во состав:

1. проф. д-р Татјана Спасеска
2. проф. д-р Драгица Оџаклиеска
3. проф. д-р.Фанка Ристеска

Член 2

Се прифаќаат како подобни темата **"Анализа на квалитетот на услугите на електронското банкарство"** и тезите за изработка на магистерскиот труд.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено: -кандидат
-досие на кандидат

Д е к а н,
проф. д-р Драгица Оџаклиеска

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ50326ФИНАНСИИ И 50329ДРУГО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, на својата редовна седница одржана на 30.09.2019 год. со Одлука бр.02-507/3-4.1 одреди Рецензентска комисија за избор на наставник од научните области 50326 ***Финансии*** и 50329 ***Друго***, во состав:

1. Проф. д-р Ристо Гогоски, редовен професор
2. Проф. д-р Пеце Николовски, редовен професор
3. Проф. д-р Евица Делова Јолевска, редовен професор

По разгледувањето на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс објавен на 03.09.2019 год. во весникот “Нова Македонија” и ”Коха”, за избор на наставник од научните области 50326 ***Финансии*** и 50329 ***Друго***, се пријави кандидатот д-р Снежана Дичевска

.

1. *Биографски податоци*

Кандидатот**д-р Снежана Дичевска** е родена на 05.04.1967 година во Струга. Основното образование го завршува во Струга, а средното образование во Охрид – средно економско училиште со континуиран одличен успех. Високо образование завршува на Економскиот факултет во Скопје во 1989 година на Финансиско сметководствено банкарска насока.

Заради продлабочување на стручните и научните знаења од областа на економската наука се запишува на последипломски студии на Економскиот факултет во Прилеп на Менаџмент бизнис администрација и успешно завршува со полагањето на предвидените испити со просечна оценка од 9,10. На 01.11.2005 година на Економскиот факултет во Прилеп го одбранува магистерскиот труд под наслов “Теоретски и практични аспекти на формулирање и имплементирање стратегии на ниво на претпријатија” со што се здобива со академски степен *магистер на економски науки* од областа на менаџментот.

На 04.03.2010 година на Економскиот институт во Скопје ја одбранува докторската дисертација под наслов “Корпоративно управување на банките со посебен осврт на корпоративното управување н абанките во Република Македонија” со што сестекнува со научен степен *доктор по економски науки.*

Во текот на школувањето се има стекнато со одлично познавање на пишуван и говорен англиски јазик, како и со способност за работа со компјутер.

Почнувајќи од 01.09.1990 годинаработиво УСО Св. Климент Охридски-Охрид, во економските паралелки како професор по група економски предмети. Од 06.12.2006 се вработува на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид како соработник за група предмети од областа на Меѓународна трговија и Меѓународен туризам.

На 16.08.2010 година со Одлука бр. 11-398/3-1 е избрана за наставник во наставно-научно звање Доцент од областа на Банкарство и Финансии.

На 31.03.2015 година со одлука бр.02.157/3-2.1 е избрана за наставник во наставно-научно звање Вонреден професор од научните области Финансии и Друго.

Во текот на работењето во Факултетот за туризам и угостителство во Охрид своите наставни, научни, стручни и други работни задачи ги извршува совесно и одговорно, на високо научно и стручно ниво.

Во изминатиот период извршувала други работни ангажмани на Факултетотзатуризам и угостителство-Охрид меѓу кои:

- 2008-2012- секретар на ННОЕ - Безбедност и финансиска контрола
- 2008-2010 - претседател на комисијата за полагање приправнички испит во средните Угостителски училишта во рамките на МОН
- 2012-2014 – раководител на ННОЕ по Царина и шпедиција и Безбедност и финансискаконтрола
- Од 2014 - Продекан за финансии

Во досегашната научно-истражувачка работа има настапувано на повеќе меѓународни и домашни симпозиуми, конференции и конгреси презентирајќи свои научни и стручни трудови.

## 2. *Наставно образовна дејност*

Кандидатот д-р Снежана Дичевска учествува во изведувањето на наставно-образовниот процес на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид од 06.12.2006 година изведувајќи вежби по предметите: Економија, Принципи на управување со ризици и Финансиска контрола и ревизија.

Тековно на првиот циклус на студиигиі предава предметите: Финансиски систем, Банкарско работење, Корпоративно финансиско управување, Реосигурување, Животно и здравствено осигурување и Платни системи на Факултетот за безбедност-Скопје, на студиската програма по Безбедност и финанскиска контрола.

На вториот циклус на студии кандидатот е вклучен во комисиите за изведување на наставата по следниве предмети: Финансиско -инвестиционен

менаџмент, Финансиски менаџмент, Финансиски трансакции и Современи финансиски системи.

Д-р Снежана Дичевска е акредитиран ментор за трет циклус студии, и е вклучена на докторските студии по Туризам по предметот Институционална димензија на одржлив развој на туризмот и на докторските студии по Менаџмент во услужен сектор, модул Осигурување на задолжителниот семинар -Осигурителни операции.

Кандидатот д-р Снежана Дичевска е активен и во комисиите за подобност, оцена и одбрана на магистерски и докторски студии. Во изминатите пет години била ментор на двајца кандидати за изработка и одбрана на магистерски труд, и ментор на еден кандидат за изработка и одбрана на докторска дисертација.

Врз основа на извештајот на Комисијата за самоеваулација спроведена во 2017/2018 година, произлегува дека кандидатот д-р Снежана Дичевска е **позитивно оценета** за квалитетна реализација на наставата, на начин кој ги мотивира студентите за вклучување во интерактивна настава. Наставата ја спроведува на многу јасен и разбирлив за студентите, ги поттикнува студентите на активност, самостојна работа и заинтересираност за предметот. Кандидатот д-р Снежана Дичевска е отворена и достапна за студентите преку редовни консултации и други форми на соработка.

Согласно извршената самоеваулација добиени се следниве резултати.

1. Наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата.
   Средна оценка на прашањето – 5
2. Наставникот за време на предавањата е посветен и умее да го задржи вниманието до крајот на предавањата
   Средна оценка на прашањето – 4,875
3. Наставникот ги поттикнува студентите на активност, самостојна работа и ги стимулира да поставуваат прашања.
   Средна оценка на прашањето – 5
4. Наставникот редовно ја изведува наставата.
   Средна оценка на прашањето – 5
5. Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка.
   Средна оценка на прашањето – 5
6. Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво.
   Средна оценка на прашањето – 5
7. Наставникот објективно ги оценува резултатите од работата на студентите.
   Средна оценка на прашањето – 4,875
8. За предметот постои соодветна основна и дополнителна литература.
   Средна оценка на прашањето – 4,75

### *3. Научно-истражувачка активност*

Покрај сестраното залагање за изведувањето на наставниот процес, кандидатот покажува особен интерес за научно-истражувачка активност. При тоа како области на интерес на кандидатот се јавуват макроекономија, финансискиот систем, монетарните финансии, банкарскиот менаџмент и осигурувањето. Во тие насоки кандидатот д-р Снежана Дичевска е автор или коавтор на повеќе научни и стручни трудови објавени во стручни публикации и презентирани на национални и меѓународни конференции, симпозиуми и семинари.

Со поднесената пријава кандидатот достави список на објавени научно-истражувачкитрудови. Списокот на трудови заклучно со реден број9 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Климент Охридски"- Битола бр. 338 од 01.07.2010 година, а заклучно со реден број 23 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Климент Охридски"- Битола бр. 397 од 02.03.2015 година.

24. ***Contemporary methods of measuring the credit risk in banking operations,*** HORIZONS, International Scientific Journal, Series A, Social Sciences and Humanities, Year XI Volume 17, ISSN 1857 -9884, September 2015
25. ***Small Businesses – Between the Development Intensification and Their Problems,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) (2016) Volume 25, No 3, pp 296-314, September 2015
26. **Contemporary trends in the Financial Sector – Deregulation and the need for Regulation of the Financial System,** Faculty for Economics and Enterpreneurship, 2015, Belgrade
27. ***Public Private Partnerships as Common Tool in Globalised Economy,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) (2016) Volume 27, No 1, pp 10-21, September 2015
28. ***Accounts Receivable Management – Important Task under Conditions of Globalization,*** International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) (2016) Volume 27, No 1, pp 88-94, September 2015
29. ***Strategic Alliances and Innovations in the International Business***, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) (2016) Volume 27, No 1, pp 57-64,
30. ***The Concept of Audit Risk***, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)(2016) Volume 27, No 1, pp 22-31
31. ***The Role and Importance of Budget Accounting and the Financial Reporting in the Municipalities in Republic of Macedonia***, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR)(2016) Volume 27, No 1, pp 80-87,
32. ***Microinsurance – Between the Social and the Economic Dimension of Risk Management,*** XIII International Scientific Conference on Serving Sector INSCOSES 2016, Faculty for Tourism and Hospitality – Ohrid, 06-07 October 2016
33. ***Banking surance – An Opportunity for Development and Improvement of Financial Market,*** XIII International Scientific Conference on Serving Sector INSCOSES 2016, Faculty for Tourism and Hospitality – Ohrid, 06-07 October 2016

34. **Modalities For Resolving the Non-performing Loans**, University "St.KlimentOhridski"-Bitola, International Scientific Journal HORIZONS, 2017
35. **Silkgnatia Road, Ancient Pancontinental Highway, Modern Way of Sustainable Tourism Development,** University "St.KlimentOhridski"- Bitola, International Scientific Journal HORIZONS, 2017
36. ***Options – Financial Derivatives for Managing Interest Rate Risk***, International Scientific Conferenceon IT, Tourism, Economics, Management and Agriculture, ITEMA 2017, Association of Economics and Managers of theBalkans, UdEkoMBalkan, Budapest, Hungary, 26 October 2017, Recent Advances in Information Technology, Tourism, Economics, Management and Agriculture, Conference Proceedings ISBN 978-86-80194-08-0, Belgrade, 2017
37. ***Financing Through the Use of Fixed Income Securities***, XIV International Scientific Conference on Service Sector -INSCOSES 2018, Faculty of tourism and hospitality –Ohrid, Abstracts / XIV International scientific conference on service sector - INSCOSES 2018, ISBN 978-608-4676-35-5, Ohrid, 14 – 15 September 2018, pp. 26
38. ***The Impact of Non-Performing Loans on Households on the Financial Performance of Banksin Macedonia,*** XIV International Scientific Conference on Service Sector -INSCOSES 2018, Faculty of tourism and hospitality –Ohrid, Abstracts / XIV International scientific conference on service sector - INSCOSES 2018, ISBN 978-608-4676-35-5, Ohrid, 14 – 15 September 2018, pp. 15
39. ***Living Standards and Microinsurance,*** Seventh International Scientific Conference "Employment, Education and Entrepreneurship" (EEE 2018), Faculty of Business Economics and Entrepreneurship, Belgrade, Serbia, 19-20 October 2018, Conference Proceedings FINANCE AND INSURANCE SECTOR INDUSTRY, ISBN 978-1-9993029-1-7, Publisher: Silver and Smith Publishers, London, UK, 2018, pp. 29
40. ***Financial Implications of the Fees on the Municipalitie's Own Budget Revenues (Analysis of the Temporary Residence Fee on the Example of the Ohrid Municipality)***, University "St. Kliment Ohridski"- Bitola, International Scientific Journal HORIZONS, Series A, Social Sciences and Humanities, Year XII, Volume 22, November 2018, ISSN 1857-9884
41. ***Economic Growth V.S. Economic Development – Complementary Indicators, 2nd INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON IT, TOURISM, ECONOMICS, MANAGEMENT AND AGRICULTURE - ITEMA 2018, Graz University of Technology, Steyrergasse 30, GRAZ, AUSTRIA, November 8, 2018***
42. ***Advantages and Disadvantages of Cooperation Between Banks and Insurance Companies, 2nd INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON IT, TOURISM, ECONOMICS, MANAGEMENT AND AGRICULTURE - ITEMA 2018, Graz University of Technology, Steyrergasse 30, GRAZ, AUSTRIA, November 8, 2018***

### *4. Учество во научно-истражувачки проекти*

1. IPA CROSS BORDER PROGRAMME, Wather Protection Thematic Park, Actions WATHER.NET,2, Edessa-Ohrid-Thessaloniki(2015-2016)
2. ***Финансиски импликации на таксата за привремен престој врз сопствените приходи во буџетот на општина Охрид,*** Проект: Социо-економски ефекти од туризмот во Општина Охрид за период 2004 – 2014, Број на проект:Решение бр. 02-222/3-9 од 15.05.2015, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 2015
3. Interreg-IPA CBC I-TOUR-Increasing Tourism Opportunities through Utilization of Resources I-TOUR**,** 2018-2020

### *5. Реализирани студиски престои*

1. Во период од 11.12.2017-18.12.2017 студиски престој на Dalian University for Technology, Далијан, Народна Република Кина.
2. Во период од 11.03.-16.03.2018 студиски престој на University of Nice Sophia Antipolis, Ница, Франција преку програмата ERASMUS+.

## *З А К Л У Ч О К И П Р Е Д Л О Г*

Врз основа на поднесените материјали и резимирајќи ја вкупната досегашна наставна, научна, стручна активност, учеството на домашни и меѓународни симпозиуми и конференции, учеството во научно истражувачки проекти, Рецензионата комисија констатира дека кандидатот д-р Снежана Дичевска ги исполнува пропишаните услови предвидени со Законот за високо образование и општите акти на Универзитетот “Св. Климент Охридски-Битола,”за избор на наставник од научните области 50326 *Финансии* и 50329 *Друго*во наставно- научно звање **Редовен Професор.**

Комисијата недвосмислено констатирасе работи за извонредно солиден и трудољубив кандидат, плоден научен работник и добар познавач на економската теорија и практика. Има оформено солидно образование со висока просечна оценка, како на додипломските, така и на постдипломските студии.

Остварува богата научно-истражувачка работапреку учества на конференции и симпозиуми во земјата и странство. Научните и стручните трудови со кои се претставува се одликуваат со студиозност и систематичност во истражувањето и презентираните резултати, со што придонесуваат во развојот на научната мисла и унапредување на економската практика.

Кандидатот д-р Снежана Дичевска се карактеризира со висок степен на професионалност, исполнителност на поставените задачи, одговорност, совесност кој низ своето работење се потврдува како квалитетен кадар за наставно-образовната и научно-истражувачката работа.

Има стекнато богато повеќегодишно педагошко искуство преку досегашното учество во наставно - образовниот процес на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Врз основа на тоа, Рецензионата комисијата со задоволство му предлага на Наставно- научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, кандидатот д-р Снежана Дичевска да ја избере за наставник од научните области 50326 *Финансии* и 50329 *Друго* во звање **Редовен Професор.**

Охрид, октомври 2019 год.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Ристо Гогоски, редовен професор, с.р.

2. Проф. д-р Пеце Николовски, редовен професор, с.р.

3. Проф.д-рЕвицаДеловаЈолевска, редовенпрофесор, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ДЕЛОВНО ПРАВО, ЦАРИНСКИ СИСТЕМ И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА И ДРУГО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ВО ОХРИД**

Наставно-научниот Совет на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, на својата редовна седница одржана на ден 30.09.2019 година, со одлука бр.02-507/3-4.2, нè именува за рецензенти за избор на еден наставник од научните области: **деловно право 50824, царински систем и царинска политика 50833 и друго 50835.**

По разгледувањето на доставената документација, врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, Рецензионата комисија во состав:

1. д-р Весна Пендовска-редовен професор,
2. д-р Ристо Речкоски-редовен професор
3. д-р Јове Кекеновски-редовен професор,

со почит кон Наставно-научниот совет, го дава следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс објавен во весникот "Нова Македонија" и "Коха" од 03.09.2019 година за избор на еден наставник од научните области: деловно право 50824, царински систем и царинска политика 50833 и друго 50835, се пријавил кандидатот **Д-р Данијела Милошоска,** доктор на правни науки, вработена како наставник во звањето вонреден професор на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Врз основа на поднесената пријава и останатата расположива документација, Рецензионата комисија ги изложува следните констатации:

***1. Биографски податоци***

**Милошоска Никола Данијела** од Охрид, општина Охрид, Република Северна Македонија, родена е на ден 09.10.1979 год. во Охрид, со постојано место на живеење на улица "Јордан Пиперката" број 9, 6000 Охрид, Република Северна Македонија.

Основно образование завршила во основното училиште "Христо Узунов"- Охрид со одличен успех, а средното образование го завршила во средното економско училиште "Св. Климент Охридски"- Охрид со одличен успех при што се стекнала со звање економски техничар.

Во академската 1998/1999 се запишала на Факултетот за туризам и угостителство- Охрид, отсек Царина и шпедиција. После положувањето на сите испити утврдени со Наставниот план и исполнувањето на сите обврски по Статутот на Факултетот на ден 12. 03. 2003 год. дипломирала со средна оценка 9,45 на тема "Царински криминалитет со посебен осврт на кривичното дело Криумчарење" и се стекнала со стручен назив Дипломиран менаџер по царина и шпедиција. При тоа поради постигнувањето на највисока средна оценка во

рокот утврден со Статутот на високообразовната организација, Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, била прогласена за првенец на генерација и добила Пофалница за постигнат вонреден успех.

Во април 2005 година се запишала на последипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид, насока Современи развојни тенденции во царинско-шпедитерското работење, каде ги положила сите испити предвидени со програмата за последипломски студии и остварила среден успех од 10. На 21.03.2008 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: "Однос на царинскиот систем со царинските казниви деликти во Република Македонија" и се стекнала со академскиот степен на стручна подготовка-Магистер на науки од областа на царина и шпедиција.

На 11.02.2010 година на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје ја одбранила докторската дисертација под наслов "Царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост" и се стекнала со научен степен доктор на правни науки.

Во октомври 2005 година била избрана за демонстратор по група царински предмети, а во ноември 2006 година била избрана за помлад асистент на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид. Во септември 2009 година била избрана за асистент на научните области Деловно право и Царински ситем и царинска политика. Во август 2010 била избрана за наставник во звање доцент за научните области Деловно право, Царински ситем и царинска политика и Правни науки-друго, а во март 2015 година била избрана за наставник во звање вонреден професор за научните области Деловно право, Царински ситем и царинска политика и Правни науки-друго.

Од 2011-2015 година на покана на раководителот на мастер студиите по финансово право на Правен факултет "Јустинијан Први"-Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, држи предавања по предметот Царинско право.

Од 2011-2015 година е именувана за член на Комисијата за спроведување на стручниот испит за лиценциран застапник при Министерството за финансии, Царинска управа на Република Северна Македонија.

Од 2014 до денес е избрана за едукатор за образовни услуги за Модул 3 - трговско и облигационо право за обука и стручен испит за вршење на застапување во осигурувањето и за обука и стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи во Агенција за супервизија на осигурување.

Во текот на школувањето се има стекнато со одлично познавање на пишуван и говорен Англиски јазик и со елементарно познавање на пишуван и говорен Германски јазик, како и со способност за работа со компјутер.

## 2. *Наставно-образовна дејност*

Кандидатот д-р Данијела Милошоска учествува во изведувањето на наставно-образовниот процес на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид од 2005 година изведувајќи вежби по предметите: Основи на право, Основи на право со туристичко право, Договори во меѓународен промет, Осигурително право, Царинско право, Царинско казнено право, Криминалитет и детекција, Царинска управна постапка, Царинско работење, Применето царинско работење.

Тековно на првиот циклус на студии ги предава предметите: Основи на право, Царинско право, Деловно право, Царинска тарифа, Царинско работење, Трговско право.

На вториот циклус на студии кандидатот е вклучена во комисијата за изведување на наставата по предметите Царински постапки, Легислатива во царинско работење, Царинска заштита на интелектуална сопственост и Меѓународно туристичко право. На третиот циклус на студии кандидатот е вклучена во комисијата за изведување на наставата по предметот Правна методологија во туризмот.

Кандидатот д-р Данијела Милошоска е активна и во комисиите за подобност, оцена и одбрана на магистерски и докторски студии. Кандидатот е акредитиран ментор на третиот циклус на студии на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид.

Од 2011-2015 година на покана на раководителот на мастер студиите по финансово право на Правен факултет "Јустинијан Први"-Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје, држи предавања по предметот Царинско право.

Од 2011-2015 е именувана за член на Комисијата за спроведување на стручниот испит за лиценциран застапник при Министерството за финансии, Царинска управа на Република Северна Македонија.

Од 2014 до денес е избрана за едукатор за образовни услуги за Модул 3 - трговско и облигационо право за обука и стручен испит за вршење на застапување во осигурувањето и за обука и стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи во Агенција за супервизија на осигурување.

Од резултатите на извршената самоевалуација за 2017година произлегува дека д-р Данијела Милошоска е **позитивно оценета** за квалитетна реализација на наставата на начин што ги мотивира студентите за вклучување во интерактивна настава, наставата ја спроведува јасно и разбирливо за студентите, предизвикува заинтересирсност за предметот, нагласувајќи ја посебно практичната примена на предметот во иднина, рационално го искористува времето предвидено за вежби, со посветување на додатно време за консултации и транспарентно ги оценува резултатите

Согласно извршената самоевалуација, добиени се следните резултати:

1. Наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата. Средна оценка на прашањето – 4,703703704

2. Наставникот за време на предавањата е посветен и умее да го задржи вниманието до крајот на предавањата.
Средна оценка на прашањето – 4,592592593

3. Наставникот ги поттикнува студентите на активност, самостојна работа и ги стимулира да поставуваат прашања.
Средна оценка на прашањето – 4,555555556

4. Наставникот редовно ја изведува наставата.
Средна оценка на прашањето – 4,740740741

5. Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка.
Средна оценка на прашањето – 4,740740741

6. Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво.
Средна оценка на прашањето – 4,851851852

7. Наставникот објективно ги оценува резултатите од работата на студентите.
Средна оценка на прашањето – 4,481481481

8. За предметот постои соодветна основна и дополнителна литература.
Средна оценка на прашањето – 4,666666667

### 3. *Научно-истражувачка активност*

Покрај редовните обврски кои произлегуваат од работното место, кандидатот д-р Данијела Милошоска покажува посебен интерес за научно-истражувачка активност што се потврдува со успешното завршување на предвидените испити на последипломските студии со остварен среден успех 10, успешната одбрана на магистерската теза и докторската дисертација. Како научен работник и истражувач, на полето на науката, кандидатот д-р Данијела Милошоска активно работи и има објавено научни и стручни трудови во земјата и во странство, како и два универзитетски учебници. Нејзината активност во пишување и објавување стручни и научни трудови претставува солидна основа, што може да се види од досега објавените трудови:

1. “Улогата на царинската управа на Република Македонија во борбата против царинскиот криминалитет” (во коавторство) -Прва меѓународна конференција за осигурување, царина и шпедиција: “Современи трендови во осигурувањето, царината и шпедицијата на почетокот на 21 век”-Факултет за туризам и угостителство- Охрид, Охрид, 2006.
2. “Однос на царинскиот систем со царинските казниви деликти во Република Македонија” -Магистерски труд, Факултет за туризам и угостителство-Охрид, Охрид, 2008.
3. “The involvement of the customs system of the Republic of Macedonia in today’s contemporary European system” (во коавторство) -Međunarodni skup: “Konkurentnost u uslovima globalne ekonomija”, Niš, 2008.
4. “Uticaj Evropske Unije na Razvoj carinskog sistema Republike Makedonije” (во коавторство) -Naučni skup; “Regionalni razvoj i demografski tokovi zemalja Jugoistočne Evrope “, Niš, 2008.
5. “Creating strategy of financial istitutions for involving in a process of globalisation” (во коавторство) -Međunarodni skup: “Konkurentnost u uslovima globalne ekonomija “, Niš, 2008.
6. “Koordinacija monetarne i fiskalne politike u funkciji regionalnog razvoja” (во коавторство) -Naučni skup: "Regionalni razvoj i demografski tokovi zemalja Jugoistočne Evrope", Niš, 2008.
7. “Царинско работење” (во коавторство) -Универзитетски учебник, Факултет за туризам и угостителство-Охрид, Охрид, 2008.
8. “Применето царинско работење” (во коавторство) -Универзитетски учебник, Факултет за туризам и угостителство-Охрид, Охрид, 2008.
9. “Царинската управа на Република Македонија во функција на откривање и спречување на царинскиот криминалитет” -Научно

списание Хоризонти на Универзитетот “Св. Климент Охридски”-Битола, Битола, 2008.

10. “Стока со која се повредува правото од интелектуална сопственост” - Научно списание Хоризонти на Универзитетот “Св. Климент Охридски”- Битола, Битола, 2009.
11. “Црински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост” - Докторска дисертација, Правен факултет “Јустинијан први”-Скопје, Скопје, 2010.
12. “Global financial crisis and implications on tourism in developing countries”- 20th Biennial International Congress: Tourism and Hospitality Industry 2010: New Trends in Tourism and Hospitality Management, Opatija, 2010.
13. “General socio-economic effects of counterfeiting and piracy” (во коавторство) -First international scientific conference on Economics, management and tourism, SWU of Neofit Rilski-Blagoevgrad, Faculty of Economics, Department of Tourism, 2010
14. “Заштита на правата од интелектуална сопственост во рамките на Светска трговска организација-WTO (World Trade Organization)” (во коавторство) -Научно списание Хоризонти на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола, Битола, 2010.
15. “Ефекти од повредата на правата од интелектуална сопственост врз потрошувачите” (во коавторство) -Научно списание Хоризонти на Универзитетот “Св. Климент Охридски”- Битола, Битола, 2010.
16. “Имлементација на регулативата на Советот на Европската Унија бр. 1383/2003 во Република Македонија” -Меѓународно научно списание Хоризонти на Универзитетот “Св. Климент Охридски”- Битола, Битола, 2011.
17. “Measures of the Customs Administration of the Republic of Macedonia for the protection of the intellectual property rights as part of the contemporary trends in customs” - Procedia-Social and Behavioral Sciences, Volume 44, p. 341-346, 2012.
18. “Customs professional integrity: the case of Republic of Macedonia” (во коавторство) -IVth international conference on governance fraud, ethics and social responsibility, Antalya, 2012.
19. “Prevention and detection of customs fraud” (во коавторство) -IV th international conference on governance fraud, ethics and social responsibility, Antalya, 2012.
20. ‘’Balancing Security With Trade Facilitation-The Role Of Customs Administration”, Меѓународна научна конференција “The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro Integration”, Охрид, 2013.
21. ‘’Authorized Economic Operator -Challenges of the Macedonian Customs”, XII International Conference “Service sector in terms of the changing environment-Contemporary trends in customs and freight forwarding”, Faculty of tourism and hospitality- Ohrid. Ohrid, 2013.
22. “Motivation Influences on Hotel Employees Productivity -Case Study of Ohrid” (во коавторство) –Journal for Theory and Practice of Hotel Industry “Hotel Link”, Beograd, 2013.
23. “Double Taxation and Personal Income Tax, The Case of Republic of Macedonia” (во коавторство) –The third international scientific

conference “European Integration Process of Western Balkans Countries”, Pristine, 2014.

24. “Customs Ethical Issues”, International conference CHALLENGES OF CONTEMPORARY SOCIETY, 12 November 2015, Skopje
25. “Analysis of the Hospitality Law of Republic of Macedonia with Accent on the Category National Restaurant – “Meana”” ( во коавторство), Horizonti 2016, Univerzitet Sv. Kliment Ohridski-Bitola
26. “Security and trade facilitation-the evidence from Macedonia” (во коавторство), Horizonti 2016, Univerzitet Sv. Kliment Ohridski-Bitola
27. “Security Role of the Customs Administration in the International Trade” ( во коавторство), XIII Internatiuonal Conference on Service Sector INSCOSES 2016, Ohrid, 06-07 October, 2016
28. “law Aspects of Life Insurance in Macedonia” (во коавторство), XIII Internatiuonal Conference on Service Sector INSCOSES 2016, Ohrid, 06-07 October, 2016
29. “Comparative Analysis of the Laws and Regulation on National Cuisine in the Balkans” ( во коавторство), Journal for Theory and Practice of Hotel Industry, Beograd, 2016
30. “Security Roll of the Macedonian Customs”, European Journal of Law and Political Sciences, Austria, Vienna, 2016
31. “Customs and Corruption: the case of the Republic of Macedonia”, (во коавторство), Conference proceedings of the International Scientific Conference “Towards a Better Future: the Rule of Law, Democracy and Polycentric development”, Faculty of Law – Kicevo, “St. Kliment Ohridski” University – Bitola, 2018
32. “Law Regulation for Electronic Trade in the Republic of Macedonia as an Instrument for Future Economic Development”, (во коавторство), Conference proceedings of the International Scientific Conference “Towards a Better Future: the Rule of Law, Democracy and Polycentric development”, Faculty of Law – Kicevo, “St. Kliment Ohridski” University – Bitola, 2018
33. "Countering Corruption in Customs - the Case of the Republic of Macedonia”, Меѓународна Научна Конференција INSCOSES 2018, Факултетот за Туризам и Угостителство-Охрид, 2018
34. “Legal Regulation of Public-Private Partnership for Tourism in the Republic of Macedonia”, Меѓународна Научна Конференција INSCOSES 2018, Факултетот за Туризам и Угостителство-Охрид, 2018

**4. *Учество во научно-истражувачки проекти:***

1. Програма за развој на млад факултетски кадар (Junior Faculty Develpment Program-JFDP) при Министерство за образование и култура при Стејт Департментот на Соединетите Американски држави спроведена од Американски совети за меѓународно образование (American Councils for International Education: ACTR/ACCELS, 2010.
2. Нецарински бариери со кои се соочуваат компаниите при извоз и фитосанитарната контролоа на производи, семинар организиран од страна на Стопанска комора на Република Македонија, 2011.

3. ASPAT International Seminar, Cultural Diversity in Hospitality Industry, sponsored by the Embassy of The United States of America and Faculty of Tourism and Hospitality-Ohrid, 2012.
4. Агенција за супервизија во осигурувањето, Obuka i stru~en ispit za vr{ewe na zastapuvawe vo osiguruvaweto, Скопје, 2014 до денес.
5. Агенција за супервизија во осигурувањето, Обука и стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи, Скопје, 2014 до денес.
6. Научно истражувачки проект Социо-економски ефекти од туризмот во Општина Охрид за период 2004-2014, Факултет за туризам и угостителство-Охрид, 2015
7. Erazmus + Programme, Erazmus + staff mobility for teaching, Key Action 1- Higher Education, Faculty of Humanities, University of Vlora "Ismail Qemali", Albania, 2017
8. Декада на припадност-славење на различностите, Проект финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за подршка на граѓанското опшество и медиуми 2014, Охрид, 2018

### *5. Констатација и предлог:*

Врз основа на доставената документација, изнесениот осврт, степенот на образование, научно-истражувачката активност, учеството на домашни и меѓународни симпозиуми и конгреси, учество во научно истражувачки проекти, стекнатиот академски степен доктор на правни науки, Рецензионата комисија со задоволство констатира дека кандидатот д-р Данијела Милошоска ги исполнува пропишаните услови предвидени со Законот за високо образование и општите акти на Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола и Факултетот за туризам и угостителство- Охрид, за избор во наставничко звање **Редовен Професор**.

Имено, од приложените материјали од страна на кандидатот, Рецензионата комисија констатира дека се работи за извонредно солиден и трудољубив кандидат, кој низ своето работење со нејзиниот квалитет изразен преку највисокиот просек за завршените студии, соодветноста на стручната подготовка со која се стекнала, севкупната активност, особена способност и креативност за работа на научно-истражувачко поле, познавањето на повеќе светски јазици, се потврдува како квалитетен кадар за наставно-образовна и научно-истражувачка работа.

Станува збор за кандидат, кој својот висок квалитет, одговорност, совесност, редовност, исполнителност на поставените задачи го покажува перманентно низ целото свое делување и школување кога била и е прогласувана за првенец на генерација, како и со највисокиот постигнат просечен успех на факултетот кој го има завршено како особено талентирана студентка, така и со нејзиното магистрирање и докторирање. Кандидатот активно се занимава и многу успешно работи на научо-истражувачко поле, што е евидентно од нејзиното авторство и коавторство на повеќе научни и стручни трудови во земјата и во странство од повеќе области (право, царина и шпедиција, економија), поврзани со нејзините стручни дипломи со кои се стекнала.

Се работи за вреден, скромен, културен, талентиран и амбициозен кандидат, кој со своето знаење, несебично залагање, пристап и смисла за самостојна научна работа, ветува и во иднина особено видни резултати на полето на научно-истражувачката работа. Во прилог на предходно наведеното е и приложениот извештај за спроведена самоевалувација за кандидатката, кој што Рецензионата комисија го ценеше како позитивен.

Поаѓајќи од сите наведени факти, кандидатот д-р Данијела Милошоска со своите стручни биографски податоци, со својот професионален однос на сероизен научник и истражувач, наполно ги исполнува условите да биде избрана за наставник во звањето Редовен Професор за научните области: деловно право, царински систем и царинска политика и друго, на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

**Во контекст на горе наведеното, Рецензионата комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид, кандидатот д-р Данијела Милошоска, да ја избере за наставник за научните области: деловно право 50824, царински систем и царинска политика 50833 и друго 50835** ***во звањето Редовен Професор.***

**Рецензиона комисија:**

1. д-р Весна Пендовска, ред. проф. с.р.
2. д-р Ристо Речкоски, ред. проф. с.р.
3. д-р Јове Кекеноски, ред. проф. с.р.

Наставно-научниот Совет на Факултетот за безбедност-Скопје, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, на седницата одржана на 18.09.2019 година донесе Одлука бр. 08-669/11, со која ме именува за рецензент на трудот (учебникот) Социјална патологија од авторите проф. д-р. Саше Герасимоски, проф. д–р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски. Во тоа својство го проучив трудот под горниот наслов и изготвив

**РЕЦЕНЗИОНЕН ИЗВЕШТАЈ**

што му го доставувам на Наставно-научниот Совет на Факултетот за безбедност-Скопје на увид и оценка, односно усвојување.

**I. Приказ на трудот со осврт на рецензентот**

Трудот под наслов „**Социјална патологија**“ од **авторите проф. д-р Саше Герасимоски, проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски** е подготвуван како учебник по предметот Социјална патологија, одреден како наставен предмет со наставната програма на Факултетот за безбедност во Скопје.
Трудот опфаќа 280 страници текст пишуван во компјутерска техника, нормална големина на словоредот и нормален проред. Во прилог е додаден речник на основните поими (сс. 285-295) и попис на користена литература (сс. 296-316). Обработената материја е систематизирана во четири дела, а деловите во поглавја, поглавјата во поднаслови. На овој начин, на читателот му е овозможено лесно да дојде до материјата што непосредно го интересира. Систематиката на материјата е поставена такашто ја претставува обработуваната материја во еден логичен след, овозможувајќи му на читателот постепено да навлегува во содржините што се предмет на обработка во овој труд, а на студентот што ќе го користи учебникот, постепено да навлегува во и да ја совладува материјата.

1. Во **првиот дел** под наслов „*Социјалната патологија како наука и основните поими во социјалната патологија*“ (сс. 9-19), со поднаслови: *Поим, предмет и Методи на социјалната патологија*, успешно го воведува читателот во оваа материја. Предметот на социјалната патологија го одредуваат средишно, опфаќајќи ги средишните подрачја на научниот интерес на оваа наука. По мислењето на рецензентот, поради објективниот факт дека социјалната патологија ги изучува социопатолошките појави кои егзистираат, се појавуваат во сите области на човековото живеење, многу автори вршат различна систематизација (типологизација) на социопатолошките појави, одредувајќи го подрачјето од човековото живеење и комуникации со другите поединци и заедници. Социопатолошките појави во согласност со нивните феноменолошки карактеристики и нивната етиолошка детерминираност бараат различен пристап и во нивното изучување и објаснување. Од тие причини се вршат различни типологизации и класификации. Воопшто, типологизациите го одредуваат и теоретскиот и научниот пристап кон изучувањето на социопатолошките појави. Ако овој пристап кој недостасува го применат, авторите ќе ја збогатат дефиницијата, ќе ја дополнат и така ќе го одредат нивната систематизација и методолошки пристап кон нивното

изучување, ќе одредат во кој домен од човековото живеење и активност човекот манифестира социопатолошко однесување. На тој начин, ќе си создадат и обврска да заземат став спрема пристапите на други автори чии трудови и пристапи ги наведуваат во литературата. Исто така, на тој начин, ќе се одредат и подрачјата во кои ќе се изучуват овие појави.

2. Во второто поглавје (сс. 19-27), се разработува „*Историскиот развој на социјалната патологија*", низ поднасловите: *Развој на социопатолошката мисла до конституирањето на социјалната патологија како наука* и Р*азвој на социопатолошката мисла по конституирањето на социјалната патологија како наука*, низ согледувањата на познати автори од оваа научна област. Во овие разгледувања, можело да му се посвети поголемо внимание на „интегративниот пристап", кој може да се каже дека е доминантен во Социјалната патологија и низ неговото третирање се отвораат нови подрачја на изучување и појавување на социопатолошките појави, како резултат на она што на човекот му го носи современоста. Инаку, развојот на социологијата како наука и непосредното влијание врз развојот на социјалната патологија го одредува емпирискиот пристап на изучување на овие појави. Социопатолошките појави претставуваат облик на страдање на човекот, облик на неспокојство, несигурност во живеењето, лична и општествена небезбедност, чувство на изгубена сигурност во себе.

3. Во третото поглавје под наслов „*Односот на социјалната патологија со другите науки*" (сс. 27-35), во согласност со разбирањето дека социјалната патологија припаѓа на системот на науки од кои прима влијанија, но и врши влијание, се разгледува нејзиниот однос со другите науки, пред сѐе со криминологијата, психологијата, психопатологијата, медицината, како и со виктимологијата. По наше мислење, можеби би требало да се разгледа нејзиниот однос и со казненото право и процесното казнено право, особено поради казнено-правните аспекти на социопатолошките појави, но и процесот на реагирањето на овие појави, посебно на концептите на ресоцијализација, на прилагодување, регистрација, кои не можат да се објаснат без овие науки.

4. Четвртото поглавје (сс. 35-63), „*Основни поими во социјалната патологија*", тргнува од девијантноста и од девијантните појави, т.е. од анализа на овие поими пред сѐ во социологијата и во социолошките теории. Во основата на овој поим е девијантноста како повреда, нарушување, отстапување од вредностите што ја чинат основата на личноста и општествените вредности, како и усогласувањето на своето општествено поведение со тој систем на вредности. За подобро учебничко разбирање ги објаснуваат поимите: норми (правни и граѓански), низ различните пристапи на различни автори. Од овие одредници го изведуваат и дефинираат и поимот девијантност, одредувајќи го овој поим како релативен. Девијантноста ја разбираат низ поделбата на примарна, секундарна и девијантноста како кариера. Поаѓајќи од стојалиштето дека девијантноста е општествено детерминирана, ги разработуваат и поткултурните и противкултурните облици на девијантност. Овој пристап го продлабочуваат низ разгледувањето и обработувањето на општествените дезорганизации. Во врска со овој поим, ја дефинираат општествената реакција и контрола (формална, неформална и самоконтрола).

5. Во петтото поглавје (сс. 63-72) под наслов „*Односот на социопатолошките појави со аморалните и асоцијалните појави и со деликтите*", авторите, вршат систематизација и типологизација на појавите со кои се занимава социјалната

патологија низ нивното одредување како аморални и асоцијални појави, социопатолошки појави и деликти. Претходните разгледувања им овозможуваат да ја постават оваа систематика која може да се одреди како нова и оригинална и преку која се настојува да се опфатат социопатолошките појави во нивната комплексност, да ги опфатат во систематиката со нивните својства и карактеристики кои се однесуваат на социопатолошките појави, како и на појавите што ги носи новото време и простор. Овој пристап кон обработувањето на социопатолошките однесувања на личноста и општествената заедница овозможува, според авторите на учебникот, одредување на предметот на социјалната патологија како наука и подрачје на истражување на девијантните појави во општеството. Овој пристап исто овозможува, во согласност со промените што ги носи современието, да се одреди и поимот девијантност или социопатолошка појава и кај оние појави што претставуваат нови цивилизациски вредности. Исто така, овој пристап, овозможува и бара истражувања низ кои ќе се изврши сертификација на овој пристап во социјалната патологија.

**Вториот дел** од учебникот се состои од две поглавја и тоа „*Теории за социопатолошко однесување*“ и „*Видови социопатолошки појави*“ (сс. 73-163) и во согласност со досегашната практика може да се одреди како посебен дел во кој се обработуваат покрај теориите и најзначајните социопатолошки појави. Материјата од овој дел го следи пристапот од претходните делови и обработената материја е систематизирана во поглавја, а поглавјата во поднаслови.

6. Во поглавјето под наслов „*Теории за социопатолошко однесување*“ (сс. 75-100), во релативно концентрирана форма, авторите ги претставуваат био-психолошките теории, психолошките теории, теориите на условување, психоаналитичките теории, социолошките теории, во кои посебно место му даваат на теоријата на косензусот, теоријата на аномијата, теоријата на напнатоста, особено објаснувајќи го пристапот на Роберт Мертон и неговата топологија на девијантното однесување која ја претставуваат и на шематски начин, а покрај тоа ги обработуваат уште и теоријата на контрола, теоријата на етикетирање и теоријата на конфликт. Постоењето и непостоењето на теоретски концепти преку кои се настојува да се објаснат научните пристапи кон етиологијата и феноменологијата на социопатолошките појави укажуваат на сложениот и комплементарен карактер на социопатолошките појави, пред сè, при поставувањето на концептите за нивно истражување во целина како општествен феномен, но и одделните социопатолошки појави, кои ја наметнуваат потребата на посебни теоретски и методолошки пристапи во нивното истражување. Ова поглавје ќе добие посебна смисла и значење доколку теориите се објаснат и поврзат и со одделните социопатолошки појави низ класификацијата што е дадена во трудот.

7. Седмото поглавје под наслов „*Видови социопатолошки појави*“ (сс. 102-165), може да се означи и како посебен дел во кој се обработуваат одделните социопатолошки појави од класичен вид, кои имаат обезбедено место во социјалната патологија и низ чие посебно изучување е изграден и поставен концептот на социјалната патологија како самостојна научна дисциплина.

Во ова поглавје, авторите централно место ѝ даваат на „*Вагабондажата*“ (сс. 102-108). Авторите се одлучиле вака да го одредат местото на вагабондажата бидејќи таа претставува нејтежок и најмасовен облик на отуѓеност на човекот како творечко суштество. Вагабонтите се личности кои го отфрлаат општеството и општеството ги отфрла нив. Тие заземаат негативен став кон работата (човечкиот ангажман како

твроечко суштество). Авторите нудат дефиниција на оваа појава со која настојуваат да ги опфатат сите облици на нејзината феноменологија. Одредувајќи ги нејзините основни карактеристики настојуваат да ги постават основните на научниот пристап кон неа со тежнение на сеопфатност. Оваа појава кај нас најдетално ја има обработено д-р Тодор Кралев во неговата студија. Таа претставува појава која во потполност доаѓа до израз пред сè во социо-економската природа на дадено општество, низ кое се формира општествената деформација и деградацијата на општеството. Оваа појава има големо значење за изучувањето на социо-економските карактеристики на секое општество. По распаѓањето на нашето општество (поранешната југословенска заедница), менувањето на политичкиот, правниот, економскиот и социјалниот систем, воведувањето на системот на приватна сопственост, менувањето на карактерот на општествената сопственост во приватна, големата безработица, настапи длабока социјална диференцијација на населението, го зголеми присуството на оваа појава и донесе нови феноменолошки облици кои треба да се проучуваат низ промените на општествениот систем.

8. *Алкохолизмот* (сс. 107-113) е одреден како прекумерно пиење на алкохол кое доведува до зависност од алкохол („денот почнува во алкохол“). Добро е да се заме дефиницијата на Светската здравствена организација која се наоѓа во постојан развој. Човекот е хедонист, а меѓу останатото алкохолот го прифаќа како облик на неговото уживање и ослонување во случај на жалост или страдање. Многу е значајно поместувањето на границата на зависност од алкохол кон помладите годишта од животот (кон младите) кои рано почнуваат да го употребуваат. Производството на алкохол и производството на различни видови алкохол од природни и синтетички (хемиски) суровини придонесува тој да добие големо економско значење и да се развива индустријата која создава (произведува) алкохол. Би било добро да се внесе еден став како промените во нашиот систем влијаеле врз зголемувањето на алкохолизмот (добро е да се погледнат истражувањата на д-р Јовев, кој особено се занимава со оваа проблематика во Македонија).

9. *Коцкањето (хазардните игри)* (сс. 114-119) е социопатолошка појава која преминува често и во криминална појава и покажува многу тесна поврзаност со криминалните појави. Таквата нејзина примена (појавност) ја чини многу опасна појава. Оваа димензија да се дообјасни. Во таа смисла, некоја реченица и за нејзиното кривично-правно и криминолошко значење. Оваа појава се поврзува и со својството на човекот кој настојува својот живот да го исполни со задоволства (хедонизам). Во таа смисла, коцката се среќава низ различните видови на појавување како забава-исполнување на слободното време. Таа добива особено значење во времето на економски кризи, беда и сиромаштија. Главен предмет на коцката се парите и таа се избира како средство да се дојде до пари, верувајќи во својата среќа. Во современото општество електрониката создаде многу средства преку кои се збогатуваат облиците на коцката, но и со уверување дека овие средства го спречуваат криминалот кај оваа појава. Процесите на трансформација во нашата држава, посебно безработноста, бедата и сиромаштијата, многу луѓе свртеа кон коцката како начин на обезбедување на основни приходи за егзистенција. Така, коцката доби големи размери почнувајќи од лотаријата, најразличните облици на пробање на среќата преку спортот и забавата и таа навлезе во сите области на животот. Се прошири (зголеми) бројот на коцкарници до неприфатливи размери. Добро е да се каже некој збор за иницијативата да се намали бројот на коцкарниците и да се воведат посебни облици на контрола, бидејќи и во ова подрачје навлезе организираниот криминалитет.

10. *Наркоманијата* (сс. 120-130) претставува една од најшироко распространетите појави, особено во редовите на младите луѓе. Таа спаѓа во редот на појавите од социопатолошка природа кои најтесно се поврзани со криминалитетот, го стимулираат криминалитетот до невидени размери, до војни на некои држави со картелите што се занимаваат со производство и трговија со droги. Во криминологијата се зборува за наркокриминалитет. Нема да биде лошо да се каже нешто за овој поим (оваа појава). Мислам дека треба да се нагласат два елементи: карактерот на скоро сите droги по неколку нивни внесувања во организмот на човекот и создавањето на зависност која се изразува како потреба на организмот повторно да се внесе drogата. Второ, зависноста е врзана со забранетата трговија со drogа. Некои личности кои имаат проблеми во својот живот, нив го решават со земање drogа-времено ги совладуваат проблемите оти веруваат дека така ги разрешуваат. Проблемот на легализацијата на drogите е проблем со кој кривичното право, криминологијата и социјалната патологија се занимаваат и овој проблем никако да го решат-да се договорат за средствата со кои се реагира за совладувањето на наркоманијата. Во последно време некои droги се користат како лекови за некои тешки болести. Се инсистира не само за легализација, туки и за нивно организирано производство. Кај нас расправите за ова се во тек и сметам дека не е лошо нешто да се каже за нив од аспект на актуелноста.

11. *Проституцијата* (сс. 131-138) спаѓа во појавите кои се манифестираат во областа на сексуалните односи и претставува најмасовно раширен облик на сексуална настраност. Сексуалниот нагон спаѓа во редот на најсилните човекови нагони, во врска со кој се појавуваат и најтешките и најсложените појави на девијации и настраности, во облици кои ја деградираат личноста на човекот на ниво на анималност. Способноста на човекот да го совладува, да го насочува овој нагон, да ги обединува настраностите врзани за овој нагон, во суштина го одредува и цивилизациското ниво на човекот. Во последно време проституцијата зазема големи размери, во врска со развивањето на феминистичките концепти, но и со концептите на „слобода на љубовта" и „слобода на телото", нешто што е во потполна спротивност со граѓанскиот концепт на „срам и намуз" врзани со телото на човекот. Во оваа смисла, добро е да има малку повеќе за проблемот на трговијата со бело робје и современите миграции кои имаат многу масовен карактер. На овој начин, проституцијата постанува опасна појава, бидејќи на неа се надозврзуваат многу облици на нејзина криминализација. Добро би било да се посвети одредено внимание на проблемот на легализацијата на проституцијата кај нас. Таква иницијатива има и во Собранието, а и жените и девојките протестираат јавно и бараат легализација на проституцијата како професија (како секое друго занимање), од која произлегува и одреден статус во општеството и заштита.

12. *Самоубиствата* (сс. 139-149) се интересен социопатолошки феномен. Македонија спаѓа во редот на земјите во кои стапката на самоубиства е ниска, а самоубиствата спаѓаат во редот на социопатолошките појави кои се најчесто и најуспешно истражувани. Последните неколку години после трансформацијата и појавата на транзицијата, самоубиствата се во пораст. Порано, самоубиствата беа карактеристични за руралните средини. Со процесите на урбанизација и процесите на емиграција од селата кон градовите, тие постануваат карактеристични за урбаните средини, со поместување кон помладите луѓе. Најдобри и најпотполни истражувања на самоубиствата во Македонија изврши д-р Тодор Кралев. Тој има објавено студии од

своите истражувања и мислам дека треба да се искористат овие студии и да влезат во литературата.

**Третиот дел** од учебникот (сс. 163-205) носи наслов „*Фактори на социопатолошко однесување*". Како и овој дел од учебникот и овој дел од материјата е систематизиран во поглавја. Овој дел почнува со осмото поглавје под наслов „*Егзогени, ендогени и виктимогени фактори на социопатолошко однесување*" (сс. 165-187). Етиологијата на социјалната патологија авторите ја врзуваат пред сè за човекот како био-физичко, интелектуално и емотивно суштество. На тој начин може да се објасни ставањето во прв ред на ендогените и виктимогените фактори. Во поимот ендогени фактори, можеби е добро да се објасни поимот криминогени фактори. Во таа смисла, авторите зборуваат за: склоности, навики, интелигенција, емоции, психа, телесни маани, физички и психички недостатоци, ментални заболувања и агресија и на овој начин се зазема став дека личноста е во центарот на објаснувањето на етиологијата на социопатолошките појави.

Натамошниот дел од ова поглавје авторите му го посветуваат на егзогените фактори, врзани за општеството, за општествените фактори идентификувани како политичко-правни, економски, социјални и социо-културни. Овде авторите ја разгледуваат глобализацијата сфатена како глобално село, која доведува до слободно движење на капитал, стоки и услуги, слободно движење на луѓето, совладување на разликите меѓу богатите и сиромашните, правилно распределување на богатствата и капиталот, со влијание и врз капиталот, стоките и услугите, но и на криминалот, криминалните организации и социопатолошките појави. Можеби е добро да се каже нешто и за ова последново. Интересни се и видовите егзогени фактори.

Разбирајќи го човекот како жртва на социопатолошките однесувања и страдањата на човекот во нив, авторите, на таа основа го поставуваат концептот на виктимогените фактори. Нив ги разгледуваат низ: виктимолошките предиспозиции, виктимогените ситуации, ризикот од виктимизација и посебно низ децата како жртви. Внесувањето и разработувањето на виктимолошките аспекти во рамките на етиологијата на социопатолошките појави е нов пристап во социјалната патологија, опфајќајќи го човекот-личноста во сета нејзина комплексност и едновремено отворајќи простор за истражување на оваа проблематика со проверување на влијанието на виктимологијата и одредување на нејзиното место и значење во објаснувањето на етиологијата на социопатолошките појави.

**Четвртиот дел** од учебникот е со наслов „*Процесот на социјализација и превенцијата на социопатолошкото однесување*" (сс. 205-280). Внатрешно систематизиран со поглавја и поднаслови, почнува со поглавјето 9 под наслов „*Процесот на социјализација како основа на превенцијата на социопатолошкото однесување*" (сс. 207-251). Тргнувајќи од разбирањето дека човековото поведение е општествено поведение и општествено условено, со право, авторите во центарот на спречувањето и сузбивањето на социопатолошките поведенија го ставаат концептот на социјализацијата на личноста, разгледувана преку поимот и диференцијацијата на социјализацијата, користејќи се со разбирања на овој поим од различни автори, пришто содржината на социјализацијата ја подразбираат низ следниве категории: интимитет и субјективитет на личноста, критичко размислување, откривање на вистината, морални норми, припадност кон групата, вредности и вредносни системи, општа култура, култура и човекова деструкција (девијација) и безбедносна култура. Низ

разгледувањето на социјализацијата на личноста, во суштина, со центарот на вниманието на социјалната патологија како наука и социопатолошките однесувања на човекот, авторите во центарот на внимание на оваа наука го поставуваат човекот и неговата личност. Ваквиот пристап во социјалната патологија, посебно во нејзиниот дел на етиологијата е оригинален и нов кај нас. За рецензентот, сосема прифатлив. На овој начин, авторите на учебникот влегуваат во обврска низ конкретни истражувања да ги проверуваат и потврдуваат своите поставки и овој пристап кон објаснувањето на социопатолошкото однесување на човекот, но и обврски на општеството (државата) да изградува (создава) услови за живот и работа на човекот, како претпоставки за превенција и совладување на социопатолошките појави во целина и формирањето на човекот како слободна и творечка личност. Овој пристап и натака треба да се изградува во смисла и содржина и да се унапредува научната методологија за негова реализација. Ова настојување е поврзано и со оние оние средини кои авторите ги одредуваат како средини во кои се одвива процесот на социјализација (с. 226). Тие содржини ги идентификуваат во: семејството, воспитно-образовните институции, медиумите, врсничките групи, пријателите и колегите, а посебно место му даваат на општествените ритуали и правилата на социјализација (ритуали на одвојување, ритуали на премин и ритуали на отелотворување). Во согласност со општото одредување на предметот на социјалната патологија, социопатолошките однесувања и вметнувајќи го човекот како универзален фактор на настанувањето и манифестирањето на социопатолошките однесувања, авторите отвораат една нова димензија (содржина) во предметот на социјалната патологија, нов пристап кон превенирањето на социопатолошките однесувања и на личноста на човекот, како и на средините во кои човекот се формира како личност, но и на општеството во кое човекот живее, работи и создава, расте и се формира во творечка личност.

Учебникот „Социјална патологија“ завршува со десетото поглавје под наслов „*Превенција на социопатолошкото однесување*“ (сс. 253-280). Во ова поглавје авторите тргнуваат од дефинирањето на основниот поим на превенцијата, која ја подразбираат како спречување и сузбивање на овие појави. Превенцијата ја одредуваат преку нејзината превентивна димензија. Со оглед дека на социјализацијата на личноста авторите ѝ даваат оправдано големо значење, по наше мислење, треба истата да најде место и во поимот превенција, бидејќи, по својата суштина, социјализацијата на личноста е превенција. Превенцијата ја разгледуваат како позитивна и негативна (основано кога се во прашање социопатолошките појави), а по времето и просторот кога таа се применува разликуваат примарна, секундарна и терцијална превенција (поделба што ја прават и други автори). Превенцијата низ сите нејзини облици ја согледуваат и низ функционирањето и поставеноста на безбедносниот систем, посебно на онаа димензија на превенцијата која се остварува како спротивност на репресивната димензија. Поимот ресоцијализација што се потпира на репресивните пристапи напредува во посебно време, се појавуваат нови содржини и пристапи во криминологијата, а и во пенологијата низ концептот на ресторативната правда, на која може да и се посвети еден пасус.

На крајот на учебникот, авторите поместуваат *речник на поими* од областа на социјалната патологија (сс. 281-295) и *користена литература* (сс. 296-316).

## II. Оценка за учебникот

Авторите на учебникот под наслов „Социјална патололгија“, проф. д-р Саше Герасимоски, проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски, наравиле напор да направат учебник кој одговара на времето во кое живееме и тоа, како во содржинска и техничка смисла на зборот, така и во научниот и теоретскиот третман на општествените појави што се предмет на изучување на социјалната патологија. Во содржинска и техничка смисла на зборот, на крајот на секое поглавје, под наслов „Што треба да се запомни?“, во сублимиран облик ги напомнуваат главните проблеми на поглавјето, а за секое поглавје даваат и дел кој се однесува на Прашањата за размисла и Пошироката литература.

При создавањето на учебникот авторите воделе сметка и за обемот на учебникот (бројот на страниците), што го бараат современите наставни програми. Водејќи сметка за ова настојување, авторите се довеле во ситуација да не можат доволно да ги објаснат некои содржини што се предмет на учебникот, како одредувањето на предметот на социјалната патологија, развојот на социјалната патологија како наука, обработката на некои методолошки постапки и сл. Но сепак, ова не ја намалува вредноста на учебникот и неговата разговетност. Учебникот е пишуван со јасен, разбирлив јазик и стил, лесен за разбирање и усвојување на содржините за оние на кои им е наменет.

Во современото општество, во кое слободите и правата на човекот добиваат посебно значење, социопатолошките појави имаат директен одраз врз политичката, правната, економската, социјалната и социо-културната положба на човекот, како и врз положбата на човекот при неговото остварување како творечка личност. Секаде кадешто е потребно и можно се нагласува оваа димензија, бидејќи социопатолошките појави го одредуваат карактерот на општеството (објаснуваат зошто е такво), а ова особено се однесува на нашето општество. Низ разработката на девијантноста, нејзиниот поим и содржината, во ова време во кое социопатолошките појави се јавуваат низ нови облици и форми и низ поведението на човекот и неговиот живот, се дава можност тие да се одредуваат и изучуваат во нивната комплексност. Разработувајќи ги прашањата врзани за личноста на човекот како био-физичко, интелектуално, емотивно и социјално суштество, авторите создаваат услови за нов и сеопшт пристап, за сеопфатност во изучувањето на социопатолошките појави.

Авторите предлагаат своја класификација и типологија на социопатолошките појави, што е во согласност со нивниот општ пристап кон социопатолошките појави. Би било добро да заземат став кон постојните типологизации во други учебници од други автори и на тој начин да го објаснат и својот пристап.

Мислам дека заслужува внимание разгледувањето на проблемите врзани за социјализацијата на личноста и како етиолошки и феноменолошки проблем. Авторите на учебникот навлегуваат во разгледување на проблеми врзани за етиологијата на социопатолошките појави, што инаку, не можат да се сретнат во постојните учебници. Ваквиот пристап овозможува натамошна разработка на предметот на оваа наука, но и ја наметнува потребата за програмирање и реализирање на емпириско истражување на овие појави. На овој начин, авторите преземаат обврска ваквите свои ставови и погледи да ги проверуваат и верификуваат низ емпириска проверка на истите.

Заслужува внимание и делот на трудот кој се однесува на проблемите врзани за превенцијата на социопатолошките појави. Можеби треба да се обрати поголемо внимание на проблемите и мерките за спречување и сузбивање на овие појави.

Учебникот е подготвен со широко користење на домашна и странска литература која им е на располагање на оние што ќе ги изучуваат овие појави.

Учебникот „Социјална патологија“ подготвен од авторите проф. д-р Саше Герасимоски, проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски е нов, различен од постојните учебници и отвора простор за унапредување на состојбите и изучувањето на социопатолошките појави, посебно во нашата земја.

## III. Заклучок

На Наставно-научниот Совет на Факултетот за безбедност-Скопје му предлагам **да го прифати** мојот Рецензионен извештај и **да донесе одлука за прифаќање** на овој труд за учебник по предметот Социјална патологија на Вашиот Факултет.

Скопје, 13.10. 2019 година

Рецензент
Ред. проф. д-р Љупчо Арнаудовски, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

За учебникот **Социјална патологија**“
од авторите: проф. д-р. Саше Герасимоски, проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски

Врз основа на Одлука бр.08-699/11 од 18.09.2019 година на Наставно-научниот совет на Факултет за безбедност, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, со Одлука број 14-1134/8-4 од 19.09.2019 година, ме определи за рецензент на учебникот под наслов: „**Социјална патологија**“ од авторите: проф. д-р Саше Герасимоски, проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски

Изразувајќи благодарност за укажаната доверба, а по проучувањето на ракописот имам задоволство и чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола да го поднесам следниов:

## РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за трудот

**Обем, содржина и структура на делото.** Содржински, материјалот во учебникот е поделен на 4 дела и 10 поглавја, во кои се презентирани содржини посветени на бројни концепти, теориски пристапи и сознанија поврзани со социопатолошките и другите девијантни појави. Во секое поглавје од учебникот, е проследена идејата да се понуди научна содржина и аргументи за прашањата поврзани со девијантноста, девијантните појави и општествениот контекст, со факторите, односот на општеството кон нив, како и со методите за нивното спречување и превенирање. Анализата на социопатолошките појави е проследена со идентификување на општествените услови и факторите за нивното појавување, облиците преку кои се појавува, последиците по индивидуата и општеството од нивното постоење, па се до облиците и содржините на општествената реакција, контрола и превенција на девијантните и други штетни појави. Содржините треба да им помогнат на студентите на Факултетот за безбедност, да ги совладаат наставните содржини од наставната дисциплина „Социјална патологија“, да се стекнат со нови, да ги надополнат и продлабочат постојните знаења, а преку совладувањето на теориските концепти, теориите и бројните практични примери да овладеат со содржините и ги втемелат знаењата на социопатолошките и други девијантни појави, на општествената контрола, начинот на решавање, особено превенирањето. Токму затоа може да се констатира дека трудот „Социјална патологија“ за студентите и другите корисници е своевиден практичен водич со кој се запознаваат социопатолошките, аморалните, девијантните и деликтните појави, кои се карактеристикка за општествата во разни временски периоди, значи и за сегашното, па токму заради тоа треба да се унапредуваат знаењата, особено во

нивната идентификација  и да се јакнат способностите и вештините за нивно успешно превенирање и решавање.

Содржината на трудот претставува јасна мисловно логична целина.

Првиот дел носи назив **Социјалната патологија како наука и основните поими во социјалната патологија** и се состои од пет поглавја. Првото поглавје е насловено со „Поим, предмет и методи на социјалната патологија", во кое се тематизирани и содржините поврзани со поимот и предметот на социјалната патологија. Второто поглавје е посветено на историскиот развој на социјалната патологија. Во него се дебатира за развојот на социопатолошката мисла до конституирањето на социјалната патологија како наука и  нејзиниот  развој  како наука. Третото поглавје се однесува на  односот на социјалната патологија со другите науки, како што се: социологијата, криминологијата, психологијата, психопатологијата, медицината и со виктимологијата. Четвртото поглавје е посветено на основните поими во социјалната патологија. Во овој дел се определува и дефинираат поимите: девијантното и нормалното однесување, потоа се расправа за вредностите, нормите и општествената девијантност, за нејзината релативност, но и за примарната и за секундарната девијантност, како и за девијантната кариера. Во ова поглавје отворена е расправата за поткултурите, противкултурите и општествената девијантност, за општествените дезорганизации. Дебатата завршува со дефинирањето на поимите и видовите општествена реакција и контрола. Петтото поглавје го отвора дискурсот за односот меѓу социопатолошките со аморалните и асоцијалните појави и со деликтите. При тоа се врши разграничување на социопатолошките појави од аморалните и асоцијалните појави и од деликтите, се утврдува односот на социопатолошките појави со аморалните и асоцијалните појави, но и со деликтите.

Вториот дел од учебникот носи назив „**Теории за социопатолошко однесување и видови социопатолошки појави**" и преку две посебни поглавја ги обработува најзначајните теории на социопатолошко однесување, како и најзначајните социопатолошки појави. Имено во шестото поглавје се дебатира за теориите за социопатолошко однесување, преку расправата за био-антрополошките, психолошките и социолошките теории. Седмото поглавје е посветено на видовите социопатолошки појави, расправано за: вагабондажата, алкохолизмот, коцкањето, наркоманијата, проституцијата, самоубиствата.

Третиот дел, од учебникот  што носи назив „**Фактори на социопатолошко однесување**", низ седмото поглавје се разработени ендогените, егзогените и виктимогените фактори на социопатолошко однесување. Виктимогените фактори се анализираат преку виктимогените предиспозиции и ситуации, се расправа за ризикот на виктимизација, а дебатата завршува со темата „Децата како жртви".

Четвртиот и последен дел е структуриран во две посебни поглавја, носи назив **„Процесот на социјализација и превенцијата на социопатолошкото однесување"**. Деветтото поглавје е посветено на процесот на социјализација како основа на превенцијата на социопатолошкото однесување, при што внимание се посветува на дефинирањето на поимот, содржината и видовите социјализација, средините во кои се таа се одвива, како и за важноста на општествените ритуали на

премин за правилна социјализација. Десеттото поглавје е посветено на превенцијата на социопатолошкото однесување. Во него се дефинира поимот и видовите на превенцијата. Во таа смисла се разгледува превенцијата на социопатолошкото однесување преку срeдините на социјализација и преку институциите на безбедносниот систем.

На крајот од трудот е понудена библиографија со завиден број (370) библиографски единици.

**Оригиналност на трудот.** При изготвувањето на учебникот „Социјална патологија" е консултирана научно-релевантна домашна и странска литература од областа на филозофијата, социологијата, социјалната патологија, криминологијата, правото и другите општествени науки. Сознанијата од тие респективни трудови се втемелени во основата на учебникот, се разбира, поткрепени и вкрстени со оригинални погледи и мисловни концепти на авторите и со повлекување на паралели социопатолошките, аморалните и другите девијантни однесувања и појави.

Учебникот е структурирана и втемелена расправа за современите концепти на социопатолошките пристапи, преку кои се отвораат дебатите и се афирмираат бројните искуства од барањето одговор за превенирање, сузбивање и решавање на социопатолошките, аморалните и други девијантни појави. Во таа смисла, ова издание е оригинален научен труд, со јасна концепциска содржина, со систематичност во излагањето, со теориска заснованост и продлабоченост на дебатата и со оригиналност во изведувањето на констатациите и заклучоците.

Во македонскиот високо-образовен простор понудата на литература од областа на Социјалната патологија е скромна. Бројот на изданијата, кај нас се однесуваат на изданијата на проф. д-р Љупчо Арнаудовски „Предавања по социјална патологија", на Љупчо Арнаудовски и Татјана Велкова „Социјална патологија" и „Педагошка социопатологија" од авторите Јордан Спасески, Пере Аслимоски и Оливер Бачановиќ. Токму затоа можеме да констатираме дека овој труд е меѓу ретките во нашата земја и е сериозен научен зафат во актуелизирањето и презентирањето на содржините од оваа област.

**Степен на соодветност на текстот со програмата**. Книгата „Социјална патологија" е наменета како учебник за студентите на Факултетот за безбедност, за предметната програма „Социјална патологија". Изложените содржини соодветствуваат на предметната програма и ќе претставуваат неопходен материјал за совладување на знаењата од предметите „Социјална патологија", а ќе може да се користат и содржини за предметната програма: „Превенција на социопатолошките појави" на студиските програми на Факултетот за безбедност.

**Методичко-дидактички вредности.** Поаѓајќи од основната намена на трудот, може да се констатира:

*Прво*, во изработката на овој учебник авторите се користат со релевантна научна литература. Содржините кои се предмет на обработка се научно засновани, што значи, изнесените ставови, констатации, аргументи и други факти се поткрепени со релевантни сознанија, од домашна и странска научна литература од

соодветната научна област. Притоа, преку творечки и критички процес, на најдобар можен начин, е пренесена материјата и е даден авторски придонес во дефинирањето, опишувањето и објаснувањето на значаен број сложени поими од областа на социјалната патологија.

*Второ*, избраните содржини се однесуваат на основните, најзначајните и практичните прашања и дилеми во социјалната патологија, посебно поврзани со идентификувањето на социопатолошките, аморалните и други девијантни појави, со продлабочување на знаењата и јакнењето на вештините за превенирање, справување и решавање на облиците на асоцијалното поведение, социопатолошките облици и други девијантни форми на пројавување во заедницата, што е во функција на јакнењето на професионалниот етос и стандарди на професионалците во борбата против асоцијалните, девијантните и криминалните појави и дејствувања.

*Трето*, сознанијата изнесени во трудот се карактеризираат со систематизираност, разграниченост, логична поврзаност и прегледност, кои ја потврдуваат и методичко дидактичката ориентација на авторите. Во него се вградени позитивните искуства од подготовката на високошколските учебници, што значи дека секоја глава започнува со кратка напомена за содржината и целите на поглавјето, потоа следи излагање на материјалот низ неколку точки според систем на дедукција, проследено со примери, со кратка содржина, во која преку рафинираните дефиниции се издвојува најбитното и содржини што корисникот на учебникот треба да ги запомни, како и прашања за размисла и за водење дебата. Секое поглавје завршува со препорачана литература, односно пошироки извори кои треба да го побудат интересот и љубопитството на корисникот.

Покрај основниот текст, Учебникот е проследен со примери и искуства кои се во функција за полесно совладување на материјата, што ја зајакнува неговата практична и применлива димензија.

Посебна значајна карактеристика на Учебникот „Социјална патологија“ е Речникот на поими кој е своевиден потсетник за корисниците на ова издание, но и дополнителна алатка која е во функција на повторување и утврдување на поимите. Тоа е особено значајно за целосно овладување со поимно-категоријалниот апарат на науката што е основна претпоставка за несметана комуникација и за градење на професионалниот идентитет на идните експерти од областа на откривањето, превенирањето и решавањето на социопатолошките, но и другите деликтни појави и настани.

### 2.Мислење и предлог

Врз основа на изложениот преглед и ставови во овој Извештај, како рецензент се стекнав со уверување дека трудот „**Социјална патологија**“ од авторите: проф. д-р Саше Герасимоски, проф. д-р Оливер Бачановиќ и проф. д-р Пере Аслимоски е оригинален и научно втемелен, методолошки е коректно изготвен и има неспорна и завидна научна, стручна и педагошко-дидактичка вредност, како во теоретската елаборација, така и во аналитичко-синтетичката презентација на емпириската евиденција, сознанија и научната дебата од областа на социјалната патологија и затоа со задоволство, на Наставно-научниот совет на

Факултетот за безбедност, му предлагам, трудот „**Социјална патологија**“, **да го објави** и **издаде** како **основен универзитетски учебник** за предметната програма Социјална патологија, на сите судиски насоки на Факултетот за безбедност.

Исто така овој учебник може да им се препорача и на други високошколски и други образовни и државни институции и органи, во кои имаат непосредни задачи поврзани со решавањето на асоцијалните, социопатолошките, аморалните и други девијантни појави. Учебникот, исто така, е неопходен прирачник за стручните и други кадри кои постапуваат или се во функција да ги превенираат, спречуваат или решаваат асоцијалните, социопатолошките и други девијантни појави.

Во Скопје — Рецензент

18 Октомври 2019 година — Проф. д-р Цане Т. Мојаноски, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**на ракописот Меѓународно јавно право (практикум)**
**од авторот д-р Марија Миленковска, вонреден професор на**
**на Факултетот за безбедност – Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје, единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на седницата одржана на 18.09.2019 година донесе одлука (архивски бр. 08-669/8) со којашто сме избрани за рецензенти на ракописот Меѓународно јавно право (практикум) од авторот д-р Марија Миленковска, вонреден професор на Факултетот за безбедност – Скопје.

По деталано разгледување и увид во трудот, на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје му го поднесуваме следниот:

## РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

### 1.Општ и посебен приказ на трудот

Ракописот Меѓународно јавно право (практикум) е напишан на македонски јазик. Тој ево обем од 244 страници, вклучително и библиографијата и прилогот бр.1, во Б5 формат и претставува мисловна логична целина. Трудот адресира теми и прашања од областа на меѓународното јавно правои на разбирлив и јасен јазик ги запознава студентите со најзначајните прашања од оваа област, користејќи соодветна научна терминологија. Тој може да се користи како учебно помагало во наставата на Факултетот за безбедност – Скопје бидејќи неговата содржина во голема мера ја следи содржината на основниот заеднички учебник „Меѓународно јавно право“ од авторите Ортаковски и Миленковска, што се користи во наставата на Факултетот за безбедност – Скопје, и соодветствува со предметната програма Меѓународно јавно право.

Содржината на трудот е структурирана во единаесет глави, плус библиографија и еден прилог. На почеток на секоја глава се апострофирани главните прашања што се предмет на разработка во таа глава, а во рамките на содржината на секоја глава се дадени и дополнителни дилеми и прашања што ги поттикнуваат студентите дополнително да истражуваат и да се служат со учебникот односно со други материјали.

Првата глава од трудот е насловена „Дефинирање, настанок и развој на меѓународното право“. Во оваа глава преку еден вид на импровизиран дијалог меѓу авторите се презентирани аргументите на критичарите на меѓународното право и аргументите на авторите кои се обидуваат да го одбранат како посебна правна

дисциплина. Со други зборови се дадени различните теоретски позиции, односно различните претпоставки во однос на природата и функциите на меѓународното право од коишто тргнуваат авторите, како и различните пристапи што ги применуваат, овоможувајќи им на студентите сами да изведат заклучок што се подразбира под поимот меѓународно право. Во продолжение, се дадени цитати од одлуки на меѓународните судови со цел да се види нивниот пристап кон природата на меѓународното право. На крајот од оваа глава се разгледува прашањато за односот меѓу внатрешното и меѓународното право, како и статусот на меѓународните договори во македонскиот правен поредок.

Втората глава е насловена „Извори на меѓународното право". Во оваа глава од трудот се разгледуваат изворите на меѓународното право, преку анализа на постоечката литература во овој дел, како и преку презентирање и цитирање на релевантни акти и на практиката на постоечките меѓународни институции и тела. Посебен фокус е ставен на фрагментацијата на меѓународното право и како да се реши конфликтот на норми. Се дискутира и дилемата дали може да се зборува за хиерархија во меѓународното право. Во тој контекст, се анализра и односот меѓу *jus cogens* нормите, *erga omens*обврските и членот 103 од Повелбата на Обединетите нации. Исто така, во овој дел на трудот се дадени случаи преку чиешто разгледување, анализирање и решавање студентите ќе добијат сознание за поимот и елементите на меѓународниот обичај, како и за ефектите на едностраните акти во меѓународното право.

Третата глава е насловена „Субјекти на меѓународното право". Во оваа глава се анализираат субјектите на меѓународното право, но и некои од правата и обврските на државата. Во тој контекст, прво се разгледува прашањето што денес се подразбира под суверенитет на држава. Во продолжение,преку анализа на реакацијата на меѓународната заедница на процесот на распаѓање на Југославија се укажува на главните дилеми во врска со признавањето на држави што се дебатираат во современата литература. Понатаму во овој дел се дадени делови на некои од најзначајните меѓународни акти, вклучително и пресуди, што го тангират и третираат правото на самоопределување, овозможувајќи им на тој начин на студентите и читателите воопшто, да идентификуваат што се подразбира под право на самоопределување, кој се самоопределува односно кој има право на самоопределување. Авторот, исто така, во овој дел ги презентира и дилемите за односот меѓу правото на самоопределување и територијалниот интегритет и независноста на државата.На крај од оваа глава е презентиран пристапот на Меѓународниот суд на правдата кон принципот на неинтервенција во случајот со воените и паравоените активности во и околу Никарагва, преку цитат на дел од пресудата на судот.

Четвртата глава е насловена „Меѓународна одговорност и надлежност на државата". Во овој дел од трудот се дадени делови од значајни меѓународни акти и од практиката на меѓународните судови и случаи, преку чија што анализа и разгледување студентите ќе добијат продлабочено знење за: 1) поимот меѓународна одговорност на државата; 2) што се подразбира под противправен акт и кој акт се смета за акт на

државата; 3) поимот и видови надлежност на државата; 4) односот меѓу одговорноста на државата и договорното право; и 5) екстериторијалното важење на меѓународните договори за човекови права.

Петтата глава е насловена „Меѓународно право за права на човекот". Фокусот во оваа глава од трудот е ставен на неколку прашања. Прво се анализира што се подразбира под поимот човекови права и кои права се човекови права. Во рамки на оваа расправа се отвара и прашањето дали може да се зборува за универзални човекови права, како и за хиерархија меѓу човековите права. Потоа во оваа глава се разгледуваат меѓународните системи за заштита на човековите права воспоставени на универзално и регионално ниво преку презентација на најзначајните меѓународни акти и одлуки на меѓународните судови и тела. Во продолжение од трудот предмет на анализа е поимот малцинството и малцинските права. На крај во оваа глава авторот од меѓународното право за права на човекот се префрла на меѓународното кривично право. Иако се отвараат и други прашања поврзани со односот меѓу човековите права и меѓународното кривично право, централно место во овој дел и е дадено на пресудата на Меѓународниот кривичне трибунал за поранешна Југославија во случаите Бошковски и Тарчуловски.

Шестата глава е насловена „Области во меѓународното право". Во оваа глава се дадени случаи преку чија што анализа студентите можат да ги разработат и разберат некои од значајните прашања поврзани со територијата на државата, како принципот на стабилност на државни граници, поимот*terra nullius* и некои од начините на стекнување на државна територија, вклучително и што се подразбира под критична точка и естопел.

Седмата глава е насловена„Дипломатско и конзуларно право„. Фокусот во оваа глава е ставен на дипломатските и конзуларните привилегии и имунитети. Потоа, се разгледува и воспоставувањето на дипломатските односи, дипломатскиот азил и односот меѓу конзуларните фунционери и нивните државјани (членот 36 од Виенската конвенција за конзуларни односи).

Осмата глава е насловена „Меѓународно договорно право". Во оваа глава се анализира и разгледува што се подрабира под поимот меѓународен договор, фазите на склучување на договор, како и условите за престанок и ништовност на договорите. Исто така, се анализира и што се подразбира под *pacta sunt servanda*и толкување на договор. Авторот, користејќи низа на случаи им овозможува на студентите да стекнат подлабоки сознанија: кој договор се смета за договор на државата; кој може да склучи договор во име на државата; што се подрабира под обврската да се преговара во добра верба; што се подразбира под обврската да не се повреди предметот и целта на договорот; како се толкува еден меѓународен договор; што се подразбира под резерва и која резерва е некомпатибилна со предметот и целта на договрот; условите за ништовност и престанок на договорите.

Деветтата глава е насловена „Меѓународни организации". Во оваа глава од трудот се дефинира поимот меѓународни организации, се дискутира улогата, правниот персоналитет и капацитет на Обединетите нации (ОН), но и целите и улогата на некои од

постоечките регионални организации. Во продолжение, (користејќи го македонскиот случај) се разгледуваат условите за прием во членство на ОН.На крај во овој дел авторот ја поставува дилемата дали денес може да се говори за криза на мултилатерализмот.

Десеттата глава е насловена „Мирно решавање на спорови". Во оваа глава, генерално преку анализа на случаи, се разгледуваат начините на мирно решавање на спорови, со посебен фокус на надлежноста на Меѓународниот суд на правдата. Главниот акцент е ставен на македонско-грчкиот спор за разликата за името, но и македонско-грчкиот спор пред Меѓународниот суд на правдата околу примената на Привремената спогодба потпишана во 1995 година.

Единаесеттата глава е насловена „Употреба на сила и меѓународно хуманитарно право". Оваа глава неформално е поделена на два дела. Во првиот дел се анализира третманот на употребата на сила во меѓународното право. Во тој контекст, се дебатираат исклучоците од забраната за употреба на сила предвидени со Повелбата на ООН, принципот на неинтервенција и правото на самоодбрана. Посебен акцент е ставен на случајот со вооружените активности во Авганистан во 2001 година и случајот со воените и паравоените активности во и околу Никарагва, разгледуван од страна на Меѓународниот суд на правдата. Во вториот дел од оваа глава се дефинира поимот меѓународно хуманитарно право (МХП), се идентификуваат основните принципи на МХП и се дебатира кога започнува и завршува да се применува ова право. Во продолжение, се дадени делови на некои од најзначајните акти од областа на МХП, преку чија што анализа студентите се запознаваат со видовите вооружени судири и применливите правила, поимот борци и што се подразбира под воени цели. На крај од овој дел се разгледува односот меѓу човековите права и МХП, со посебен акцент на пристапот на Меѓународниот суд на правдата кон ова прашање.

На крајот од трудот е дадена библиографија, како и прилог бр. 1 во којшто се дадени цитати од пресуди, одлуки и мислења на меѓународни судови и во кој студентите можат да го видат одговорот на случаите дадени за размислување и решавање во одредени глави во рамките на трудот. Исто така, треба да се забележи дека составен дел од ракописот се и табела на меѓународни и други акти, табела на случаи и индекс.

Од приложениот ракопис е евидентно дека е консултирана релевантна литература, (особено странска) во областа на меѓународното право. Содржината, којашто е научно заснована, е систематизирана на оригинален начин и логично повразанаовозможувајќи им на студентите да се стекант со знаења во областа на меѓународното јавно право и лесно да го совладаат задолжителниот материјал во рамките на истата предметната програма. Трудот е конципиран така што ги соочува студентите со различните пристапи на авторите кон исти актуелни прашања или проблеми од областа на меѓународното јавно право, што често и жустро се дебатираат во теоријата и практиката. Тој, исто така, им дава увид на студентите во некои од најзначајните меѓународни акти, како и во практиката на меѓународните судови и тела, вклучително и преку презентирање на случаи што самите треба да ги размислат и решат. Материјалите се педагошки и дидактички добро

дизајнирани и, меѓу другото, овозможуваат самостојна работа на студентите, дополнителени продлабочени истражувања и носење на објективни самостојни заклучоци.

На македонските високообразовни установи се користат учебници меѓународно јавно право на македонски јазик.Меѓутоа, во нашата држава речиси и да нема учебни помагала во областа на меѓународното јавно право коишто поттикнуваат критичко мислење, ги ставаат студентите во позиција да бидат активни субјекти во наставата и им помагаат полесно да се запознаат со меѓународното јавно право. Тоа му дава дополнителна вредност на приложениот ракопис.

**2. Заклучок**

Ракописот Меѓународно јавно право (практикум) од авторот д-р Марија Миленковска, вонреден професор на Факултетот за безбедост – Скопје, ги задоволува содржинскитеи методолошко-дидактичките критериуми за учебно помагало, како и критериумите за издавањеучебни помагала утврдени со прописите на Универзитетот „Св. Климент Охридски„ – Битола. **Рецензентите со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје ракописот Меѓународно јавно право (практикум) да го издаде како учебно помагало за предметната програма Меѓународно јавно право за сите студиски програми на Факултетот за безбедност – Скопје.**

Скопје **Рецензенти:**

**проф д-р Владимир Ортаковски с.р.**

**проф д-р Татјана Петрушевска с.р.**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**
**Бр.08-794/26**
**24.10.2019 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и член 59 и член 60 Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог на Наставничкиот совет на втор циклус на студии, Наставно-научниот совет на единицата Факултет за безбедност - Скопје, на седницата одржана на 24.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај за подобност на тема за изработка на магистерски труд и определување на ментор**

1. Наставно-научниот совет го усвои Извештајот за оценка за подобност за изработка на магистерски труд од кандидат Јулија Поповска Александровска со наслов „Медиумското прикажување на полицијата во градењето на јавното мислење“ , а поднесен од Комисија за оценка на подобност на тема во состав: вонреден проф д-р Никола Дујовски, вонреден проф. д-р Весна Стефановска и вонреден проф. д-р Богданчо Гогов.

2. Се прифаќа насловот на темата за изработка на магистерскиот труд со наслов: „Медиумското прикажување на полицијата во градењето на јавното мислење“, од кандидат Јулија Поповска Александровска.

3. За ментор на изработка на магистерскиот труд со наслов „Медиумското прикажување на полицијата во градењето на јавното мислење“, од кандидат Јулија Поповска Александровска се определува вонреден проф. д-р Богданчо Гогов.

4. Одлуката за прифаќање на темата за изработка на магистерскиот труд да се објави во Билтен на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

6. Одлуката да се достави до кандидатот, Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола, Одделение за студентски прашања, досие и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Изработил м-р Цветанка Радиновска Панова

Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола,
ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА
University "St. Kliment Ohridski" – Bitola
FACULTY OF BIOTECHNICAL SCIENCES - BITOLA

Partizanska bb, P.O. Box 53, Bitola, 7000, R. North Macedonia, Tel: +389 (0)47 238 276, Fax: +389 (0)47 226 220, web: www.fbn.uklo.edu.mk

Бр.02-862/2
01.10.2019 год.
Битола

Врз основа на член 110, став 1, точка 21 од Законот за високото образование и член 58, 59 и 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, по предлог на Наставничкиот совет за втор циклус студии, Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки-Битола, на седницата одржана на ден 01.10.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Извештајот од Комисијата за подобност на темата за изработка на магистерскиот труд под наслов: **„Компаративни методи за утврдување на субклинички маститис со цел подобрување на квалитетот на млекото"** и кандидатот **Благоја Ристески**.

2. Се прифаќа насловот на темата: **„Компаративни методи за утврдување на субклинички маститис со цел подобрување на квалитетот на млекото"**.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан**

**Проф. д-р Љупче Кочоски**

Доставено до:УКЛО,
досие и архива

## РЕЦЕНЗИЈА

На ракописот – универзитетски учебник со наслов „Критичка писменост“ од вонр. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска

Врз основа на член 103 точка 8 од Законот за високо образование и член 16 став 4 од Правилникот за организирање на издавачката дејноста на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, како и врз основа на Предлог-одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет-Битола (бр. 02-287/5 од 5.07.2019), Ректорската управа на Универзитетот на 246-тата седница одржана на ден 19.09.2019 донесе одлука за формирање на рецензиона комисија (бр. 14-1134/8-2) со која сме одредени како рецензенти на ракописот – учебник со наслов „Критичка писменост“ од вонр. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска

По прегледување и анализа на ракописот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. ОПШТ ДЕЛ

Ракописот „Критичка писменост“ од вонр. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска ќе се користи како основен учебник по изборниот предмет Критичка писменост на прв циклус студии на насоката Македонски јазик и книжевност (3+1, ЕКТС 6, III сем.); насоката Преведување (3+1, ЕКТС 4, IV сем.) и насоката Англиски јазик и книжевност (2+2, ЕКТС 4, III сем.). Учебникот е во полето Образование и областите Педагогија, Дидактика и Методика. Предметот Критичка писменост за прв пат е воведен на Педагошкиот факултет-Битола и воопшто во државата од 2012 година.

Учебникот наменет за овој предмет содржи четири дела со следниве наслови, односно поднаслови: *Писменост*, *Текст, Критичка писменост* и *Методичко моделирање на критичката писменост*. Учебникот има 212 страници, Б5 формат и истиот содржи оригинални и адаптирани графички прикази поместени во текстот.

На почетокот од овој ракопис има вовед во кој се објаснети структурните елементи и содржината на учебникот, а веднаш потоа е поместена и содржината. Секое поглавје содржи исти структурни делови: цели на поглавјето во кои се прецизирани целите со примена на Блумовата таксономија, вовед во кој се дава кратко објаснување за содржината, нумерирани поднаслови во кои се разработува содржината на поглавјето, истакнати делови во посебна рамка за секој поднаслов преку што на корисникот на овој учебник му се привлекува вниманието со тоа што се истакнуваат главните мисли од содржината на секој поднаслов, задачи за студентите кои поттикнуваат ангажирање на когнитивни способности од повисок ред, но и кои го помагаат учењето со разбирање и поттикнуваат на критичко мислење, резиме на крајот од секое поглавје за да се олесни процесот на учење, прашања за самопроверка на корисникот на учебникот и список на референци кои се однесуваат на проблематиката која е третирана во секое поглавје.

2. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Во првиот дел *Писменост*, се разгледува писменоста како поим кој е предмет на развој низ времето или поконкретно во втората половина на дваесетиот век и почетокот на дваесет и првиот век. Писменоста се разгледува низ призмата на различни теории и сфаќања, а се започнува со најраширената дефиниција според која писменоста е

способност за читање и пишување. Притоа, се укажува на фактот дека оваа дефиниција е непотполна затоа што поимите читање и пишување различно се сфаќаат во зависност од општествено-историски фактори на влијание. Така дефиницијата за поимот писменост се проширува, затоа што писменоста е социјален акт, т.е. чин со кој се остварува комуникација и од тоа произлегува сфаќањето дека практикувањето на способностите поврзани со писменоста зависи од контекстот, што значи дека не може да се научи еднаш засекогаш. Тоа, според авторката, е заради манифестирање на способноста за читање во различни контексти или дискурси, што е различно и бара комбинирање на повеќе способности за комуникација и интеракција. Следен чекор во определувањето на поимот писменост е дефинирањето во рамките на модерните општества со развиена информациско-комуникациска технологија. Станува збор за мултимодалната писменост, но и мултиплата писменост како најсовременото сфаќање на оваа проблематика, затоа што се покажува дека писменоста е контекстуално зависна. Оттука, се зборува за следните видови писменост: здравствена, информациска, електронска/дигитална, математичка, педагошка, економска, литературна, техничко-технолошка, јазична, политичка, медиумска, критичка, критичко-медиумска и други. Во учебникот посебен акцент се става на критичката медиумска писменост.

Во вториот дел со наслов *Текст*, се дефинира текстот, при што се поаѓа од книжевните структуралистички и постструктуралистички теории (Де Сосир, Бедие, Барт (структуралистот), Проп, Леви Строс, Греимас). Во посебен дел е обработено значењето на текстовите и тешкотијата да се создаде значење, како и влијанието на колективната и индивидуалната мисла во текот на создавањето на значењето, а се обработени и процесите поврзани со неговото пресоздавање. Дефинирани се и поимите литературен контекст и дискурс. Се определува и раскажувачот во литературните дела, како и перспективата која се зазема во текот на раскажувањето. Главен акцент се става на деконструктивното читање кое има основа во деконструкционализмот на Дерида според кој доаѓањето до значењето на текстот е невозможно поради фактори кои произлегуваат од општеството, времето и карактеристиките на поединците кои стапуваат во комуникација. При деконструктивистичкото читање се обрнува внимание на маргинализираните елементи или елементите кои се отсутни во текстот, тоа што е во заграда или е недоречен, тоа што е додаток или прилог на основниот текст, но и тоа што е центар на внимание. Значајно внимание во учебникот се посветува и на реконструктивното читање. Таквото читање може да води кон пресоздавање на текстовите што се предмет на анализа или од нив да се создаваат нови со цел развој свеста за функционирање на јазикот што се употребува во текстот, односно јазикот на фикцијата, односно ученикот да биде субјект во наставата. Со тоа на ученикот му се дава моќта за создавање.

Третиот дел со наслов *Критичка писменост* содржи поднаслови што го определуваат поимот критичка писменост, но и поими со кои критичката писменост се компарира и контрастира заради нејзино попрецизно дефинирање и определување. Критичката писменост потекнува од критичките социјални теории, од постструктуралистичките книжевни теории и педагогијата на Паоло Фрер. Според авторката, постоењето на критичка писменост претпоставува постоење свесност за влијанието на општествено-историските, културните фактори на влијание, како и за возраста и за индивидуалните карактеристики на поединците кои учествуваат во процесот на кодирање и декодирање на пораките.

Четвртиот дел со наслов *Методичко моделирање на критичката писменост* содржи модели на методичко обликување на развојот на критичката писменост кои се употребуваат во светот. Во учебникот за прв пат се претставува методичкиот модел за развој на критичката писменост кој е наречен 5Р и чија функционалност е експериментално проверена со истражувањето за изработката на докторската дисертација на авторот на овој учебник. Моделот 5Р опфаќа 5 фази на кои може условно да се подели наставниот час, а тие се: ретроспекција, рецепција, репрезентација, реакција и реконструкција. Секоја од овие фази е детално објаснета. Со овој модел наставниците се охрабруваат да поставуваат интратекстуални, интертекстуални, но и екстратекстуални прашања во рамките на претходно идентификуваните видови анализа на текстот: содржинска, естетска, етичка, функционална и критичка. Од страна на авторката идентификувани се 5 методи за пресоздавање или реконструкција на текстовите: адиција, супституција, елиминација, трансформација и аналогија. Притоа, наведени се примери за примената на секој од методите.

Јазикот што се употребува во учебникот е академски и содржи упатување на соодветна референтна литература, но исто така е приспособен на потребите на студентите кои ќе бидат корисници на овој учебник и тоа најмногу преку соодветните упатства, задачи и вежби, примери, заклучни параграфи и прашања за самопроверка на студентите.

Врз основа на направената детална анализа на учебникот што е предмет на рецензирање, на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет-Битола му го поднесуваме следниов

ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид горенаведеното, сме на мислење дека ракописот „Критичка писменост“ од вонр. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска ги задоволува и ги исполнува сите критериуми за универзитетски учебник кој ќе се користи на Педагошкиот факултет-Битола по предметот Критичка писменост за кој нема достапна литература на македонски јазик. Учебникот содржи соодветни упатства за работа, студентот е запознат со целите на секое поглавје и е активно вклучен во процесот на учење, затоа што основниот текст содржи истакнати главни мисли во посебна рамка, дава задачи за студентите, има соодветно резиме и прашања на крајот од секое поглавје. Студентите се упатуваат и на користење на научна литература, затоа што на крајот од секое поглавје има список со релевантни научни референци. Јазикот е соодветен на потребите на студентите.

Поради тоа чест ни е на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет-Битола да му предложиме ракописот „Критичка писменост“ од вонр. проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска да го одобри за издавање како универзитетски учебник.

22.10.2019

Рецензенти:
Ред. проф. д-р Деан Илиев,
Педагошки факултет-Битола с.р.

Ред. проф. д-р Блаже Китанов,
Факултет за образовни науки-Штип с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## од областите

## 50602 МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМИ, 50623 ПРЕТПРИЕМНИШТВО и 50624 ДРУГО (ОРГАНИЗАЦИСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ИНОВАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ) на Факултетот за информатички и комуникациски технологии- Битола

Врз основа на конкурсот објавен на 16 октомври 2019 година во весниците „Нова Македонија" и „Коха" за избор на наставник од областите: 50602- Менаџмент системи, 50623- Претприемништво и 50624 – Друго (Организациско претприемништво, иновациски менаџмент), Наставно- научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии- Битола, со одлука бр. 02-719/3 од 29.10.2019 година, формира **Рецензентска комисија** во состав:

1. д-р Константин Петковски, редовен професор во пензија;
2. д-р Бранко Николовски, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство- Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола;
3. д-р Пеце Николовски, редовен професор на Економски факултет- Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола;

Врз основа на член 173 став 8 од Законот за високото образование како и член 31 и член 32 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно- научни, наставно- стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола и по разгледувањето на доставените материјали, Рецензентската комисија со поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници **„Нова Македонија"** и **„Коха"** од **16.10.2019 година** за избор на наставник од областите 50602- Менаџмент системи, 50623- Претприемништво и 50624 – Друго (Организациско претприемништво, иновациски менаџмент), во рокот предвиден за пријавување на кандидати, се пријави само кандидатот д-р Моника Марковска.

## Биографски податоци за кандидатот, д-р Моника Марковска

Д-р Моника Марковска е родена на 20.06.1979 година во Битола, каде што го завршува основното и средното гимназиско образование. Понатамошното образование го продолжува на Педагошкиот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, каде дипломира во 2002 година. В0 2003 година, запишува последипломски студии на Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје на студиумот менаџмент на човечки ресурси. Во 2007 година, магистрира со одбрана на магистерскиот труд под наслов: **„Интрапретприемаштвото во функција на зголемување на ефикасноста и ефективноста во работата"**, со што се стекнува со академски степен **магистер на менаџмент на човечки ресурси**. Во декември 2009 година, на Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов: **„Интрапретприемаштвото во функција на подобрување на квалитетот во работењето на постојните организации"**, со што се стекнува со научен **степен доктор на менаџмент.**

Работното искуство во образовната дејност, го започнува во 2007 година, на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола, на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи (ФАМИС) како асистент по предметите: Вовед во менаџмент, Планирање и одлучување и Организациско однесување. После докторирањето во 2010 година, д-р Марковска е избрана во звање доцент (со одлука бр. 02-308/6 од 20.04.2010 година), од кога е ангажирана во изведување на наставата на ФАМИС- Битола по предметите: Проектен менаџмент, Претприемништво, Оперативен менаџмент на прв циклус на студии; Иновативен менаџмент и Општествено претприемништво на втор циклус на студии. На третиот циклус на студии, учествува во реализација на семинар на тема: „Дидактика и вештини за презентирање" на ФАМИС. Од 2015 година, д-р Моника Марковска е избрана во звање вонреден професор во областа менаџмент системи, претприемништво и организација на технолошки процеси (одлука бр. 02-436/4 од 29.12.2014 година). Во рамките на ФИКТ, од 2016 година ја извршува функцијата Претседател на комисијата за Самоевалуација. Д-р Моника Марковска добро го познава и се служи со англискиот јазик, а исто така, располага и со компјутерски вештини: Microsoft Office (Word, Excel, Power Point), SPSS и Internet. Располага со комуникациски вештини, вештини за решавање на проблеми, способност за работа во тим, способност за распределба на задачи и ресурси.

## Резултати и искуство на наставната дејност и подготвување на наставен и научно- истражувачки подмладок

Д-р Моника Марковска ангажирана е и успешно ја изведува на наставата на ФИКТ по предметите: Менаџмент на ИКТ проекти, Организациско претприемништво,

Иновациски менаџмент и Оперативен менаџмент на техничка поддршка на прв циклус на студии и предметот ИКТ и општествено претприемништво на втор циклус на студии. Во академската 2012/2013 година имала ангажман како визитинг професор на Европскиот Универзитет- Економски факултет, Скопје по предметот Менаџмент теории на втор циклус на студии, додека во 2013 година е избрана во насловно научно звање научен соработник на БАС институтот за менаџмент во Битола.

Д-р Марковска својот придонес го дава во стручно и научно оспособување на млади кадри: дипломци, магистранти и докторанди. Во таа смисла, се јавува како ментор на 40 дипломски трудови и како член на комисија во 19 дипломски трудови. Исто така, е ментор на 5 магистерски трудови и член во комисија на 11 магистерски трудови. Член е во 7 комисии за подобност, оценка и/или одбрана на докторски дисертации (од кои 1 е на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Машински факултет и 1 на Универзитетот на Југоисточна Европа- Економски факултет, Тетово). Исто така, активно партиципира и дава придонес во 3 рецензентски комисии за избор во наставно- научни или соработнички звања.

Во контекст на тоа, јасна е способноста на д-р Марковска за изведување на сите видови високообразовна дејност а тоа може да се потврди и со континуираните позитивни резултати од реализираната анкета за самоевалуација, и на ниво на ФИКТ и на ниво на Универзитет. Имено, од објавените резултати од извештаите за самоевалуација на факултетската анкета, во академската 2017/2018 година, добиената просечна оценка е 4.7 (на скала од 1 до 5), додека во академската 2018/ 2019 година, просечната оценка изнесува 4.9, и во академската 2019/ 2020 година, просечната оценка изнесува 5.

## Резултати од научно- истражувачката работа

Кандидатот д-р Марковска се јавува како автор и/или коавтор на 52 рецензирани научни и стручни трудови објавени во референтни меѓународни научни списанија, меѓународни научни публикации и конференции во земјата и/ или во странство. Трудовите се јавно објавени на Google Scholar, Research Gates и/или ePrints (на Google Scholar нотирани се 11 цитирања од страна на домашни/ странски автори). Од последниот избор за вонреден професор, до ден денес, автор и/или коавтор е на 19 научни и стручни трудови, објавени во референтни публикации, меѓународни списанија и зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

https://scholar.google.com/citations?user=SZdf6QIAAAAJ&hl=en
https://www.researchgate.net/profile/Monika_Markovska2
http://eprints.uklo.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint::View&eprintid=2016#t

Кандидатот вонр. проф. д-р Моника Марковска се јавува како автор и/или коавтор на бројни научно- истражувачки трудови и тоа:

***Објавени трудови од последниот избор во вонреден професор до денес:***

**1. Markovska M.,** Milenkovski B., **„*Creativity as a key element in system- process approach CIR in innovation management„*,** Challenges of modern organizational sciences and management, FAMA College, Economic Faculty, Prishtina, Kosovo, 2015;
**2.** Milenkovski B., **Markovska M., "*Knowledge as an economic good"*,** Challenges of modern organizational sciences and management, FAMA College, Economic Faculty, Prishtina, Kosovo, 2015;
**3.** Миленковски Б., **Марковска М.,** Додовски С., **"*Социјалното претприемаштво како алатка за поттикнување на младинското претприемаштво"*,** Четврта меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки", предметен фокус: „Од организациска интеграција кон поголема ефективност", ISBN, Бизнис академија Смилевски-БАС и БАС Институт за менаџмент, Битола, 2016;
**4.** Milenkovski B., **Markovska M.,** Dodovski S., **"*The role of student practice in function of improvement of entrepreneurship in Republic of Macedonia"*,** 10-th scientific conference "The power of knowledge", Agia Triada, Greece, International Journal Vol. 14.2, ISSN 1857-92, стр. 548-553, 2016;
**5**. Dodovski S., **Markovska M.,** Milenkovski B.**, "*Developing control system of managerial performance in the Republic of Macedonia"*,** 10-th scientific conference "THE POWER OF KNOWLEDGE", Agia Triada, Greece, International Journal Vol. 14.3, ISSN 1857-92, стр. 891-896, 2016;
**6.** Milenkovski B., **Markovska M., "*ICT in the modern economy based on knowledge"*,** XIV International Scientific Conference "Management and Engineering' 16", Sozopol, Bulgaria, 19-23 June, 2016;
**7.** Milenkovski B., **Markovska M.,** Dimeski B.**, "*Social Entrepreneurship and Public Sector Entrepreneurship: Common Aspects and Relationships"*,** First International Scientific Conference on Business and Economics: "Building Bridges between Business Research and Industry Needs", South East European University, Tetovo, Macedonia, 2017;
**8. Markovska M.,** Milenkovski B., Dimeski B., **"Some recent developments of public sector entrepreneurship in theory and practice",** XV International Scientific Conference "Management and Engineering' 17", Sozopol, Bulgaria, 2017;
**9.** Milenkovski . B., **Markovska M.,** Blazekovic- Tosevski M.***, "Energy demands and the world' s population growth as challenges for the knowledge economy"***, Journal of Agriculture and Animal Production Science for Rural Development, ISSN 2224-7718, Vol. VIII (2), Tirana, 2018
**10. Markovska M.,** Milenkovski B., Dodovski S.***, "Knowledge as an economic good"***, XVI International Scientific Conference "Management and Engineering' 18", Sozopol, Bulgaria, 2018;
**11. Markovska M.,** Milenkovski B., Dodovski S.***, "Necessity of actualization of the youth entrepreneurship among Roma as possibility for decrease of their unemployment"***, Univrsity St. Kliment Ohridski, International Journal, Horizonti, 2018;
**12.** Миленковски Б., **Марковска М.,** Додовски С., ***„Значењето на иновациите и интелектуалниот капитал за организацискиот развој"***, Петта меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и организациските науки со предметен фокус на иновациите и организацискиот развој, Битола, 2018;
**13. Марковска М.,** Миленковски Б., Димески Б., ***„Теоретски осврт на влијанието на пазарот и конкуренцијата врз развојот на системот на јавни услуги"*,** Петта меѓународна научна конференција „Современите менаџерски предизвици и

организациските науки со предметен фокус на иновациите и организацискиот развој, Битола, 2018;

**14.** Bardarova S., Magdincheva- Shopova M., **Markovska M.,** Milenkovski B., ***"The impact and the role of small and medium enterprises on the employment in the Republic of Macedonia"***, International Journal ISSN 2545-4439, Institute of Knowledge Management, Scientific Papers Vol. 28. 1., Social Sciences, 2018;

**15. Markovska M.,** Milenkovski B., ***„Creativity as a key element in system- process approach CIR in innovation management„*** KNOWLEDGE-International Journal, Vol. 23.1 Budva, Montenegro, May, 2018

**16.** Milenkovski B., Masalkovski I., **Markovska M.,** ***"Public private partnership as bond between the public and the private sector- case of Republic of Macedonia"***, International Symposium on Innovative Approaches in Scientific Studies (ISAS), Samsun, Turkey, 2018

**17.** Milenkovski B., **Markovska M.,** Asani A**.,** **"*Digital Economy present and future trends*"**, 20-th scientific conference "Knowledge without borders", Vrnjacka Banja, Serbia, International Journal Vol. 30, 2019;

**18. Markovska M.,** Milenkovski B., ***"Intrapreneurship in function of improving the quality of work in organizations"***, University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, International May Conference on Strategic Management (IMCSM 19), 2019;

**19. Markovska M.,** Milenkovski B., Dodovski S.***, "Social innovation in function of reducing youth unemployment",*** Europian University , ISSN: 2445-4560 (Online), IDEA, International Journal of Science of Arts, Vol. 3, No. 5, Skopje, 2019;

***Објавени трудови во периодот од изборот во доцент до изборот на вонреден професор:***

1. Dimeski B., **Markovska M.,** Prisaganec M., "***Informatics as a basic for efficiency control in local government in the Republic of Macedonia",*** Infofest, XVII Festival Informatikih Dostignuca, Budva 2010;

**2. Марковска М.,** Секуловска А., ***"Значењето на претприемаштвото во образованието",*** Педагошки факултет- Скопје, 2011;

**3. Марковска М.,** Секуловска А., ***"Претприемаштвото во образованието- предизвици, искуства и компаративни гледишта",*** Хоризонти, УКЛО, 2011;

**4. Markovska M.,** Stevanovska V., ***"Idea Management"***, IX International Conference Management and Engineering, Sozopol, Bugaria, 2011;

**5. Markovska M.,** "***Intrapreneurship: Challenge or New Way of Working for Existing Organization",*** ICERD, 4 th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Ohrid, 2011;

**6. Markovska M.,** Kralev T., ***"Intrapreneurs Create a New Business Within Existing Organization"***, ICERD, 4 th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Ohrid, 2011;

**7. Марковска М.,** ***"Иновациите основа за стекнување на конкурентска предност",*** Прва меѓународна научна конференција: Современите менаџерски предизвици и организациските науки, Битола, 2012;

**8. Марковска М.,** Кралев Т., ***„Општествено претприемаштво: моќта на претприемаштвото за општествена промена"***, Прва меѓународна научна конференција: Современите менаџерски предизвици и организациските науки Битола, 2012;

**9. Markovska M.,**, Stevanovska V., ***„Path of organizational change toward building learning organization",*** X International Scientific Conference "Management and

Engineering ‘12”, Faculty of Management, Technical University of Sofia, Sozopol, Bulgaria, 2012;

**10. Марковска М.**, „***Елементи за развој на системот за претприемачко образование во Р. Македонија***“, Втор симпозиум на БАС: Современите менаџерски предизвици и организациските науки; Предметен фокус: Придонесот на воспитно-образовниот систем кон претприемачката култура и иновативната практика, Струмица, 2013;

**11. Markovska M.**, „***Influence of*** *innovation management in achieving organizational competitiveness*“, XI international scientific conference “management and engineering’ 13”, Sozopol, Bugaria, 2013;

**12. Markovska M.**, Stevanovska V., Sekulovska A., „***Impact of social responsibility on long-term organizational success***“, International scientific conference “management and engineering’ 13”, Sozopol, Bugaria, 2013;

**13. Марковска М.**, „***Системско- процесен пристап КИР во иновативниот менаџмент- основа за постигнување конкурентска предност***“, Втора меѓународна научна конференција, Современите менаџерски предизвици и организациските науки, Предметен фокус: Придонесот на човечките ресурси и организациските промени во одржливата компаниска конкурентност, 2013;

**14.** Груевски Д., **Марковска М.**, „***Мотивот на постигнување кај студентската популација од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола во функција на нивниот професионален и кариерен развој***“, Центар за стратегиски истражувања, Македонска академија на науките и уметностите, март 2014;

**15.** Milenkovski B., **Markovska M.**, „***The Role of Education in the Knowledge Economy***, XII International Scientific Conference, Management and Engineering ’14, Sozopol, Bulgaria;

**16.** Миленковски Б., **Марковска М.**, „***Развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во ЕУ***“, Меѓународна научна конференција, Регионална соработка во процесот на глобализацијата, Државен Универзитет, Тетово, 2014;

**17.** Кузманов И., **Марковска М.**, „***Менаџмент системите за квалитет како основа за континуиран организациски развој***“, Меѓународна научна конференција, Регионална соработка во процесот на глобализацијата, Државен Универзитет, Тетово, 2014;

**18. Марковска М.**, Кузманов И., „***Стратегиските алијанси како предизвик за современите компании: теоретска анализа“,*** Меѓународна научна конференција, Регионална соработка во процесот на глобализацијата, Државен Универзитет, Тетово, 2014;

**19. Markovska M.**, ***Model CID: Creating competitive advantage through innovation,*** International Conference: SME s Development and Innovation: Building Competitive Future of South- Eastern Europe, Ohrid, 2014;

***Објавени трудови пред изборот во звање доцент:***

**1. Markovska M.**, “***Intrapreneurship for increasing efficiency and effectiveness in working”***, V International Conference “Management and Engineering”, Sozopol, 2007;

**2. Markovska M.**, “***Managing innovation and Intrapreneurship”,*** International conference on business and economy, ICBE, Constanta, Romania, 2008;

**3. Markovska M.**, “***Intrapreneurship- Way of work in organizations for improvement of working quality”***, The 5th international scientific conference, business and management, 2008, Vilnius, Lithuania;

**4. Markovska M.**, "***Being an intrapreneur and creating a new business within your organization"***, International scietific conference „management and engeneering", 2008, Sofia, Bulgarija;
**5. Markovska M., "*The freedom factors- can intrapreneurship happend in your company"***, Седмата международна научно-приложна конференция „Стратегически насоки в бизнеса през 21ви век и качеството на висшето образование", 2008;
**6. Марковска М., "*Менаџирање на иновациите: Дали е тоа можно?"***, Списание за теорија и практика „Економија и бизнис", 2008;
**7. Марковска М., "*Фактори за развој на интрапретприемаштвото во туристичките организации",*** Интернационален симпозиум: Туризмот во 21-от век, Скопје, 2008;
**8. Марковска М.,** Миленковски Б., ***„Претприемаштвото и иновациите во туристичките организации",*** Интернационален симпозиум: Туризмот во 21-от век, Скопје, 2008;
**9. Марковска М., *„Потребата за иновативност кај човечките ресурси",*** ЈИЕ Универзтитет, Факултет за бизнис администрација, Национална научна конференција на тема***:*** Практики на менаџмент на човечките ресурси во претпријатијата во Р. Македонија, Тетово, 2009 година;
**10. Markovska M., *„Managers as idea coach",*** Technical university- Sofia, Faculty of management, Scientific and technical union of mechanical engineering, National Scientific & Technical Society "Management and Engineering, VII International Scientific Conference Management and Engineering Sozopol, Bulgaria, 2009;
**11. Markovska M., *„Innovation management for tourism development and hotel management*",** Univerzitet Crne Gore, Fakultet za turizam i hotelijerstvo, Kotor, Prvi medzunarodni naucni skup: Trendovi u razvoju turizma i hotelijerstva, Kotor, 2009 www.fthkotor.me;
**12. Марковска М.,** Стевановска В., ***„Креативноста на вработените основа за организациски развој",*** Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола, Зборник на трудови на ФАМИС, Година I, Бр. 1;
**13. Markovska M.,, *„Corporate entrepreneurship (Intrapreneurship)- Challenge of Existing Organization In Republic of Macedonia",*** The 6-th International Scientific Conference, Business and Management, Vilnius, Lithuania 2010;
**14. Марковска М., *„Иновација за секого и секаде- предизвик на денешните организации",*** Универзитет за туризам и менаџмент- Скопје, Меѓународен конгрес за туризам и менаџмент- Скопје, 2009;

Покрај наведените трудови, кандидатот е автор на една рецензирана книга од областите во која се избира:

1. Радмил Поленаковиќ, Моника Марковска, Ивана Станковска, Бојан Јовановски **Иновациски менаџмент, второ издание,** НЦРИПУ- Принт, 2019

Во изминатите години, исто така, се јавува како автор и/или коавтор на други рецензирани книги (учебници) од областите од кои се избира:

1. Проф. д-р Тодор Кралев, **Претприемаштво и мал бизнис,** Факултет за туризам- Скопје, 2009 година, **автор на поглавја**:
    1. **Интрапретприемаштво**
    2. **Како (и од каде) може да се добие добра идеја за добар бизнис?;**

2. Доц. д-р Драган Груевски, **м-р Моника Марковска**, **Организациско однесување**, ЦИМ, Скопје, 2009 година;

3. Радмил Поленаковиќ, Моника Марковска, **Иновациски менаџмент, основи за постигнување на конкурентска предност**, НЦРИПУ- Принт, 2013;

## Стручно- апликативна дејност и проектни активности

Д-р Моника Марковска досега активно има учествувано во голем број на семинари, работилници, обуки, **научно- истражувачки и апликативни проекти**, од кои значајно е да се споменат следните:

1. **Моника Марковска**, **Ревидирана наставна програма Иновации за IX одделение, обука на наставници од основно и средно образование**, Министерство за наука, Биро за развој на образование, Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење, Центар за развој на нови бизниси, 2015- ***член на работна група и обучувач;***
2. **Моника Марковска**, **Обука за креативност и мотивација**, Сумнал, Битола, ***обучувач, 2015;***
3. **Моника Марковска**, Божидар Миленковски, **Ефективост и квалитет на практичната работа на студентите на Универзитетите во Македонија во согласност со потребите на пазарот**, Младински културен центар, Битола, Ноември, 2016, ***автор на публикација***;
4. **Моника Марковска**, Божидар Миленковски, **Изработка на Стратегиски план за промоција на Факултетот за информатички и комуникациски технологии од Битола за академската 2016-2017 година**, ФИКТ, Битола, 2016;
5. **Моника Марковска**, Божидар Миленковски, **Локална стратегија за намалување на младинската невработеност кај ромите преку претприемништво во општина Битола (2018-2020)**, Проект: „**Активно учество во намалување на младинската невработеност кај Ромите**", имплементиран од Младински културен центар и Баирска светлина, Битола, 25.08.2017, ***автор на локална стратегија***;
6. Radmil Polenakovikj, Misko Dzidrov, **Monika Markovska**, et al.: **"National Strategy for Development of Clusters in the Republic of Macedonia 2018-2025 with Action Plan**", NCDIEL for Ministry of Economy, February 2018, Skopje;
7. **Моника Марковска**, Божидар Миленковски, Национален документ за јавна политика, **Влијание на иновациите за надминување на маргинализацијата и младинската невработеност,** Младински културен центар, Регионална Платформа (YOUSEE), Национална конференција, 5 јуни, Скопје, 2018 година, ***автор на национален документ за јавна политика***;
8. **Моника Марковска**, м-р Виолета Стевновска, м-р Андријана Мигуловска, Александра Сивевска, Проект: **„Боите на животот"**, програма**: Намалување на социјална инклузија**, АЦЕС- Академија, 2018, ***автор на публикација „Човечка библиотека";***
9. **Моника Марковска**, **Обуки за подготовка на бизнис план-** ***обучувач***, Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење, Агенција за поддршка на претприемништвото на Р. Македонија, април, 2019
10. **Monika Markovska**, **Creating Employment Opportunities of Young Graduates in the CB Area, EMPLOYOUTH,** во рамките на Interreg- IPA Cross- Border Cooperation Programme Greece- Former Yugoslav Republic of Macedonia- 2014-2020, ***evaluator of business ideas***;

11. **Monika Markovska**, **Cross- border initiative for integrated health and social services promoting safe ageing, early prevention and independent living for all, CROSS4ALL**, во рамките на Interreg- IPA Cross- Border Cooperation Programme Greece- Former Yugoslav Republic of Macedonia- 2014-2020, ***member of team for preparing strategy for e- health;***
12. **Моника Марковска**, **раководител на проектот**: **Структуирана база за наставни материјали и електронско тестирање**, ФИКТ, 2015
13. **Моника Марковска**, **проектен координатор**, **Европска Недела за кодирање: Програмирањето може да биде забавно, Математика со компјутер, Направи робот**, НЦДИЕЛ, ФИКТ, ОУ. Св. Климент Охридски, 2019
14. **Monika Markovska**, Erasmus + project: **Colors of life**, Bitola**, trainer**, 2019
15. **Monika Markovska**, Erasmus + project: **Stop Violence**, Bitola**, trainer**, 2019
16. **Моника Марковска**, Проект: „Социјални претпријатија- мост помеѓу социјалниот сектор и традиционалните бизниси (SE- Bridge)", **Обука за развој на идеи за одржливи социјални бизниси, обучувач**, CEED Macedonia, CEED Albania, Public, AVision, ЕУ за тебе, 2018- ***обучувач;***
17**. Моника Марковска**, Проект: "**Пишување, аплицирање и реализирање на проекти во образовниот систем преку ЕУ фондовите"** која е дел од проектот "Со ЕУ до подобро образование", финансиран и подржан од Општина Новаци, Старавина, Септември, 2019, ***Обучувач***,
18. **Моника Марковска**, ***Уредник на публикација и консултантски услуги*** за потребите на реализација на меѓународна конференција за регионален развој во рамките на проектот: **Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој",** финансиран од Швајцарската агенција за соработка и развој и Министерството за локална самоуправа, Битола, 2019 година.

Д-р Марковска има учествувано на следните **обуки и гостувачки предвања**:

1. Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија во соработка со Стопанската комора на Република Македонија, Скопје, **Неконвенционални начини на финансирање на малите и средни претпријатија,** ***учесник на обуката,*** 14.11.2015
2. Swiss Foundation for Technical Cooperation and British Council, Skopje**, Обука за креативно претприемништво (Creative Enterprise toolkit),** 26.10.2015-29.10.2015, ***учесник на обуката***;
3. Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија, Битола, **Вештини за надминување на психолошките бариери за успех на претриемачот,** 12.09.2015-13.09.2015, ***учесник на обуката***;
4. Центар за европски развој и интеграција, **Претприемништво- предизвици и перспективи**, Битола, ***гостувачко предавање, 2016;***
5. Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија, Битола, проект: „**Улогата на локалните власти во поддршката на младинското претприемништво како алатка за економски развој и вработувања**", во организација на 27-28.10.2016—***модератор на настанот***;
6. Ротаракт-Широк Сокак, Битола, **„Социјално претприемништво можности и перспективи",** организирано од, 06.10.2016, ***гостувачко предавање***;
7. Здружение за европска интеграција Европска Гледна Точка, **Претприемништвото во ЕУ**, организирано од Крушево, 2016- ***гостувачко предавање***;
8. Концепт, Институт за бизнис и корпоративно образование, Скопје, **Out of the box"размислување креативност и иновативност како предуслов за одржување на конкурентност на компаниите-** ***учесник на обуката;***
9. CEED, Swisscontact SECO Entrepreneurship Program, Skopje, **Работилница за менторирање (Mentoring Workshop),** ***учесник на обуката***, 22.02.2016

10. **Monika Markovska**, USEE+: **Using Social Entrepreneurship in Erasmus +,** Training course in Mollina, Malaga, Spain, Erasmus +, Youth pass, 2016
11. **Monika Markovska**, Illusion: **How to improve your leader skill, Training course in Ceuta, Spain**, Erasmus +, Youth pass, 2016
12. **Monika Markovska**, **Formal-Non-Formal: Youth Work in School in Tartu, Estonia**, Erasmus +, Youth pass, 2016

Исто така, д-р Марковска е **член** на:

- Член во Македонското научно друштво- Битола;
- Член во Ротари Клуб Битола Широк Сокак;
- Раководител на подружница во Битола на Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење (НЦРИПУ)- Скопје.

## Оценка на посебните услови за избор во наставно-научни звања

Покрај тоа што ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високо образование, кандидатот д-р Моника Марковска ги исполнува и посебните услови за избор во звање предвидени со правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола. За исполнетоста на условите, кандидатот има доставено соодветна документација и истите се дадени во Табелта за оценување на исполнетоста на посебните услови за избор во звања.

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати од научно-истражувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | X |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | X |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | X |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | X |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | X |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од поширокata научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)[2] | X |

| | |
|---|---|
| ***вкупно исполнети услови од прв критериум*** | **6** |

| **ВТОР КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно- истражувачки подмладок** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | X |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | X |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | X |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | X |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или | X |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | X |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | X |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска пргграма на прв, втор или трет циклус студии | |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | X |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | X |
| ***вкупно исполнети услови од втор критериум*** | **9** |

| **ТРЕТ КРИТЕРИУМ**<br>**Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | X |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |

| | |
|---|---|
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | X |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | X |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или пошироката област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| ***вкупно исполнети услови од трет критериум*** | 6 |

| | |
|---|---|
| ***ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМИ*** | ***21*** |

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на податоците за резултатите од научно- истражувачката, наставната и стручно- апликативната дејност на д-р Моника Марковска, Комисијата констатира дека кандидатот континуирано покажува сериозен однос кон професијата и развојот на истата, давајќи значаен придонес во областите: 50602- Менаџмент системи, 50623- Претприемништво и 50624 – Друго (Организациско претприемништво, иновациски менаџмент).
Анализата на научно- истражувачката дејност на д-р Моника Марковска покажува дека таа има значаен творечки опус, кој јасно се согледува преку објавените научни и стручни трудови во референтни меѓународни научни списанија, меѓународни научни публикации и домашни и/или странски конференции. Исто така, потребно е да се нагласи и наставно- образовната дејност при што кандидатот д-р Марковска, навремено, совесно и квалитетно ги извршува своите работни задачи, покажувајќи коректен однос кон студентите, колегите и соработниците. Таквиот однос се потврдува

преку позитивната оценка од самоевалуацијата на факултетско и универзитетско ниво. Не треба да се занемари и кариерниот и професионалниот развој на кандидатот, кој се гледа преку активното учество на бројни гостувачки предавања, обуки, работилници, како и особено активната улога во бројни научно- истражувачки и апликативни проекти. Тоа ги потврдува заложбите на кандидатот за сериозен придонес за развој на областите во кој конкурира.

Во контекст на тоа, Рецензентската комисија констатира дека д-р Моника Марковска во целост ги исполнува општите услови предвидени со Законот за високо образование и посебните услови од критериумите за избор за наставник во звање редовен професор предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно- стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола и со задоволство му предлага на Наставно- научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии- Битола, да ја избере д-р Моника Марковска за наставник во звање редовен професор од областите: 50602- Менаџмент системи, 50623- Претприемништво и 50624 – Друго (Организациско претприемништво, иновациски менаџмент).

**Рецензентска комисија:**

1. д-р Константин Петковски, редовен професор во пензија, с.р.

2. д-р Бранко Николовски, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство- Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, с.р.

3. д-р Пеце Николовски, редовен професор на Економски факултет- Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 64004-АНГЛИСТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ-БИТОЛА

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии– Битола со одлука бр. 08-400/3 од 26.06.2019 год. именува Рецензентска комисија за избор на доцент од научната област 64004 - Англистика по објавен конкурс во весниците "Нова Македонија" и "Коха" од 12.06.2019 год. во состав:

1. Д-р Викторија Петковска, редовен професор на Технички факултет, Битола
2. Д-р Ирина Петровска, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство, Охрид
3. Д-р Силвана Нешковска, доцент на Педагошки факултет, Битола

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите научно-наставни звања од научната област 64004 Англистика се пријави само д-р Лела Ивановска, виш лектор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии– Битола.

По прегледот на целокупната документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Д-р Лела Ивановска родена е на 12.04.1982 година во Битола. Во академската 2001-2005 година се запишува на Филолошкиот факултет при Југозападниот Универзитет "Неофит Рилски" во Благоевград, Р. Бугарија на катедрата за англиски јазик и книжевност, група Применета лингвистика. Во 2005 год. дипломирала и се стекнала со звање професор и преведувач по англиски и француски јазик со просечен успех 8.55 (врз основа на Решение од Стручната комисија за еквиваленција и признавање на високи образовни квалификации - Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија).

Веднаш по дипломирањето, последипломските студии ги продолжува на Југозападниот Универзитет "Неофит Рилски" во Благоевград, Р. Бугарија. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,03 (врз основа на Решение од Стручната комисија за еквиваленција и признавање на високи образовни квалификации - Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија).

Во 2007 год. успешно го брани магистерскиот труд со наслов: "*Функцијата и значењето на модалните глаголи can/could и may/might во англискиот јазик",* стекнувајќи се со научен степен магистер на филолошки науки, специјалност англиска филологија.

Во 2013 се запишува на докторски студии на Педагошкиот Факултет во Битола на групата Наука за јазик-англиски јазик. Предвидените испити ги положила со просечен успех 8.66. На 23.11. 2018 год. успешно ја одбранува докторската дисертација со наслов:

*“Креативна употреба на ИТ во развивање на вештината слушање во наставата по Стручен англиски јазик”.*

**Наставно-образовна дејност**

Работното искуство на кандидатот д-р Лела Ивановска започнува во 2005 година во основното училиште “Даме Груев”, Битола каде работи како наставник по англиски и француски јазик.

Својата академска кариера ја започнува во 2008 год. на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи - ФАМИС во Битола при Универзитетот “Св. Климент Охридски” во Битола каде од 2008 год. до 2014 работи како виш лектор по англиски јазик на студиските програми: јавна администрација; менаџмент на информациски системи; инженерство и менаџирање на софтверски апликации; како и на европски интеграции и менаџирање со европски проекти.

Од 2008 до 2009 кандидатот д-р Лела Ивановска е ангажирана во својство на надворешен соработник како лектор по англиски јазик на Педагошки факултет, Битола во рамките на студиската програма Англиски јазик и книжевност по предметот Современ англиски јазик, Англиски јазик за групите Наставник за одделенска настава и Воспитувач, Англиски јазик на групата Информатичко и техничко образование.

Од 2014 до денес работи на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - ФИКТ, Битола каде главно е ангажирана за наставните предмети Англиски јазик за основни вештини и Англиски јазик за специфични цели. Во 2016 година кандидатот д-р Лела Ивановска е избрана за виш лектор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - ФИКТ, Битола.

Од 2007 год. до денес д-р Лела Ивановска е ангажирана во својство на надворешен соработник, виш предавач по предметот Англиски јазик на Високата Медицинска Школа, Битола, а од 2018 год. како виш лектор по предметите Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2 на Ветеринарен факултет, Битола. Кандидатот д-р Лела Ивановска подготвува и наставни помагала за различни студентски профили: English in Medicine (во изработка), English for Computer users (во изработка), English for Veterinarians (во изработка).

Кандидатот д-р Лела Ивановска определена е за координатор на CLICK - прво студентско е-списание во доменот на информатичката технологија кое вклучува текстови на англиски јазик пишувани од страна на студентите на ФИКТ. Кандидатот Ивановска е член во програмскиот одбор на интернационалната конференцијата AIIT, (International conference on Applied Internet and Information Technologies), 2019**.**

Високиот квалитет во реализацијата на наставно-образовната дејност на кандидатот д-р Лела Ивановска се потврдува со добиените резултати од самоевалуацијата од страна на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола. Во изминатата 2017/18 академска година, д-р Лела Ивановска е оценета со позитивна оценка од страна на студентите (4.33 од 5).

**Научно-истражувачка дејност**

Кандидатот д-р Лела Ивановска, има постигнато значајни резултати и во научно-истражувачката дејност, преку објавување, самостојно или во коавторство, на научни трудови, учество на меѓународни конференции, обуки, учество во меѓународни проекти и сл.

**Објавени научни и стручни трудови:**

1. Ivanovska, L., Petkovska V.*" The relationship between critical thinking ability and metacognitive listening strategies of EFL learners"* THE INTERNATIONAL JOURNAL OF APPLIED LANGUAGE STUDIES AND CULTURE (IJALSC) Volume 2, Issue 1, March 2019 ISSN 2631-8946 (Printed) ISSN 2631-8954 (Online) p.23-30 http://alscjournal.com/index.php/ALSC/issue/view/2/Vol%202%20No%201%20%282019%29

2. Ivanovska, L. ***" Digital listening tools in ESL classroom"*** XXIV Conference Developing trends– TREND 2018, Kopaonik,Srbija

3. Ivanovska, L. ***" Enhancing Listening Comprehension through Metacognitive Strategy Instruction (MetSI)*** 3rd Internationa Conference on Linguistic, Literature and Didactics.8th September, 2018 AAB College, Pristina, Republic of Kosovo

4. Ivanovska, L. ***"The role of metacognitive listening strategies in leraning English as a foreign language "*** FILKO 3, Published: 2019-01-30 p. 213-219 http://js.ugd.edu.mk/index.php/fe

5. Ivanovska, L. ***" EFL teachers' attitudes towards creativity"*** Knowledge – international journal**,** vol. 20, 2017 (http://globalimpactfactor.com/knowledge-international-journal/)

6. Ivanovska, L. ***" English second language students' critical thinking ability"*** International journal od education-Teacher, Vol 7 No 14 (2017) p.38-42 http://www.ijeteacher.com/index.php/ijeteach/issue/view/1

7. Ivanovska, L.***" English for medical students: The importance of developing creative activities"*** tenth jubilee scientific conference THE POWER OF KNOWLEDGE-KNOWLEDGE - International Journal vol. (14.3), 7-9th October,2016 Greece, Thessaloniki http://www.ikm.mk/14.3.pdf

8. Ivanovska, L. "***Developing listening comprehension skills with IT-students"*** Third International Conference "Education across Borders" ***Education and Research across Time and Space.*** Faculty of Education-Bitola 06-07 October, 2016

9. Ivanovska, L. "***Teachers' perceptions towards CALL***" 12th issue Internationa journal – Teacher, Faculty of Education "St. Kliment Ohridski" University - Bitolap.88-93, 2016

10. Ivanovska, L. ***"Улогата на студентите во процесот на евалвација на наставниот кадар"*** Зборник на трудови од прва меѓународна научна конференција Vol 1 (2016): FILKO p.255-261 **http://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/87**

11. Ivanovska, L. ***"English level knowledge about structure of the human body among students in Higher Medical School*"** Second International Conference: KNOWLEDGE CAPITAL OF THE FUTURE- NEW KNOWLEDGE FOR THE NEW PEOPLE – Ohrid, 20-23 May 2014

12. Ivanovska, L. ***"Teaching modal verbs effectively in ESL"-*** 4th International Conference on Foreign Language Teaching and Applied Linguistics (FLTAL) International Burch University Sarajevo, 2014

13. Ivanovska, L. "***The use of the modal verb can in TEFL"*** 8th ELTAM - IATEFL-TESOL INTERNATIONAL BIANNUAL CONFERENCE -Managing teaching and learning – Making the most of both worlds, *Enhancing teachers' and students and organisational* skills, Skopje, 2014

**Учество на работилници, семинари и конференции:**

1. Building Multiple Pathways to Effective Learning. Express Publishing, Skopje 2019.

2. 6th International Conference of the English Department, Faculty of Philology, University of Belgrade. Belgrade English Language and Literature Studies BELLS 90, May 30th – June 1st , 2019. **(презентација на труд "*The Use of Information Technology in Teaching ESL Listening Skills"*)**

3. XXIV Conference Developing trends– TREND 2018, Kopaonik,Srbija. **(презентација на труд" *Digital listening tools in ESL classroom*")**

*4.* 3rd Internationa Conference on Linguistic, Literature and Didactics.8th September 2018 AAB College, Pristina, Republic of Kosovo (**презентација на труд *"Enhancing Listening Comprehension through Metacognitive Strategy Instruction (MetSI)***

5. FILKO 3, Stip, 2019 (**презентација на труд "*The role of metacognitive listening strategies in leraning English as a foreign language ")***

6. 4th International Conference "Education Across Borders" *Education in the 21st Century: Challenges and Perspectives. Florina, Greece* October19th-20th, 2018. (**презентација на труд *"The importance of teaching 'Bottom up' listening skills")***

7.Меѓународна научна конференција „Безпокойства на хуманизма: филологията – застрашена, необходима, неотстранима ". Филолошки факултет, Универзитет Паисиј Хилендарски, ПЛовдив, Бугарија 9 -10 ноември 2017 **(презентација на труд *"Teaching vreativity with EFL learners*")**

8. Tenth jubilee scientific conference THE POWER OF KNOWLEDGE, October 2016 Greece, **Thessaloniki (презентација на труд *English for medical students: The importance of developing creative activities"*)**

9. Third International Conference "Education across Borders" **Education and Research across Time and Space.** Faculty of Education-Bitola 06-07 October, 2016"***(*презентација на труд "*Developing listening comprehension skills with IT-students")***

10. Прва меѓународна научна конференција FILKO, Stip, 2016 (**презентација на труд *"Улогата на студентите во процесот на евалвација на наставниот кадар")***

11. The 9th ELTAM – IATEFL – TESOL International Biannual Conference Re-imagining teaching *Rejuvenating and transforming classroom practices* 15-16 October 2016, Hotel DRIM, Struga, (**презентација на труд *"Students` attitudes towards technology in improving EFL"***)

12. International Balkan University (IBU) Skopje, Macedonia, Faculty of Languages Department of English Language and American Studies (ELAS) May 29, 2015. (**презентација на труд "*Working individually versus working in groups")***

13. Second International Conference: KNOWLEDGE CAPITAL OF THE FUTURE- NEW KNOWLEDGE FOR THE NEW PEOPLE – Ohrid, 20-23 May 2014 (**презентација на труд *"English level knowledge about structure of the human body among students in Higher Medical School*"**)

14. 4th International Conference on Foreign Language Teaching and Applied Linguistics (FLTAL) International Burch University Sarajevo, 2014 (**презентација на труд *"Teaching modal verbs effectively in ESL")***

15. 8th ELTAM - IATEFL-TESOL International Biannual Conference -Managing teaching and learning – Making the most of both worlds, *Enhancing teachers' and students and organisational* skills, Skopje, 2014 (**презентација на труд "*The use of the modal verb can in TEFL")***

16. International ConferenceTeaching Languages and Cultures in the Post-Method Era: Issues and Developments, Faculty of Philosophy, University of Nis, November 15th 2014 (**презентација на труд "*Encouraging Students' Creativity while teaching English for medical purposes"***

**Учество во реализација на проектни активности:**

Кандидатот д-р Лела Ивановска членува во тимот за превод во следните проекти во рамките на ФИКТ:

1. Дизајн и имплементација на информациски систем на ФИКТ, имплементиран (2014-2017

2. Структуирана база за наставни материјали и електронско тестирање (2017-2018)

3. Креирање можности за вработување на младите дипломирани кадри во прекуграничната облст (Creating Employment Opportunities of Young Graduates in the CBArea (EMPLOYOUTH)), (2018-сега)

4. Прекугранична иницијатива за интегрирани здравствени и социјални сервиси што промовираат безбедно стареење, рана превенција и независно живеење за сите (Cross border initiative for integrated health and social services promoting safe ageing, early prevention and independent living for all (CROSS4ALL)), (2018-сега)

**Учество во обуки, истражувачи камп и студиски престој:**

- Учество на единаесетиот истражувачи камп на Економската школа во Мурска Собота, Словенија, 2019

- Предавач за реализација на обука за наставници од средните училишта во Битола, на тема "Современи стратегии, методски пристапи и образовна технологија" во соработка со Бирото за развој на образование и Тренинг центар Ц.Е.С.,Скопје, 2018

- Студиски престој во рамките на ЦЕПУС на Филолошкиот факултет при Југозападниот Универзитет "Неофит Рилски" Благоевград, Република Бугарија, 2017

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот д-р Лела Ивановска е и судски преведувач и толкувач на сертификати, научни трудови, книги и каталози

Член на Асоцијацијата за наставници (ЕЛТАМ) и на Македонското научно друштво-Битола (МНД)

Член на Централна пописна комисија на ФИКТ

Член во конкурсна комисија за упис на студенти во 2018

Учествувала во изработка на Елаборат на англиски јазик на ИНКИ-втор циклус

Учествувала во промоција на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во средните училишта

**Посебни услови за избор во наставно-научни звања**

Покрај општите услови предвидени во законот за високо образование, според Правилникот за избор во звања на Униveризетот "Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот д-р Лела Ивановска исполнува вкупно 18 услови од дадените критериуми во Анекс 1. Условите во табелите кои што ги исполнува кандидатот се одбележани со "X".

| ПРВ КРИТЕРИУМ<br>Резултати од научно-истражувачка работа | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | X |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | X |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | X |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | X |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од пошироката научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)[2] | |
| ***вкупно исполнети услови од прв критериум*** | **4** |

| ВТОР КРИТЕРИУМ<br>Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно- истражувачки подмладок | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | X |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | X |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | X |

| | |
|---|---|
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | X |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | X |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | X |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | X |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | X |
| ***вкупно исполнети услови од втор критериум*** | **8** |

| | |
|---|---|
| **ТРЕТ КРИТЕРИУМ**<br>**Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност** | |
| **УСЛОВИ** | |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | X |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | X |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | X |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |

| | |
|---|---|
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или пошироката област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | X |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| ***вкупно исполнети услови од трет критериум*** | 7 |
| ***ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМИ*** | 19 |

**Заклучок и предлог**

Врз основа на анализата на приложената документација на кандидатот д-р Лела Ивановска, Комисијата констатира дека таа во целост ги исполнува општите услови за избор во доцент, согласно Законот за високо образование, како и вкупно 19 услови од трите посебни услови, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола.

Кандидатот д-р Лела Ивановска студиозно и со успех го оформила своето образование. Долгогодишното работење во наставата е од посебна важност за запознавање и владеење со проблематиката на англискиот јазик. Особено сакаме да ја истакнеме нејзината плодна работа и сестрана ангажираност во наставата како и учеството на бројни конференции, проекти, работилници и семинари; автор е и коавтор на повеќе научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија во последните пет години; со успешни резултати се истакнува и во текот на движењето на службата. Врз основа на изнесените релевантни податоци, Рецензентската комисија може да заклучи дека кандидатот д-р Лела Ивановска во изминатиот период како наставник на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола професионално и одговорно ги извршувала работните задачи.

Рецензентската комисија, имајќи ја предвид целокупната наставна, стручна и научна активност на кандидатот, со особено задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за Информатички и комуникациски технологии - Битола да го избере кандидатот д-р Лела Ивановска во наставно-научно звање *доцент* во научната област 64004 Англистика на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола.

**Рецензентска комисија:**

1. Д-р Викторија Петковска, редовен професор (претседател) с.р.
   Технички факултет, Битола

2. Д-р Ирина Петровска, редовен професор (член) с.р.
   Факултетот за туризам и угостителство, Охрид

3. Д-р Силвана Нешковска, доцент (член) с.р.
   Педагошки факултет, Битола

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА РАКОПИСОТ НА УЧЕБНИКОТ: „ИНТЕЛЕКТУАЛЕН КАПИТАЛ И КОНКУРЕНТНОСТ” ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р БОЖИДАР МИЛЕНКОВСКИ

Врз основа на член 103 точка 8 од Законот за високото образование и член 16 став 4 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола, како и врз основа на Предлог-Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола бр. 02-397/14 од 26.06.2019 година, Ректорската управа на Универзитетот, на 246-та седница одржана на 19.09.2019 година, донесе одлука за прифаќање на предлогот на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола, за рецензенти на учебникот „Интелектуален капитал и конкурентност”, од авторот вонр. проф. д-р Божидар Миленковски, да се изберат:

-Ред. проф. д-р Димитар Ефтимоски, од Правен факултет-Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски”- Битола, доктор на економски науки,

-Ред. проф. д-р Томе Неновски, од Универзитетот Американ Колеџ-Скопје, доктор на економски науки.

По разгледувањето на доставениот ракопис од учебникот, рецезентите го донесуваат следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Интелектуален капитал и конкурентност” е структуриран како учебник и се однесува на предметот **Интелектуален капитал и конкурентност** кој е предвиден со студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство при Факултетот за информатички и комуникациски технологии од Битола.

Содржината на ракописот е презентирана на 402 страни (А4 формат, Times New Roman 12, проред 1,5). Градивото во овој учебник е групирано во седум основни дела и тоа: (1) Новата економска парадигма наречена економија на знаење, (2) Глобализацијата во ерата на економијата на знаење, (3) Пазар и конкурентност, (4) Електронското работење како детерминанта на конкурентноста, (5) Знаењето како економско добро и како најважен организациски ресурс за постигнување конкурентност, (6) Интелектуалниот капитал и конкурентноста и (7) Додаток: Улогата на психологијата во економијата на знаење - концептот на Бихејвиоралната економија. Притоа, секој од овие делови претставува заокружена логичка целина.

На почетокот на учебникот е даден предговор, општ поглед врз книгата, алатки за полесно учење и благодарност, а на крајот на секој дел е дадена користена литература.

Во предговорот авторот нагласува дека знаењето и интелектуалниот капитал им овозможуваат на современите претпријатија постојано да се иновираат и

подобруваат во новите производи и производни процеси, а во контекст на нивното делување во рамките на економијата на знаење.

Во општиот поглед врз книгата е даден краток осврт на седумте глави (тематски целини). Изборот и редоследот на темите е направен според предавањата и вежбите од горенаведениот предмет и е усогласен со наставниот план и програма предвидени со студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство. Исто така, овде се дадени некои објаснувања за полесно следење на ракописот.

Првата глава со наслов: „Новата економска парадигма наречена економија на знаење", содржи 49 страни и претставува теоретски увид во објаснувањето на економијата на знаење која станува доминантна парадигма во развојот на светот. Новата развојна парадигма, изразена преку економијата на знаење, им овозможува на претпријатијата постојано да се иновираат и подобруваат во новите производи и производни процеси. Притоа, економијата на знаење не ја негира, ниту заменува конвенционалната економија, туку ја апсорбира и надополнува за да ја вклучи во својата сопствена еволуција.

Втората глава со наслов: „Глобализацијата во ерата на економијата на знаење", содржи 57 страни и подетално ја обработува глобализацијата од повеќе аспекти, како и нејзиното влијание врз економската меѓузависност на националните економии.

Третата глава со наслов: „Пазар и конкурентност", содржи 59 страни и го објаснува пазарот како најдобар алокатор на ограничените ресурси во економијата. Во вториот дел од оваа глава, подетално е разработен концептот на конкурентност и тоа на меѓународно ниво, на ниво на држава, на ниво на индустрија, на ниво на претпријатие и на ниво на производ.

Четвртата глава со наслов: „Електронското работење како детерминанта на конкурентноста", содржи 54 страни и ја објаснува улогата на информатичко-комуникациските технологии и Интернетот во целосното редефинирање на работењето на претпријатијата. Употребата на овие технологии во сите сегменти на современото деловно работење ја предизвика појавата на концептот на електронско работење (е-бизнис).

Петтата глава со наслов: „Знаењето како економско добро и како најважен организациски ресурс за постигнување конкурентност", содржи 58 страни и има за цел да го објасни знаењето како економско добро и да даде одговор зошто современите претпријатија треба да инвестираат во знаења. Во ситуација кога пазарите значително се менуваат, технологиите брзо се унапредуваат, а бројот на конкурентите постојано се зголемува, успешните претпријатија мора да создаваат ново знаење, да го шират и брзо да го материјализираат во форма на иновирани производи.

Шестата глава со наслов: „Интелектуалниот капитал и конкурентноста", содржи 51 страна и има за цел да го претстави концептот на интелектуалниот капитал како еден од клучните фактори за постигнување на конкурентска предност кај современите претпријатија, бидејќи конкурентската предност базирана на интелектуален капитал овозможува создавање на поголема додадена вредност на добрата и услугите. Во последно време, концептот на интелектуален капитал е проширен од микроекономско ниво (ниво на претпријатие), на макроекономско ниво (национално и регионално ниво). Притоа, влијанието на интелектуалниот капитал врз конкурентноста на ниво на држава, може да се процени преку индексот на глобалната конкурентност (Global Competitiveness Index, GCI).

Седмата глава со наслов „Додаток: Улогата на психологијата во економијата на знаење-концептот на Бихејвиоралната економија", содржи 47 страни и ја објаснува бихејвиоралната економија како дисциплина која ја зголемува објаснувачката моќ на

економијата преку нејзино комбинирање со пореални психолошки претпоставки и употребувајќи социјални, емоционални и когнитивни фактори во објаснувањето на економските одлуки на поединците и претпријатијата во современи услови на живеење и работење во ерата на знаење.

Понатаму, насловот и содржината на учебникот се соодветни со наставниот предмет. Ракописот изобилува и со проблемски ситуации, практични примери, студии на случај и помалку познати интересни факти чијашто задача е да го „релаксираат" основниот текст од стручни елаборации.

Стилот на пишување на учебникот е јасен и разбирлив, со што се олеснува неговото користење и го прави достапен за студентите при разбирањето и совладувањето на изнесената материја. Концепциски гледано, учебникот можат да го користат не само студентите од Факултетот за информатички и комуникациски технологии, туку и студенти од други факултети на кои им се потребни знаења од областа на интелектуалниот капитал и конкурентноста, како и поширок круг на читатели.

Литературата која е користена во учебникот е актуелна и релевантна, а терминологијата која е користена е во согласност со прифатените изрази и термини за оваа област во нашата држава.

Оттука, врз основа на целокупниот преглед на поднесениот ракопис, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии од Битола, му го поднесуваме следниот

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според погоре изнесеното, сметаме дека ракописот кој е предмет на рецензија има висок квалитет и ги задоволува и исполнува сите критериуми за користење како учебник на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола, кадешто предметот Интелектуален капитал и конкурентност се изучува како наставен предмет.

Фактот дека ваков учебник недостасува на Факултетот за информатички и комуникациски технологии, но и пошироко, ја наметнува потребата од издавање на учебник од овој вид за студентите на Факултетот за информатички и комуникациски технологии од Битола, кои не се доволно запознати со економската наука. Овој учебник е конципиран на начин што нив ќе им овозможи да се стекнат со знаења од соодветната проблематика, но, и да ги „испровоцира" самостојно, логички и економски да размислуваат.

Врз основа на сето ова, Рецензентите со особена чест и задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, ракописот „Интелектуален капитал и конкурентност" од авторот д-р Божидар Миленковски (вонреден професор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии од Битола) да го прифати за издавање како учебник по предметот Интелектуален капитал и конкурентност на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола.

Рецензенти

1. д-р Димитар Ефтимоски, редовен професор с.р.
Правен факултет-Кичево,
Универзитет „Св. Климент Охридски”- Битола

2. д-р Томе Неновски, редовен професор с.р.
Универзитет „Американ Колеџ”- Скопје.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПШТА КРИМИНАЛИСТИЧКА ТЕОРИЈА (51600) И ДРУГО - БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ (51610)

Врз основа на член 172 од Законот за високо образование (Службен весник бр. 82/18), член 255 од Статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола и член 25, 26 и 29 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Наставно-научниот Совет на Правен факултет - Кичево донесе одлука бр. 02-447/9 од 05.09.2019 година на седницата одржана на 04.09.2019 година, со која е формирана Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области Општа криминалистичка теорија (51600) и Друго - Безбедносни науки (51610) во состав: редовен проф. д-р Злате Димовски, редовен проф. д-р Томе Батковски и редовен проф. д-р Борис Мургоски.

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" на 22.08.2019 година во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. д-р Ице Илијевски.

Комисијата во состав редовен професор д-р Злате Димовски - претседател, редовен професор д-р Томе Батковски– член и редовен професор д-р Борис Мургоски - член, врз основа на член 173, став 8 и 10 од Законот за високо образование и член 31 и 32 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола, со внимание ги разгледа поднесените документи од кандидатот доц. д-р Ице Илијевски и на Наставно-научниот Совет на Правен факултет - Кичево му го поднесува следниот:

## Р Е Ф Е Р А Т
## за избор на наставник
## I.

Комисијата по добивањето на доставената документација согласно конкурсните услови констатира дека на Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Правен факултет - Кичево, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" на 22.08.2019 година се пријавил еден кандидат, доцент Ице Илијевски, Доктор по безбедносни науки.

Комисијата констатира дека поднесокот е навремен и целосен, дека ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високо образование и актите на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, па согласно тоа прифати да го разгледа, да го проучи и да достави Реферат за избор на наставник до Наставно-научниот совет на Правен факултет - Кичево.

## II.
### 1. Биографски податоци

Кандидатот доц. д-р Ице Илијевски, е роден на 29.06.1986 година, во Битола, со адреса на живеење ул. Цветан Димов бр. 179. Државјанин е на Република Северна Македонија и по националност Македонец.

Основно и средно образование завршил во Битола. Високото образование го завршил на Факултетот за безбедност – Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во 2008 година со просек 9,66 и се здобил со звање дипломиран криминалист. Последипломски студии завршува на истиот факултет со просек 9,75 и на 01.06.2011 година ја одбранил магистарската теза на тема „Извори на финансирање на тероризам – криминалистички, криминолошки и кривично-правни карактеристики“ и се здобил со звање Магистер на науки од областа на криминалистиката и криминологијата. На Факултетот за безбедност – Скопје при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола со одбраната на докторската дисертација на 10.12.2014 година на тема: „Контрола и надзор врз безбедносниот систем на Република Македонија – со посебен осврт на МВР“ се стекнува со звањето Доктор по безбедносни науки.

Во периодот 2009 - 2010 година кандидатот д-р Ице Илијевски работел како демонстратор на Факултетот за безбедност – Скопје и како асистент на Интернационалниот универзитет во Нови Пазар со департман во Ниш, Република Србија - Правен факултет - криминалистичка насока. Од 27.10.2011 година работел на Факултетот за безбедност – Скопје како помлад асистент. На 27.11.2014 година е избран за асистент на Факултетот за безбедност – Скопје, научна област Општа криминалистичка теорија (51 600).

Со одлука 08-5/38 на Наставно-научниот Совет на Факултетот за безбедност - Скопје, донесена на седница одржана на 05.03.2015 година е избран за Доцент во научните области Друго - Безбедносни науки (51610) и Општа криминалистичка теорија (51600).

Од 01.11.2018 година работи на Правен факултет – Кичево.

Кандидатот говори англиски, српски, хрватски јазик и делумно бугарски јазик. Има добро компјутерско познавање од Microsoft Office посебно програмите: Word, Excel, PowerPoint, како и програмските пакети Statistica и SPSS.

## 2. Педагошка дејност

Во периодот 2015-2019 година кандидатот доц. д-р Ице Илијевски, како доцент на Факултетот за безбедност - Скопје има реализирано значителна активност на планот на одржувањето предавања по следните предмети од прв циклус на студии: Контрола на безбедносен сектор, Криминалистичка тактика, Тероризам и методика на истражување на тероризам и Безбедносен менаџмент.

Со решение број 1409-74/2 од 12.06.2017 година на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во Република Северна Македонија, доц. д-р Ице Илијевски е акредитиран за ментор на втор циклус на студии врз основа на исполнување на законските услови. Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност - Скопје, предавања и испити на втор циклус на студии спроведувал по предметите: Меѓународен тероризам, Тероризам и менаџирање на инциденти пост тероризам, Тероризам и сузбивање на тероризмот, Еколошка криминалистика, Стратешки анализи и криминалистичко разузнавање, Безбедносен менаџмент, Државен контролен систем – современи предизвици, Контрола на безбедносниот систем.

На Правен факултет – Кичево во академската 2018/19 година со одлука на Наставно-научниот совет предавање и испити на втор циклус студии реализирал по предметите: Криминалистика, Организиран криминал и Сузбивање современи форми на криминал.

Тој работи мошне одговорно, со постојана и несебична соработка со студентите, остварува консултации и им помага при подготовката за изработка на писмените активности (семинарски работи, есеј и сл.) по овие предмети.

Во својата работа, кандидатот се пројавува со трудољубивост, инвентивност и колегијалност, реализирајќи ги предвидените содржини од наставната програма во насока на подобро совладување од страна на студентите.

Во изминатиот период доц. д-р Ице Илијевски на Факултетот за безбедност – Скопје и на Правниот факултет - Кичево бил избран за ментор и член на Комисија на повеќе дипломски работи на прв циклус како и ментор и член на Комисија на повеќе магистерски работи на втор циклус на студии.

Кандидатот бил избран и за член и на Рецензентска комисија за избор на еден наставник на научните области Општа криминалистичка теорија (51600), Криминалистичка методика (51601) и Друго (51610) на Факултетот за безбедност, криминологија и финансиска контрола при МИТ Универзитет – Скопје (Одлука бр. 02-385/2 од 25.06.2016).

## 3. Стручна и општествена дејност

Кандидатот доц. д-р Ице Илијевски во изминатиот период 2015-2019 покрај ангажманот во наставно-образовниот процес бил избран и учествувал во работата на повеќе тела на Факултетот за безбедност – Скопје, Правниот факултет – Кичево и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. Во оваа смисла, Комисијата може да ги истакне следниве задолженија и активности на кандидатот во дадениот период:

- Член на Комисија за студентски стандард на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (Одлука бр. 03-1008/4 од 01.12.2015);
- Секретар на Катедрата за криминалистички науки на Факултетот за безбедност-Скопје (Одлука бр. 08-5/121 од 03.09.2016);
- Ментор за реализирање на практична настава на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/142 од 31.10.2017);
- Член на Комисија за дисциплински мерки на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/174 од 28.12.2017);
- Член на Конкурсна комисија за запишување на студенти на прв циклус на студии на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/98 од 29.06.2017)
- Член на Комисија за евалуација на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/147 од 22.10.2015);
- Секретар на Уредувачки одбор на Меѓународна научна публикација – Годишник на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/66 од 03.05.2016);
- Член и секретар на Организациониот одбор на Меѓународна научна конференција „Безбедносни концепти и политики – нова генерација на ризици и закани“ на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/142 од 02.09.2016);
- Член на Организациониот одбор на Меѓународна научно-стручна конференција „40 години високо образование од областа на безбедноста (науки, модели и практики“ на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/46 од 30.03.2017);
- Член и секретар на Организациониот одбор на Меѓународна научна конференција „Реформите на безбедносниот систем како предуслов за

евроатлантските интеграции"на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/130 од 22.09.2017);

- Член на Организациониот одбор за организирање на Научно-стручна дебата „ Функционирањето на безбедносниот систем на Република Македонија во кризна и сложена безбедносна состојба – менаџирање и справување со кризи" на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/142 од 02.09.2016);
- Член на Организациониот одбор за организирање на „Денови на кариера 2018" на на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-117/14 од 01.02.2018)
- Член на Организациониот одбор за организирање на Научно-стручна дебата „Демократски стандарди и практики во следењето на комуникациите и функционален безбедносен систем на Република Македонија" на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-117/15 од 01.02.2018)
- Член на Организациониот одбор за организирање на јубилеј „40 години Факултет за безбедност - Скопје" (Одлука бр. 08-5/46 од 30.03.2017);
- Член на работна група за изработка на студиски програми за втор циклус на студии Криминалистика и Меѓународна безбедност на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-451/11 од 27.04.2016);
- Член на Работна група за изработка на студиски програми за втор циклус на студии на англиски јазик на Факултетот за безбедност – Скопје (Одлука бр. 08-5/108 од 29.06.2017);
- Член на работна група за изработка на студиска програма Казнено право на втор циклус на студии на Правен факултет - Кичево (Одлука бр. 02-648/1 од 13.11.2018).

Со одлука бр. 08-629/1 од 28.01.2019 година на Собранието на Република Северна Македонија, доц. д-р Ице Илијевски е избран за член на Советот за граѓански надзор како експерт при Собранието на Република Северна Македонија.

## 4. Научна, стручна, истражувачка и апликативна дејност

### 4.1. Објавени научни и стручни трудови

Кандидатот доц. д-р Ице Илијевски во периодот 2015-2019 во научната област партиципирал со 2 (два) прирачници и 37 (триесет и седум) научни и стручни трудови објавени во референтни меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации, кои се презентирани на меѓународни научни конференции во земјата и странство. Сите трудови се внесени во Репозиториумот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Во продолжение ќе бидат наведени објавените книги и научни и стручни трудови на кандидатот каде се јавува како автор и како коавтор.

#### *4.1.1. Објавени книги (2015-2019)*

1. **Прирачник за обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки**, коавтор со доц. д-р Кире Бабаноски и проф. д-р Злате Димовски, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016 година.

Трудот „Прирачник за обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки" содржи Воведни напомени, главен текст поделен во 7 дела,

Заклучни согледувања и препораки, Библиографија и Прилози. Во трудот се прикажуваат основните аспекти на транспортот на пари и неговото обезбедување во земјите-членки на Европската Унија, преку индивидуалните дефиниции кои се прифатени кај нив, но и заедничките карактеристики. Посебно внимание е посветено на елементите на прекуграничниот транспорт на пари, но и неговите ограничувања, кој е особено важен во рамките на Европската Унија. Во него детално се објаснуваат планот и наредбата за обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки, преку задолжителните елементи и делови кои ги содржат. Во посебна точка се разработува начинот на изработка на безбедносна проценка при обезбедувањето на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки со сите специфичности кои ги содржи при идентификувањето на ризиците, заканите и опасностите кои го следат овој процес. Исто така направена е безбедносна анализа која се однесува на етио-феноменолошките карактеристики на нападите врз транспортите на пари во периодот 2005-2016 година на територијата на Република Македонија. Тие се категоризираат според годишниот, месечниот, неделниот, дневниот и часовниот распоред, според местото на извршување на нападот, жртвата, субјектите кои го вршеле транспортот итн. Во рамките на превентивните аспекти детално се објаснети возилата за транспорт на пари, заедно со сите нивни специфичности (GPS, биометрија и сл.), безбедносните куфери и чанти, концептот на транспорт на пари без примена на оружје, како и осигурувањето на вредносните кои се транспортираат.

2. **Обезбедување лица и објекти**, коавтор со проф. д-р Злате Димовски и доц. д-р Кире Бабаноски, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2018 година.

Трудот „Обезбедување лица и објекти“ содржи Воведни напомени, главен текст поделен во 3 дела, Заклучни согледувања и препораки, Библиографија и Прилози. Во него се прикажуваат нормативно-правниот развиток на приватната безбедност во Република Македонија и се даваат основните поимни дефиниции на обезбедувањето на лица и објекти. Посебно внимание и анализа се посветени безбедносната проценка, прикажана преку проценката на ризик при обезбедување на лица и проценката на ризик при обезбедување на објекти. Тука детално се објаснува и безбедносниот оперативен план при обезбедување на на лица и објекти, преку задолжителните елементи и делови кои ги содржи. Детално се опишуваат основните формации за обезбедување на лица при движење пеш кои се илустрирани преку посебно изработени слики за таа намена. Во продолжение се даваат карактеристиките и специфичностите на обезбедувањето на лица при движење во посебни околности и ситуации како и опасности при напад. Посебен акцент се става на улогата на менаџерот за приватно обезбедување, карактеристиките на работникот за обезбедување на објекти, како и опремата која ја користи при спроведување на процесот за заштита и обезбедување на објектот. Исто така, се разработува тактичкото постапување при обезбедувањето на објекти и мерките и активностите кои се користат за нивна заштита.

### *4.1.2. Објавени научно стручни трудови (2015-2019)*

1. **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, Kire Babanoski PhD, **„The weapons of mass destruction as a security threat in function of terroristic aims realization“**, International scientific conference: Researching security approaches, concepts and policies, Hotel Metropol, Ohrid, Republic of Macedonia, 02-03.06.2015, p. 243-254

Во овој труд се анализира глобалната закана предизвикана од можноста за употреба на оружје за масовно уништување од страна на терористички организации. Целта на трудот е научна и теоретска анализа на оружјето за масовно уништување преку идентификација и диференцијација на неговите типови, карактеристики и ефекти. Во овој поглед, во трудот, одделно се разгледуваат хемиското, биолошкото, радиолошкото и нуклеарното оружје и нивната деструктивна моќ и опасноста да предизвикаат огромен број жртви со нивна употреба.

2. Zlate Dimovski PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Security challenges and euro integration of the Republic of Macedonia“** International scientific conference: Contemporary security paradigms and challinges: Theory and Practice, Institute for Security, Defense and Peace, Ohrid, 18-19.09.2015
Предмет на анализа на овој труд се новите ризици, закани и предизвици за безбедносниот сектор во Република Македонија, кои произлегуваат како резултат на неинтеграцијата на земјата во НАТО и ЕУ. Посебно се потенцира потребата за воведување реформи во безбедносниот систем и изградба на европски безбедносен систем.

3. Zlate Dimovski PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Criminological profile of the crimes against the general safety of people and property in the Republic of Macedonia“**, Conference proceedings, Second International conference on Interdisciplinary Studies, International institute for private-commercial and competition law in partnership with Tirana business university, Albanian national chamber of mediators, University College Pjeter Budi, Pristina, Tirana, 19.12.2015 p.145-159

Основната цел на овој труд е создавање профил на извршители на кривични дела во Република Македонија од криминолошки аспект во последните десет години (2005-2014). Посебно внимание се посветува на анализата на феноменолошките карактеристики врз основа на официјални годишни извештаи за сторители што ги составува Државниот завод за статистика, според податоците од Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство и судовите низ целата држава. Нивниот обем и динамика се применуваат за пријавени, обвинети и осудени сторители, врз основа на различни критериуми: пол, вид на кривична санкција, соучесништво, број на учесници во кривичното дело, претходни убедувања, возраст, етничка припадност, образование и занимање.

4. **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, Kire Babanoski PhD, **„The use of police service dog in crime investigation“**, International Yearbook 2015/1, Faculty of security – Skopje, 2015 p.73-79

Во овој труд, посебно внимание се посветува на видовите полициски кучиња и нивната употреба во полициски цели. Покрај брзиот технолошки развој, употребата на кучиња од полициската служба е сè уште незаменлив дел од работата на полицијата. Употребата на полициски кучиња во комбинација со оперативно-тактички мерки и активности придонесува за пронаоѓање на осомничените, исчезнати лица и предмети, откривање на дрога, експлозиви и други нелегални материи, заштита на лица и др.

5. Zlate Dimovski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD **„Development of criminalistics as science in the Republic of Macedonia“** International Yearbook 2015/2, Faculty of security – Skopje, 2015 p.87-92

Во овој труд се укажува на потреба од научен, организиран и систематски пристап кон откривањето, докажување и борбата против криминалот и неговите извршители преку криминалистиката како наука. Исто така во трудот се анализирани начините на вклучување на криминалистиката преку образовните процеси за едукација на човечки ресурси за борба против криминалот во Република Македонија како и преглед на развојот на научната мисла и функција во борбата против криминалот.

6. **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, Kire Babanoski PhD, **„Organizational structure, functions and role of the security system in the process of dealing with security risks and threats in the Republic of Macedonia“**, Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences, Vol. 2 No. 1, March 2016 p.105-119
Во овој труд се разработува организациската структура и функцијата на безбедносниот систем на Република Македонија од страна на регулаторните органи. Во него се претставени надлежностите на припадниците на безбедносниот систем, нивните овластувања и одговорности во безбедносните институции, како и утврдување на нивните слабости и недостатоци, преку структурата на безбедносниот систем на Република Македонија.

7. Zlate Dimovski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, Vase Rusomanov, MSc, **„Elements of the terrorism reviewed through instrumentum operandi, organizational setup and phases of realization of the terrorist act“**, Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences, Vol. 2 No. 1, March 2016 p.231-237

Анализата на овој труд се однесува на instrumentum operandi и организациската поставеност на терористичките организации како и фазите на реализација на терористичкиот акт, со посебен акцент на состојбата во Република Македонија.

8. **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, Zlate Dimovski PhD, **„Control and oversight of the private security sector in the Republic of Macedonia“**, VII Scientific and Professional Conference with International Participation "European Integration: Justice, Freedom and Security", vol. II, Academy of Criminalistic and Police Studies – Belgrade and the Hanns Seidel Foundation, Tara, 24-26.05.2016 p.17-27

Преку овој труд се утврдува потребата од ефикасен систем на мерки и активности за соодветна контрола и надзор над приватната безбедност што задолжително треба да биде во согласност со принципите на демократијата преку јавност, транспарентност и одговорност. Во него се презентираат тековните услови и идните перспективи на формалните и неформалните механизми за контрола и надзор над приватната безбедност во Република Македонија.

9. Zlate Dimovski PhD, Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, **„Narco-terrorism in contemporary conditions: financing of terrorist activities by illegal drug trafficking“**, International scientific conference „Contemporary trends in social control of crime“, Faculty of security – Skopje, Ohrid, 30-31.05.2016 p.203-214

Трудот преку научен и теоретски начин ја анализира врската помеѓу нарко-криминалот и современиот тероризам, преку идентификација и диференцијација на нивните сличности и разлики. Посебен акцент е ставен на финансирањето на тероризмот преку трговијата со дрога.

10. **Ice Ilijevski PhD**, „A proposed mechanism for enhancing the control and oversight of the security system of the Republic of Macedonia“, International scientific conference „Contemporary trends in social control of crime“, Faculty of security – Skopje, Ohrid, 30-31.05.2016 vol.1 p.64-71

Главната цел на трудот е да се потенцира потребата за подобрување на механизмите за контрола и надзор на безбедносниот систем во Република Македонија со понуда на конкретни решенија. Авторот нуди концепт преку создавање на посебно и независно тело (Агенција за контрола и надзор на безбедносниот систем на Република Македонија) што ќе придонесе за зајакнување на професионалниот капацитет и довербата на јавноста во телата на безбедносниот систем и нивните членови.

11. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, **„Security analysis of cash in transit attacks in the Republic of Macedonia“**, International academic conference „Private security in the 21st century: Experiences and challenges“,Institute for security, defense and peace, Faculty for philosophy, University “St. Cyril and Methodius” – Skopje, Ohrid, 15-16.09.2016

Во овој труд се презентира научна анализа, опис и објаснување за нападите на транспортот на пари и други вредносни пратки во транзитни возила кои треба да придонесат за препознавање на недостатоци, празнините и слабости на безбедносниот процес, работите и мерките за заштита при работа, преземени од страна на надлежните субјекти.

12. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, **„Current situation in international terrorism: security analysis, trends and future perspectives“**, International Scientific Conference, Global Challenges and Opportunities – Future Perspectives of Developing Countries, MIT University – Skopje, 20-21.05.2016, International journal of recent research in arts and sciences, MIT University, Skopje, 2016 p.405-422

Трудот ја анализира актуелната глобална состојба во однос на меѓународниот тероризам, преку безбедносно проценување на неговото влијание врз стабилноста на земјите ширум светот. За таа цел, тој ги третира денешните терористички организации и нивните незаконски активности нагласувајќи ја нивната зависност од националните, регионалните и глобалните трендови, настани и случувања, како и креирање на безбедносни политики и стратегии.

13. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, **„Analysis of road traffic safety through direct relative indicators for traffic accidents fatality: Case of Republic of Macedonia“**, Promet - Traffic and Transportation, vol. 28, no. 6, 2016 p.661-669

Главен предмет на трудот е анализата добиена со пресметување и споредување на директните релативни показатели за смртни случаи од сообраќајни несреќи во однос на вкупното население (јавен ризик) , вкупниот број на возила (сообраќаен ризик) и вкупниот број поминати километри (динамичен ризик во сообраќајот).

14. **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, Zlate Dimovski PhD, **„Threat of terrorism to the Balkans – target for terrorists or suitable ground for expansion of their ideology“**, Third International scientific conference: „Social Change in the Global World“, Stip, 01-02.09.2016 p.545-560

Трудот има за цел да ги идентификува трендовите и идните перспективи на тероризмот со анализа на состојбите на балканските земји преку јавно достапни извештаи од меѓународните организации, кои ја презентираат ситуацијата со тероризмот и терористичките организации во светот.

15. Aleksandar Georgiev, MSc, Zlate Dimovski, PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Modus operandi of migrant smuggling“**, Academic Journal of Business, Administration, Law and Social Sciences IIPCCL Publishing, Vienna-Austria, Vol. 3 No. 1, 2017 p. 213-222

Во овој труд се анализираат безбедносните аспекти и последиците што произлегуваат од преселбите, особено феноменот на криумчарење мигранти. Покрај тоа се актуелизираат проблемите со оваа криминална активност и се потенцираат последиците што произлегуваат од тоа со цел да се воспостави стратегија и тактика за справување со таков негативен феномен.

16. **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, Kire Babanoski PhD, **„Security analysis of terrorist attacks to the airports as critical infrastructure“**, International scientific conference „Security concepts and policies – new generation of risks and threats“,Faculty of security – Skopje, Ohrid, 04-06.06.2017 p. 86-98

Во овој труд се анализираат безбедносните аспекти на терористичките напади на аеродромите, кои се дел од критичната инфраструктура. Во него се презентирани безбедносните мерки спроведени на аеродромите, како и ризиците со кои се соочуваат, имајќи предвид дека како дел од критичката национална инфраструктура тие се примамлива цел за терористите да извршат вооружени терористички напади.

17. **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD. Kire Babanoski PhD, Aleksandar Georgiev, MsC, **„Criminalistic aspects in detecting, solving and proving of terrorist financing“**, Journalos of advanced scientific research and innovation, Germany, Vol. 11 No. 31, 2017

Главниот предмет на трудот е елаборирање на карактеристиките на криминалистиката кои се поврзани со процесот на откривање, разјаснување и докажување на финансирањето на тероризмот како кривично дело. Фокусот е ставен на анализа на карактеристиките што се користат во процесот на прибирање докази: начинот на извршување на кривичното дело (modus operandi), криминалната состојба и трагите од кривичното дело, личноста на сторителот и личноста на жртва на кривичното дело.

18. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, **„Suicide terrorism and women“**, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, MIT University, vol. 8, Skopje, June, 2017, p. 562-590

Главната област на интерес во трудот е безбедносните карактеристики на самоубиствениот тероризам како современ метод за извршување терористички акти. Посебен преглед е даден на улогата и задачите на жените при спроведување на самоубиствените терористички напади.

19. **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, Kire Babanoski PhD, Aleksandar Georgiev, MsC, **„Smuggling of migrants during refugee crises“**, Proceedings, Fourth International Scientific Conference, Social Change in the Global World, Shtip, 2017, p. 291-302

Во овој труд е анализирана безбедносната димензија и последиците што произлегуваат од миграциските движења, особено феноменот на илегалната миграција и шверцот со мигранти. Покрај тоа, во трудот се разгледани нивните тековни трендови преку анализа на статистички податоци за илегални миграциски движења и криумчарење мигранти во Република Македонија.

20. Zlate Dimovski, PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Developing youth's safety culture in sport“**, International Scientific and Professional Conference „Sport and Security – regional experiences and perspectives“, Football Association of the Republic of Srpska and Administration for Police Education, Ministry of Internal Affairs of the Republic of Srpska, Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Herzegovina, 05.09.2017, p. 107-122

Овој труд ги опфаќа безбедносните аспекти и развојот на безбедносната култура на учениците во училиштата за да се здобијат со знаења и вештини за идентификување и откривање на безбедносните ризици, нивни манифестации и последици врз луѓето, имотот и околината. Училиштата и спортските клубови се места каде што младите треба да научат да ги идентификуваат и разликуваат позитивните од негативните вредности.

21. Zlate Dimovski, PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Crime scene analysis in the function of the criminal profiling“**, International Yearbook in honour of Anton Rop, 2017/2, Faculty of security, Skopje, 2017, p. 24-30

Трудот го анализира криминалистичкото профилирање како истражен метод што се користи за да им помогне на полицијата при откривање на непознати сторители. Во него се потенцира анализата на местото на криминален настан како еден од видовите на криминалистичко профилирање.

22. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, **„Criminalistics and operative aspects of the attacks on the cash in transit vehicles in the Republic of Macedonia“**, Criminalistic Theory and Practice, International Criminalistic Association, vol. 5, nr. 8, Zagreb, Croatia, 2018, p. 19-36

Во овој труд се претставени резултатите од истражуваните криминолошки, виктимолошки и криминалистичко-оперативни аспекти на нападите на возилата при транспортот на пари во Република Македонија во периодот од 2005 до 2016 година. Преку безбедносната анализа применета во трудот, се создава основа за подобрување на поефикасни и поефективни начини за планирање и изведување на транспорт на пари и други вредносни пратки.

23. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, **„Terrorist attacks on tourist places“**, Knowledge, International Journal, Institute for Knowledge Management, vol. 22, no. 3, Vrnjacka Banja, Serbia, March 2018, p. 749-755

Главниот предмет на овој труд се однесува на загрозување на туризмот, туристичките места и туристите од насилните активности извршени од страна на терористите. Ваквите опасни состојби во трудот, се изразуваат преку анализа на некои од познатите терористички напади кои биле извршени врз туристички места во последните години.

24. Ljupco Todorovski PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, **„Carriers of the organized drug crime – organized drug group and criminal networks“**, Knowledge, International Journal, Institute for Knowledge Management, vol. 22, no. 3, Vrnjacka Banja, Serbia, March 2018, p. 757-761

Овој труд дава преглед на организираните криминални групи и мрежи за вршење трговија со дрога во врска со нивниот начин на постапување. Во него се презентираат состојбите и идните перспективи на криминалот со наркотици во Република Македонија и активностите што се преземаат за негово спречување.

25. Ljupco Todorovski, PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, Kire Babanoski, PhD, **„Operational aspects of revealed international channels of illicit drug trafficking in the Republic of Macedonia“**, Balkan Journal of Interdisciplinary Research, International Institute for Private, Commercial and Competition Law, vol. 4, no. 1, Graz, Austria, May 2018, p. 64-72

Во трудот се претставени откриените меѓународни канали на недозволена трговија со дрога во Република Македонија и криминалните групи и мрежи кои тргуваат со дрога во однос на нивната поставеност и начинот на дејствување. За да се добие целосна слика за начинот на кој се откриваат и прекинуваат меѓународните канали на недозволена трговија со дрога, во трудот се анализирани три случаи (Босфор, Транзит и Кондуктор), во кои беа откриени големи количини на дрога и уништи неколку криминални организации.

26. **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, Kire Babanoski, PhD, **„Using persons with the hidden identity for monitoring and collecting information or data for crimes in the field of organized crime“**, Conference Proceedings of the International Scientific Conference „Towards a Better Future: The Rule of Law, Democracy and Polycentric Development“, vol. I, Faculty of Law, University „St. Kliment Ohridski“–Bitola, 11-12.05.2018, p. 192-203

Главниот предмет на овој труд е примена на посебната истражна мерка со употреба на лица со прикриен идентитет за следење и прибирање информации и податоци за кривични дела од областа на организираниот криминал во Република Македонија. Во него се анализирани два кривични предмети („Змиско око“ и „Калдрма“) кои се откриени и докажани со примена на оваа посебна истражна мерка.

27. **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski, PhD, Kire Babanoski, PhD, **„Parliamentary control over the operation of the administration for security and counterintelligence in the Republic of Macedonia“**, Conference Proceedings of the International Scientific

Conference, „Security system reforms as precondition for euro-atlantic integration“ Vol. 1, Faculty of security – Skopje, Ohrid, 04-06.06.2018, p. 54-60

Во трудот се презентираат тековните состојби и идните перспективи на парламентарната контрола и надзор над Управата за безбедност и контраразузнавање на Република Македонија и потребата од реформи во овој важен сегмент на безбедносниот систем. Посебно значење има компаративната анализа на парламентарниот надзор на Република Македонија со Република Хрватска и Република Бугарија.

28. Ljupco Todorovski, PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, **„Strategy for fight against drug trafficking and proposed measures for strategic actions in the area of security“**, Conference Proceedings of the International Scientific Conference, „Security system reforms as precondition for euro-atlantic integration“ Vol. 1, Faculty of security – Skopje, Ohrid, 04-06.06.2018, p. 299-306

Трудот укажува на потребата од стратегија за борба против трговијата со дрога во однос на потребата од координирано постапување на институциите за борба против криминалот со дрога, како и меѓународната соработка и меѓународната политика. Исто така, во трудот се даваат предлог мерки за подобрување на состојбата како: мониторинг, размената на информации, анализи и истражување на нелегалната трговија со дрога.

29. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Zlate Dimovski PhD, **„Balkan Route, Organized Crime and Terrorism“**, Journal of European and Balkan Perspectives, vol. 1, nr. 1, 2018, p. 12-20

Трудот дава теоретско објаснување и емпириски преглед на криминалните активности во балканските земји во рамките на „Балканската рута“, како пат по кој се извршуваат шверц на нелегална стока и имигранти во Западна Европа. Во него се зборува за видовите криминални активности што се случуваат во овој коридор (особено организираниот криминал и терористичките активности), нивните причини и објаснувањето за нивните штетни последици по безбедноста и стабилноста на балканските земји.

30. Zlate Dimovski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Tactical use of biological weapons for terrorist goals“**, Security dialogues, Faculty of philosophy, Institute of security, defence and peace, vol.9 no. 1, Skopje, 2018 p. 73-86

Употребата на биолошко оружје во разни смртоносни напади извршени од терористички организации за исполнување на нивните цели е главен предмет на овој труд. Исто така се објаснуваат карактеристиките на биолошките агенси, вклучувајќи бактерии, вируси и токсини кои можат да се претворат во биолошко оружје погодно за употреба во терористички активности.

31. Zlate Dimovski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Legal mechanisms by the United Nations and Council of Europe for prevention and suppression of terrorist activities“**, Conference Proceedings, vol. II, International scientific conference “Security,

political and legal challenges of the modern world, University St. Kliment Ohridski, Bitola, 19-21.10.2018, p. 24-35

Во трудот се анализираат документи усвоени од Обединетите нации и Советот на Европа кои претставуваат правна рамка за сузбивање и спречување на тероризмот во Европа и целиот свет. Посебно внимание е посветено на конвенциите и протоколите кои претставуваат политички став на државите членки на ООН за опасностите и потребата од спречување на тероризмот како кривично дело низ целиот свет.

32. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD **„The traffic morale, ethics and culture among road traffic users“**, Horizons International Scientific Journal, Series A, year XII, vol. 22, Bitola, November 2018, p. 77-85

Моралната одговорност на учесниците во патниот сообраќај, што е предмет на интерес на овој труд, е поврзана со свеста, моралот, етиката и етичкото однесување, како и со културата. Вредноста на учесниците во патната кореспонденција се оценува според степенот на нивниот морал на патот.

33. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD, „Techniques of conducting interrogation during police investigation of crimes“**, International Journal Knowledge, vol. 28, nr. 6, 2018, p. 2101-2108

Главниот предмет на овој труд е полициското сослушување, кое теоретски и описно е анализирано преку неговите различни методи и техники кои се дел од процесот на вадење на вистината и добивање признание од осомничените. За таа цел, особено внимание се посветува на криминалистичко - оперативни аспекти на современата Реид техника, а исто така се презентирани примери за неговата примена во полициското сослушување.

34. Kire Babanoski PhD, **Ice Ilijevski PhD**, Zlate Dimovski PhD, **„Countering violent extremism that lead to terrorism: situation, policies and concepts“**, Journal of European and Balkan Perspectives, vol. 2, nr. 1, 2019, p. 17-27

Овој труд го објаснува екстремизмот во свои форми, кој може да доведе до тероризам, особено во балканскиот регион. Затоа е дадена анализа на идеи, концепти, методи, мерки и активности со цел да се бори против него, да се потиснат неговите олеснителни фактори и да се спречат понатамошни насилни активности, како што се терористички акти.

35. **Ice Ilijevski PhD**, Kire Babanoski PhD, Zlate Dimovski PhD, **„Situation and trends of terrorist acts within European Union“**, Journal of Liberty and International Affairs, vol. 5, nr. 1, May 2019, p. 31-42

Предмет на интерес на овој труд е актуелната состојба и трендот на меѓународен тероризам во Европската унија, објаснет преку безбедносна анализа на извршени терористички напади и нивно влијание врз европската безбедност и стабилност. Овој труд ги разгледува околностите на терористички напади (неуспешни, уништени и завршени) во земјите - членки на Европската унија.

36. **Ice Ilijevski, PhD**, Kire Babanoski PhD, Zlate Dimovski, PhD, **„International approach to tackling the foreign terrorist fighters“**, Conference Proceedings of the International Scientific Conference “Towards a better future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice”, vol. 1, Faculty of law, University St. Kliment Ohridski - Bitola, 10-12.05.2019, p.157-165

Овој труд прави анализа на тековните институционални и академски дефиниции на терминот „странски терористички борци“ и ќе бидат издвоени најконкретните елементи и карактеристики. Во врска со ова, ќе се обезбеди преглед на меѓународната правна рамка за мерки, како и активности што треба да се преземат како одговор за да се спречат повратниците да вршат терористички напади.

37. Zlate Dimovski, PhD, **Ice Ilijevski, PhD**, Kire Babanoski PhD, **„Security challenges of illegal migration in North Macedonia: Overview of the smuggling of migrants“**, Thematic Proceedings, International scientific conference “The great powers influence on the security of small states”, vol. 1, Faculty of security - Skopje, University St. Kliment Ohridski - Bitola, Ohrid, 23-25.06.2019

Овој труд ја разработува безбедносната димензија и последиците што произлегуваат од миграциските движења, особено феноменот на илегалната миграција и шверцот со мигранти. Покрај тоа, во трудот се разгледани нивните тековни трендови преку анализа на статистички податоци за криумчарење мигранти во Република Северна Македонија.

### *4.1.3. Учество на конференции, семинари, научно-истражувачки проекти*

Кандидатот доц. д-р Ице Илијевски во периодот 2015-2019 покажува активност и на планот на научната, стручната и апликативна дејност, манифестирана преку учество на бројни меѓународни научно-стручни конференции, семинари, јавни дебати и стручни расправи во земјата и во странство.

Тој учествувал во истражувачкиот тим на научно – истражувачкиот проект „Парламентарна контрола и надзор над безбедносниот систем на Република Македонија“ спроведен од Факултетот за безбедност – Скопје (во тек).

Низ континуирани активности со учество на научни и стручни трибини во земјата и странство, семинари и проекти, кандидатот е фокусиран на фундирани истражувања во областа на безбедноста и криминалистиката.

Учествувал на повеќе конференции, тркалезни маси и стручни расправи:

- International scientific conference, Researching security – approaches, concepts and policies, Faculty of security – Skopje, Ohrid, 02-03.06.2015
- International scientific conference “Contemporary security paradigms and challenges: Theory and practice”, Institute for security, defense and peace, Faculty for philosophy, University “St. Cyril and Methodius” – Skopje, Ohrid, 18-19.09.2015
- International Scientific Conference, Global Challenges and Opportunities – Future Perspectives of Developing Countries, MIT University – Skopje, 20-21.05.2016
- International scientific conference “European Integration: Justice, Freedom and Security”, vol. II, Academy of Criminalistic and Police Studies – Belgrade and the Hanns Seidel Foundation, Tara, Serbia, 24-26.05.2016

- International academic conference „Private security in the 21st century: Experiences and challenges“, Institute for security, defense and peace, Faculty for philosophy, University “St. Cyril and Methodius” – Skopje, Ohrid, 15-16.09.2016
- International scientific conference „Security concepts and policies – new generation of risks and threats“, Faculty of security - Skopje, Ohrid, 04-05.06.2017
- International Conference New Directions and Challenges in Transforming Societies Through a Multidisciplinary Approach, MIT University - Skopje, 06.06.2017
- International conference „Coping with Challenges from Violent Extremism and Radicalization that Lead to Terrorism – Management and Negotiations in Crises Situations Caused by VERLT“ organized by the Ministry of Interior of the Republic of Macedonia and OSCE Mission to Skopje, Ohrid, 18-22.09.2017
- International scientific conference „Criminalistic Theory and Practice“, International Criminalistic Association, Zagreb, Croatia, 17-18.11.2017
- International and professional conference „40 years of higher education in the field of security - Theory and Practice “, Faculty of security - Skopje, 05.12.2017
- International Scientific Conference „Towards a Better Future: The Rule of Law, Democracy and Polycentric Development“, Faculty of Law, University „St. Kliment Ohridski“ – Bitola, 11-12.05.2018
- International Scientific Conference, „Security system reforms as precondition for euro-atlantic integration“, Faculty of security – Skopje, Ohrid, 04-06.06.2018
- International conference „Management and Negotiations in Crises Situations Caused by VERLT – Profiling and identification of returning foreign terrorist fighters“ organized by the Ministry of Interior of the Republic of Macedonia and OSCE Mission to Skopje, Ohrid, 15-18.10.2018
- International conference „Changing Threats and International Terrorism“ organized by YATA Turkey, Istanbul, Turkey, 28.11.2018 – 01.12.2018
- International Scientific Conference „Towards a Better Future: The Rule of Law, Democracy EU Integration and Criminal Justice“, Faculty of Law, University „St. Kliment Ohridski“ – Bitola, 10-12.05.2019
- Научна дебата „Ризиците и заканите по безбедноста на Република Македонија и регионот“, Скопје, 20.04.2015
- Тркалезна маса „Функционирањето на безбедносниот систем на РМ во кризна и сложена безбедносна состојба – менаџирање и справување со кризи“, Скопје 03.10.2016;
- „World Forum for Democracy“, Council of Europe, Strasbourg, France, 03-08.11.2016;
- Работилница „Security sector governance and reform (SSG/R)“, Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, Скопје, 08-10.05.2017
- Меѓународна конференција „Приватна и јавна безбедност – соработка и партнерство“, Денови на приватно обезбедување, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 26.10.2017
- Јавна расправа „Безбедносни дијалози за процесот на трансформација на Управата за безбедност и контразузнавање и механизми за контрола на следење на комуникациите“, Факултет за безбедност – Скопје, 09.11.2017;
- Јавна расправа „Надзорни механизми врз следењето на комуникациите“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 18.12.2017;

- „Annual Meeting of the Representatives of Defence and Security Committees from SEE Parliaments", во организација на RACVIAC – Centre for security cooperation и DCAF, Скопје, 25-26.06.2018;
- Косовско – Македонски безбедносен форум 2018, ААБ Колеџ, Приштина, Косово, 10-11.12.2018

Од листата за учество на домашни и странски научно - стручни собири, може да се заклучи дека кандидатот доц. д-р Ице Илијевски активно учествува на голем број научни и стручни собири, при што презентира научни и стручни сознанија од областа која претставува негов научен и стручен интерес.

## 5. Посебни услови за избор во наставно-научни звања

Според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, предвидени се три критериуми за оценка на кандидатот.

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br>Резултати од научно-истражувачка работа | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | **X** |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/) 1 | **X** |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | **X** |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | **X** |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | **X** |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | **X** |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | **X** |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | **X** |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од поширока научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство) | **X** |
| **вкупно исполнети услови од прв критериум** | **9** |

| ВТОР КРИТЕРИУМ<br>Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | **X** |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | **X** |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | **X** |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | **X** |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | **X** |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | **X** |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | **X** |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | **X** |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | **X** |
| **вкупно исполнети услови од втор критериум** | **9** |

| ТРЕТ КРИТЕРИУМ<br>Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | **X** |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | **X** |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | **X** |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | **X** |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | **X** |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или пошироката област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, | **X** |

| | |
|---|---|
| весник, зборник на трудови и сл.) | |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| **вкупно исполнети услови од трет критериум** | **6** |

Согласно член 16 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е предвидено дека за избор во наставно – научно звање вонреден професор потребно е да бидат исполнети најмалку четири посебни услови, од кои најмалку три треба да се од првите два критериуми. Кандидатот доц. д-р Ице Илијевски од поднесената документација може да се констатира дека од посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, вкупно има исполнето 24 (дваесет и четири), односно од првиот критериум – резултати од научно – истражувачка работа има исполнето 9 (девет) услови; од вториот критериум - резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок има исполнето 9 (девет) услови; додека од последниот, трет, критериум - стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност има исполнето 6 (шест) услови.

## 6. Оценка од самоевалуација

Во поткрепа на претходно наведените констатации, зборуваат и податоците од извршената евалуација, каде кандидатот д-р Ице Илијевски е позитивно оценет. Врз основа на спроведената внатрешна евалуација на Факултетот за безбедност – Скопје во 2017 година од страна на Комисијата за евалуација, севкупниот работен ангажман на доц. д-р Ице Илијевски е оценет со оценка 5 (пет). Вреднувањето на успехот кој произлегува од батерија на 15 анкетни прашања, е направен по посебна методолошка постапка.

Согласно извршената евалуација видно е дека кандидатот доц. д-р Ице Илијевски е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата, за време на нив е посветен, подготвен и предизвикува интерес кај студентите, користи интерактивни современи методи на наставата и ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес, стимулира дополнителна активност кај студентите, дополнителните активности се во функција на зголемување и продлабочување на знаењата по предметот, предметната настава ги проширува и продлабочува знаењата на студентите, обезбедува соодветна основна и дополнителна литература, отворен е и достапен за консултации и соработка и личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво.

Во однос на оценувањето на студентите се констатира дека испитните/колоквиумските прашања се во рамки на предметната програма и предвидената основна литература, содржината и структурата на прашањата овозможуваат објективно оценување и оцената е одраз на знаењата и постигнувањата на студентите.

Согласно горе наведеното рецензентската комисија го ценеше како позитивен извештајот од самоевалуацијата за кандидатот доц. д-р Ице Илијевски.

## III.
## ПРЕДЛОГ И МИСЛЕЊЕ

Рецензентската комисија од приложената пријава со соодветната документација констатира дека кандидатот доц. д-р Ице Илијевски во целост ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високо образование и посебните услови предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола за избор во наставно – научно звање вонреден професор во научните области Општа криминалистичка теорија (51 600) и Друго – Безбедносни науки (51 610).

Исто така, рецензентската комисија констатира дека кандидатот доц. д-р Ице Илијевски, во изминатиот период (2015-2019) пројавил мошне забележителна активност во сферата на наставно - педагошката дејност, научно - стручната работа, општествената дејност, учеството на научно - стручни конференции во Република Северна Македонија и странство, како и учество во организирање и реализирање на активности во рамките на Факултетот за безбедност - Скопје и Правниот факултет - Кичево.

Кандидатот доц. д-р Ице Илијевски во изминатиот период (2015-2019) согласно законот бил вклучен во одржување настава и вежби на повеќе предмети, покажувајќи голема одговорност, трудољубивост, инвентивност, колегијалност и подготвеност за извршување на сите задачи, придонесувајќи за целосно остварување на наставните програми и планови. Воедно се истакнува улогата на кандидатот како ментор и член на комисија на повеќе дипломски трудови како и магистерски работи. Посветеноста во работата се огледа и од изборот за ментор за практична работа на Факултетот за безбедност – Скопје каде остварил соработка со голем број државни и приватни институции од областа на безбедноста во интерес на студентите за реализирање на практична работа.

Во насока на потврда на стручната и општествената дејност се истакнува работата на кандидатот во голем број комисии и тела на Факултетот за безбедност – Скопје и Правниот факултет – Кичево, истакнувајќи ги своите организациски и менаџерски способности. Исто така, би го спомենале и неговиот работен ангажман како експерт во Советот за граѓански надзор при Собранието на Република Северна Македонија.

Особено е значаен богатиот научен опус на кандидатот изразен преку објавени два прирачници и голем број на научни и стручни трудови во референтни меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации како автор и коавтор како и учеството на научно - стручни конференции во земјата и странство. Тоа укажува на посветеноста на кандидатот кон научната работа од областа на безбедноста и криминалистиката како и желбата и заинтересираноста за негово стручно усовршување. Исто така, активно учествувал и во научно – истражувачки проект со што се докажува неговата способност за тимска работа.

Комисијата оценува дека се работи за квалитетен и перспективен кандидат кој се истакнува на сите полиња и едногласно и со особено задоволство има чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Правен факултет - Кичево да го прифати овој реферат и да му предложи **кандидатот доц. д-р Ице Илијевски да биде избран во наставно – научно звање Вонреден професор во научните области Општа криминалистичка теорија (51 600) и Друго - Безбедносни науки (51 610), со оглед дека ги исполнува пропишаните критериуми и условите предвидени во Законот**

**за високо образование за избор во наставно-научно звање и во Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.**

Скопје, 30.09.2019.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т С К А К О М И С И Ј А**

Ред. проф. д-р Злате Димовски, претседател, с.р.

Ред. проф. д-р Томе Батковски, член, с.р.

Ред. проф. д-р Борис Мургоски, член, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО (50804) НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО

Врз основа на член 172, став 1, 2 и 4, од Законот за високо образование (Сл. весник 82/2018), член 255 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (2019 година), член 25, 26 и 29 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (2018 година), а во врска со Конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област „Казнено право“ (50804) на Правниот факултет – Кичево, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ на ден 11.09.2019 година, Наставно – научниот совет на Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на 07.10.2019 година донесе одлука со бр.02-529/5 од 07.10.2019 година за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област „Казнено право“(50804) во состав:

1. **Вон. Проф. д-р Сејфула Османи – претседател**
2. **Вон. Проф. д-р Насер Адеми – член**
3. **Проф. д-р Светлана Николоска – член.**

Рецензентската комисија по разгледувањето на добиените материјали предвидени со условите на распишаниот конкурс, и врз основа на член 173, став 8 и 10 од Законот за високо образование и член 31 и 32 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на Наставно – научниот совет на Правниот факултет – Кичево му го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс единствено се пријави кандидатката д-р Пакиза Туфекџи, избрана за асистент-докторант по група предмети од областа на Казненото право на Правниот факултет – Кичево.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТКАТА

Кандидатката д-р Пакиза Туфекџи родена е на 25.10.1988 година во Кичево. Основното и средното образование кандидатката ги завршила во Кичево.

Д-р Пакиза Туфекџи дипломирала на Правниот факултет на отсек правни студии, со просечен успех 8,02 и се стекна со стручен назив **Дипломиран правник.**

Во учебната 2010/2011 година кандидатката се запишала на последипломски студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" – Скопје. Во текот на студирањето ги положила

сите испити со просечен успех 8,92 и во ноември 2012 година успешно го одбранила магистерскиот труд на тема „Туристички криминалитет “, по што се стекна со научен назив **Магистер по правни науки од областа на казненото право.**

Во учебната 2015/2016 година кандидатката се запишала на докторски студии од областа на казненото право на Правниот факултет при Универзитетот во Травник, Босна и Херцеговина. На 01.06.2019 година успешно го одбранила докторскиот труд на тема: „Provedbenopravni prikaz zakonskog i sudskog izbora krivično pravne sankcije počinitelju krivičnog djela“, по што се стекнала со научен степен **Доктор на правни науки од областа на казненото право.**

Дипломата број 01-26/19-Д издадена на 17.06.2019година од Правен факултет при Универзитетот во Травник, Босна и Херцеговина е призната како документ за завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен Доктор на правни науки од областа на казненото право со Решение за признавање на високообразовна квалификација во странство со број УП1 24-1522 од 20.08.2019година издадено од Министерството за образование и наука- Скопје.

Д-р Туфекџи одлично го говори и го користи англискиот јазик (што може да се утврди од приложениот сертификат), одлично го говори и го користи српскиот јазик, додека го користи и турскиот јазик. Во однос на компјутерски програми го владее и користи Microsoft Office пакетот, како и статистичкиот софтвер SPSS.

## 2. ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

На 25.12.2014 година со Одлука бр. 03-765/3, кандидатката е избрана за соработник по група предмети од областа на правните науки (Криминологија, Криминалистика, Казнено право – применета програма, Вовед во правото, Наследно право, Судски систем, Социјална патологија, Казнено право) на Правниот факултет - Кичево во соработничко звање Асистент – докторант.

По изборот во соработничко звање, кандидатката била ангажирана како асистент по следните предмети:

- На прв циклус, студиска програма Правни студии: Казнено право - применета програма, Криминологија, Криминалистика, Вовед во правото, Наследно право, Судски систем, Социјална патологија и Казнено право на Правниот факултет – Кичево и дисперзираните студии во Битола и Струга.

Согласно спроведената евалуација од академската 2016/2017 година, добиени се следните резултати:

- Во однос на првото прашање од анкетниот прашалник ***„Наставникот е соодветно подготвен за реализација на наставата“*** кандидатката е оценета со просечна оценка 4.62
- Во однос на второто прашање „***За време на наставата, наставникот е посветен и предизвикува интерес кај студентите***“, кандидатката е оценета со просечна оценка 4.66
- На третото прашање ***„Наставникот користи современи методи на наставна работа“***, кандидатката е оценета со просечна оценка 4.66

- При одговорите на четвртото прашање ***„Наставникот ги мотивира и вклучува студентите во наставниот процес“,*** кандидатката ја добила просечната оцена 4,64
- Во однос на петтото прашање „***Наставникот стимулира дополнителна активност за студентите***“, добиени се следните резултати (просечна оценка 4.64).
- На шестото прашање ***„Дополнителните активности се во функција на зголемување и проширување на знаењата од предметот“***, кандидатката е оценета со просечна оценка 4.66
- При одговорите на седмото прашање ***„Наставникот го реализира предвидениот фонд на часови“***, кандидатката е оценета со просечна оценка 4.68
- На осмото прашање ***„Наставникот обезбедува соодветна основна и дополнителна литература“,*** кандидатката е оценета со просечна оценка 4.6
- На деветтото прашање „***Наставникот применува современи технологии во реализацијата на наставата (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др.)“***, просечната оценка на кандидатката е 4,62
- Во однос на десеттото прашање „***Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво“***, добиена е просечната оценка 4,74
- На единаесеттото прашање ***„Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка со студентите“,*** просечната оценка на кандидатката е 4,57
- Во однос на дванаесеттото прашање „***Испитните/колоквиумските прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература***“, добиена е просечната оценка 4,62
- На одговорите на тринаесеттото ***прашање „Содржината и структурата на испитните/колоквиумските прашања овозможуваат објективно оценување***“, просечната оценка на кандидатката е 4,5
- Од одговорите на четиринаесеттото прашање ***„Оценката е одраз на знаењата и постигнувањата на студентите“,*** просечната оценка на кандидатката е 4,62.

Од резултатите од извршената внатрешна евалуација, произлегува дека кандидатката е позитивно оценета за квалитетна реализација на наставните обврски и тоа на современ начин кој ги мотивира студентите на интерактивна работа, им овозможува соодветна задолжителна и дополнителна литература и е достапна за дополнителни консултации.

Во текот на 5- те академски години по однос на претходно наведените предмети на кои била ангажирана како соработник, д-р Пакиза Туфекџи континуирано одржувала вежби, одговорно ги исполнувала своите обврски, остварувала контакти и консултации со студентите, со високо ниво на оперативност, кооперативност, одговорност и дисциплина при исполнувањето на обврските.

## 3.СТРУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

- Во периодот 2013-2014година, во согласност со работните ангажмани од тој период кандидатката волонтирала во Основниот суд во Кичево.

- Во ноември 2018 година д-р Пакиза Туфекџи активно учествува во изработката на „Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Северна Македонија“ при Влада на РСМ.

Кандидатката одржала предавања и надвор од редовната настава и тоа:

- Трибина на тема: Младите и нивното место во општеството“, Кичево, мај 2018 година на која учествуваа средношколците од гимназијата Мирко Милески – Кичево.
- Трибина на Правниот факултет „Безбедно на интернет “, Кичево, април, 2019 година на која гости беа учениците од средните училишта Мирко Милески и Дрита од Кичево.
- Предавање на тема „Безбедно на интернет“,им беше одржано на деветто одделенците од основното училиште „Кузман Јосифоски- Питу“, на покана на наставничкиот колегиум, Кичево мај, 2019

Кандидатката д-р Пакиза Туфекџи учествувала на бројни домашни и меѓународни конференции и настани меѓу кои:

- Меѓународна научна конференција “Towards a Better Future: The Rule of Law, Democracy and Polycentric Development”, 11 – 12 мај, 2018 година, Битола, Република Македонија,
- Меѓународна научна конференција “Security, Political and Legal Challenges of Modern World”, 19 – 21 октомври, 2018 година, Битола, Република Северна Македонија;
- Меѓународна научна конференција “Towards a Better Future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice”, 10 – 12 мај, 2019 година, Битола, Република Северна Македонија.

## 4. ПРЕГЛЕД НА ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Д-р Пакиза Туфекџи е автор на 8 рецензирани научни и стручни трудови објавени во референтни меѓународни научни списанија, меѓународни научни публикации, кои се презентирани на меѓународни научни конференции во земјата или во странство.

- Листа на објавени трудови:

1. Ass. M-r. Tufekdji Pakiza, Tourism and crime, The power of knowledge” KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative papers V9 ISSN 1857-92 - INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT SKOPJE, MACEDONIA,2015
2. Ass. M-r. Tufekdji Pakiza, Economic criminality, INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT SKOPJE, MACEDONIA- (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International Vol. 3, No.2, 2015. ISSN: 2334-7449,2015
3. Ass.M-r. Tufekdji Pakiza,System of penalty, INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT SKOPJE, MACEDONIA- (JPMNT) Journal of Process

Management – New Technologies, International Vol. 3, No.2, 2015. ISSN: 2334-744, 2016

4. Ass.M-r. Tufekdji Pakiza, Protected witness in macedonian criminal legislation, International Scientific Conference: Towards a Better Future: The Rule of Law, Democracy and Polycentric Development, Faculty of Law-Kichevo, Bitola 2018
5. Ass.M-r. Tufekdji Pakiza, Violence on sports matches, International Scientific Conference: Security, Political and Legal Challenges of the Modern World, "St. Kliment Ohridski" University-Bitola, Hanns Seidel Foundation, Bitola 2018
6. Prof.Dr. Jakimoski Laze, Ass.M-r. Tufekdji Pakiza, Characteristic of the substantive law, XIX International Scientific Conference, KNOWLEDGE IN PRACTICE 14 – 16 DECEMBER, Bansko,R.Bulgaria, 2018
7. Ass.M-r.Tufekdji Pakiza,Prof.Dr. Jakimoski Laze, Development of the inheritance law in the Republic of Macedonia, International Scientific Conference: Towards a Better Future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice, Faculty of Law-Kichevo, Bitola 2019
8. Prof. Dr. Veljanovska Svetlana, Prof.Dr Dukoski. Sasha , Ass. M-r Tufekdji Pakiza, The Constitutional Judiciary in Bosna and Hercegovina, specifications and challenges, Towards a Better Future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice, Faculty of Law-Kichevo, Bitola 2019

## 5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА

Според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола (2018 година) предвидени се три критериуми за оценка на кандидатот.

## ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br><br>**Резултати од научно истражжувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | |

| | |
|---|---|
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/) 1 | |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општите услови за избор во соодветното звање. | X |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание. | |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | X |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од пошироката научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство) | |
| ***Вкупно исполнети услови од прв критериум*** | **2** |

| ВТОР КРИТЕРИУМ<br><br>Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | **X** |
| ***вкупно исполнети услови од втор критериум*** | **1** |

| ТРЕТ КРИТЕРИУМ<br>Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | **X** |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | **X** |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или поширокота област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | **X** |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| ***вкупно исполнети услови од трет критериум*** | **3** |

| **ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМ** | **6** |
|---|---|

Согласно член 15 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е предвидено дека за избор во

наставно – научно звање доцент потребно е да бидат исполнети најмалку два посебни услови, од било кој критериум од Анекс 1 од Правилникот.

Д-р Пакиза Туфекџи од посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, вкупно има исполнето 6 (шест).

За исполнетоста на условите, кандидатката има доставено соодветна документација

## 6. ЗАКЛУЧНА ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на досегашната педагошка, стручна и општествена дејност, како и научна, стручна, истражувачка и апликативна дејност, учеството на Меѓународни научни конференции, Комисијата констатира дека кандидатката покажува континуиран, сериозен и плодотворен однос кон развојот на професијата, притоа давајќи значаен придонес во областите во кои се избира. Исто така, констатира дека кандидатката д-р Пакиза Туфекџи ги исполнува предвидените општи услови од член 166, став 2 од Законот за високо образование (Сл. весник 82/2018) и посебните услови предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно – стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (2018 година) за избор во наставно – научно звање доцент.

Во однос на педагошката дејност на кандидатката, Комисијата констатира дека д-р Пакиза Туфекџи се истакнува со исклучително одговорно, професионално и посветено исполнување на обврските, притоа секогаш со принципиелен, коректен и објективен однос кон студентите, што всушност е потврдено и со позитивните оценки на извршената внатрешна евалуација.

Во насока на стручната и општествената дејност, д-р Пакиза Туфекџи од 2014 година од нејзиниот избор за асистент – докторант е активно вклучена во работата на Правниот факултет- Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Исто така, кандидатката, покрај редовните предавања, одржала и неколку предавања на трибини и други настани, што укажува дека кандидатката го споделува своето знаење и мислење во врска со општествените проблеми и предизвици.

Научната, стручна, истражувачка и апликативна дејност на кандидатката, д-р Пакиза Туфекџи, укажува дека таа има сериозен интердисциплинарен творечки опус, изразен преку објавените научни трудови во референтни меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации кои се индексирани во меѓународни бази, и се цитирани од одреден број автори.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно – научниот совет на Правниот факултет – Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола да го прифати овој Извештај и да ја избере **д-р Пакиза Туфекџи** во звањето **ДОЦЕНТ во научната област „Казнено право“ (50804).**

**Рецензентска комисија**

1. Вонреден професор д-р Сејфула Османи, претседател, с.р.
2. Вонреден професор д-р Насер Адеми, член, с.р.
3. Редовен професор д-р Светлана Николоска, член, с.р.

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр 02-529/24
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Индустриски дизајн како дел од правото на индустриска сопственост-компаративна анализа на законодавството на Р.С. Македонија и Р.Бугарија " , од кандидатот Стефан Стојанов, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019** година
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен факултет - Кичево
Бр. 02-529/28
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Заштита на работнички права во договорот за работа " , од кандидатот Стефан Јошевски, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019** година
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр 02-529/22
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Европски затворски правила,со посебен осврт на забраната од членот 3 од ЕКЧП " , од кандидатот Хадиса Малиќи, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3**. Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр. 02-529/25
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Договор за доживотна издршка со компаративен преглед од земјите на ЕУ " , од кандидатот Кети Штерјоска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019 година**
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр 02-529/26
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Нужни наследници и легати во македонското и споредбеното право “ , од кандидатот Емилија Димитријеска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019** година
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр 02-529/27
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Фемициди-облик на родово засновано насилство " , од кандидатот Наталија Василевска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр 02-529/28
07.10. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.10.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **Постапка за рефундација и суброгација кај штети со задолжително осигурување и улогата на адвокатот при остварувањето на тоа право " , од кандидатот Александар Маринковски, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.10.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

127

Врз основа на член 57 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, на предлог од Советот за втор циклус студии на Електротехника, Наставно-научниот совет при Технички факултет - Битола на седницата одржана на 29.10.2019 година, донесе

О Д Л У К А

за прифаќање наслов на тема на магистерски труд

1.Се прифаќа насловот на магистерскиот труд „Техничко економски критериуми за избор на дисперзирано производство на приклучок на дистрибутивна мрежа", од кандидатот Благој Илиевски, студент на втор циклус студии на Електротехника.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до: кандидатот, архивата, досието, Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола

Бр.02. 878/10
29.10.2019 г.
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Д е к а н
Ред.проф д-р Стојанче Нусев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Универзитет „Св. Климент Охридски" ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ БИТОЛА

128

Врз основа на член 57 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, на предлог од Советот на втор циклус студии на Графичко инженерство и дизајн Наставно-научниот совет при Технички факултет - Битола на седницата одржана на 29.10.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## за прифаќање наслов на тема на магистерски труд

1.Се прифаќа насловот на магистерскиот труд „Функционирање на мало дизајнерско студио", од кандидатот Димитар Тутковски, студент на втор циклус студии на Графичко инженерство и дизајн.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до: кандидатот, архивата, досието, Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола

Бр.02. 878/11
29.10.2019 г.
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Д е к а н
Ред.проф.д-р Стојанче Нусев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Универзитет „Св. Климент Охридски" ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ БИТОЛА